Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЗА 2017 ГОДИНА

март, 2018 година

## СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 4
1. МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ – ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ГОДИНА ..... 9
2. МИСЛЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ВО ОДНОС НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ ..... 13
3. ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ..... 14
4. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ..... 17
5. РОДОТ ВО МЕДИУМИТЕ ..... 24
6. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2022 ГОДИНА ..... 27
7. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 28
8. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 37
9. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 38
10. ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ..... 41
11. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ..... 42
13. ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 45
14. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ..... 47
15. ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ..... 55
16. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ..... 58
17. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 63
18. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ..... 72
19. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ..... 74
20. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 78
21. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ..... 81
22. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 82
23. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 88

**ПРИЛОЗИ:**

1. Прегледи на изречени мерки ..... 93
2. Извештај за реализација на Годишниот план за програмски надзор во 2017 година .... 113
3. Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2017 година со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски ..... 121

# ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги обезбедува отчетност за своето работење преку поднесување годишни извештаи до Собранието на Република Македонија. Покрај тоа, годишните извештаи Агенцијата ги објавува и на својата веб страница, со што ги прави достапни за јавноста. Надлежностите на Агенцијата се утврдени во членот 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој таа:

- се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите,
- ја поттикнува слободата на изразување,
- се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите,
- се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица,
- ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон;
- се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги,
- утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација,
- одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување,
- презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија согласно со членот 45 од овој закон,
- донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија,
- поттикнува медиумска писменост,
- врши надзор согласно со членовите 28, 29 и 30 од овој закон,
- ги води регистрите утврдени со овој закон;
- спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и
- врши и други работи утврдени со овој закон.

Покрај тоа, Агенцијата е надлежна и за имплементација на дел од одредбите од Законот за медиуми, со којшто се пропишуваат основните начела и услови што треба да бидат исполнети од страна на издавачите на медиуми утврдени со овој закон при вршење на дејноста. Како што е утврдено во членот 1 став 2, предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиумите и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините. Покрај радиодифузерите, согласно дефиницијата во членот 3, како издавачи на медиуми се сметаат и издавачите на печатени медиуми. Агенцијата врши исклучиво административен надзор над нивното работење и тоа само над исполнувањето на обврските за обезбедување на заштита на

малолетни лица, обврската за именување одговорен уредник, обврската за објавување импресум и обврската за обезбедување јавност во работата. Врз основа на овој закон Агенцијата спроведува и административен надзор над радиодифузерите, и тоа само од аспект на исполнувањето на обврската за објавување импресум и обврската за обезбедување јавност во работата.

Дополнително, надлежности за Агенцијата се утврдени и во Изборниот законик, според кој таа е должна да го следи изборното медиумско претставување на програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

Согласно одредбите од член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во овој Извештај се опфатени активностите што во 2017 година Агенцијата ги презеде за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за 2017 година и на Годишниот план за програмски надзор за 2017 година.

Првиот дел од Извештајот ги сублимира активностите на Агенцијата во врска со мониторингот на изборното медиумско претставување за време на Локалните избори во 2017 година. Агенцијата започна со мониторинг на 07 август, односно наредниот ден откако Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша изборите. Се до започнувањето на изборната кампања, предмет на мониторинг беа два телевизиски и два радио програмски сервиси на МРТ, 14 комерцијални телевизии на државно ниво и две комерцијални радиостаници на државно ниво. За сите останати програмски сервиси мониторингот се вршеше врз основа на претставки. Со овој мониторинг не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик, но беше регистрирано непочитување на професионалните новинарски стандарди и принципи кај две комерцијални телевизии и непочитување на сопствените правила за известување кај јавниот сервис. Со започнувањето на изборната кампања на 25 септември, предмет на мониторинг беа вкупно 86 радио и телевизиски станици. За прекршувањата на Изборниот законик што беа констатирани со мониторингот, Агенцијата покрена 14 прекршочни постапки против радиодифузерите и одговорните лица на радиодифузерите. Спроведениот мониторинг беше позитивно оценет и од Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, кои во својот Конечен извештај за Локалните избори 2017 наведоа дека *„ААВМУ ја докажа својата професионалност во тек на изборите, целосно остварувајќи го својот мандат“.*

Во извештајната година во Република Македонија беше отворен процесот за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во два наврати Агенцијата ги изнесе своите мислења, ставови и забелешки во однос на предложените измени.

Во третиот дел од Извештајот се опфатени активностите на Агенцијата во врска со почитувањето на професионалните новинарски стандарди и говорот на омраза во програмите на радиодифузерите. Овие активности се одвиваа во две насоки – од една страна Агенцијата спроведуваше надзори (шест за дискриминација и говор на омраза и исто толку за почитување на начелата при вршење на дејноста), а од друга страна организираше низа едукативни активности. Со оглед на тоа дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2014 година, за прекршување на овие одредби не се предвидени казнени мерки во ингеренција на Агенцијата, нејзината реакција се

сведуваше на јавна осуда и барање реакција од Комисијата за заштита од дискриминација (надлежна за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација) и од Основното јавно обвинителство (Кривичен законик). Обидите за соработка иницирани од Агенцијата ретко вродуваа со позитивни резултати.

Во 2017 година, Агенцијата реализираше поголем број активности за поттикнување на медиумската писменост во земјата: иницираше формирање на Мрежа за медиумска писменост на Република Македонија, којашто брои 35 основачки членки (министерства, државни институции, високообразовни установи, граѓански здруженија и организации); заедно со дел од членовите на Мрежата, подготви едукативен материјал за медиумската писменост наменет за основните училишта во земјата; ја финализираше изработката на посебна веб страница наменета исклучиво за медиумската писменост; отпечати леток кој на едноставен начин ги објаснува основните начела на медиумската писменост; адаптираше и промовираше видео спот од ЕАВИ за подигнување на свеста во врска со медиумската писменост, и друго.

И оваа година, Агенцијата изработи анализа на родовите прашања и на начинот на претставувањето и прикажувањето на жените и мажите во програмските концепти и содржини на радиодифузерите, коишто ги достави до Собранието на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика, за да бидат искористени при креирањето на политиките во врска со прашањата за родова еднаквост. Овие, како и останатите активности на Агенцијата во врска со прашањата за родот во медиумите се опфатени во петтиот дел од овој Извештај.

Во мај 2017 година, Агенцијата го означи официјалниот почеток на подготовка на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година, којашто има за цел да се мапираат состојбите во дејноста, да се утврдат цели и насоки за развој во следните пет години, како и конкретни активности што треба да бидат преземени за остварување на овие цели.

Во седмиот дел од извештајот се опфатени сите надзори (програмски, административни и стручни) што во извештајната година ги спроведе Агенцијата за да се утврди почитувањето на обврските што за радиодифузерите произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Законот за медиуми, како и констатациите од овие надзори. Во 2017 година, над работењето на радиодифузерите Агенцијата спроведе вкупно 121 програмски надзор (од кои 92 редовни, 20 вонредни и девет контролни), вкупно 61 административен надзор (од кои 43 редовни, еден вонреден и 17 контролни) и четири стручни надзори.

Покрај тоа, Агенцијата го следеше и исполнувањето на обврската на радиодифузерите да обезбедат јавност во работењето, за што четири пати во текот на годината спроведе надзори над сите радиодифузери кои во утврдените рокови емитуваа радио или телевизиска програма и уште три контролни надзори над оние радиодифузери кај коишто со редовните надзори беше констатирано дека не ја исполниле обврската.

Во насока на заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата постапуваше по претходно поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите, а презеде и низа активности за следење на сопственоста кај радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби

поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација.

По претходно доставена уредна и комплетна пријава од нивна страна, на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Агенцијата им издаде вкупно 366 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Следејќи го исполнувањето на обврските што во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се утврдени за овие субјекти, Агенцијата спроведе вкупно 34 надзори над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 21 редовен, шест вонредни и седум контролни надзори (едниот од нив на 24 оператори).

Во 2017 година, Агенцијата спроведе вкупно 16 административни надзори над издавачите на печатени медиуми, и тоа шест редовни, пет контролни и пет вонредни надзори. Од нив, 14 се однесуваа на исполнувањето на обврската за објавување импресум, а два на исполнувањето на обврската за обезбедување јавност во работењето.

За констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и на подзаконските акти, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во извештајната година Агенцијата презеде вкупно 97 мерки, од кои: 56 решенија за преземање мерка – опомена (од нив 41 за радиодифизерите, осум за издавачите на печатени медиуми и седум за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи); една прекршочна постапка против радиодифузер; покрена вкупно 28 постапки за одземање на дозвола (од кои само три завршија со одземање на дозволата, а останатите беа запрени поради тоа што радиодифузерите го усогласија работењето со одредбите од законот) и донесе 12 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Во извештајната година, по претходно распишан јавен конкурс, Агенцијата донесе две одлуки за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, од кои една за подрачјето на општина Куманово и втората за подрачјето на општина Кривогаштани. Доделени беа и три дозволи за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и тоа една за емитување на државно, една на регионално и една на локално ниво.

Агенцијата изработи и повеќе анализи, истражувања и други документи, меѓу кои: „Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година“, „Насоки за идентификација на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање“, „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година“, „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип“, „Анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за 2016 година“, „Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2016

година“, “Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година“, „Анализа на поведените управни спорови против акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во периодот од јануари 2016 година до декември 2016 година)“ и друго.

Во извештајната година Агенцијата презеде низа активности на полето на меѓународната соработка: учествуваше во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област - Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), оствари соработка со други регулаторни тела, особено со регулаторните тела од регионот. Покрај тоа беше остварена соработка и со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР, за активностите поврзани со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања.

Транспарентноста во работењето Агенцијата ја обезбедуваше преку организирање јавни состаноци, комуникација со јавноста, како и преку редовно ажурирање на својата веб страница и тоа на македонски, албански и англиски јазик и унапредување на Јутуб-каналот преку којшто во живо се пренесуваат сите седници на Советот и јавните состаноци на Агенцијата.

# 1. МОНИТОРИНГ НА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ – ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ГОДИНА

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша Локалните избори на 6 август 2017 година. Според Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси[1], Агенцијата започна со мониторинг на 7 август 2017 година, наредниот ден по распишувањето на изборите.

Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања, предмет на мониторинг беа два телевизиски и два радио сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ), 14 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Сонце, ТВ Наша, ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Сител 3, ТВ АРТ Чаннел, ТВ 21-М, ТВ Шења и ТВ Нова) и две комерцијални радија на државно ниво (Радио Канал 77 и Радио Слободна Македонија). До почетокот на изборната кампања, за сите други програмски сервиси, Агенцијата вршеше мониторинг врз основа на претставки.

До почетокот на изборната кампања, освен вработени во Стручната служба на Агенцијата, за мониторинг беа ангажирани и седум надворешни соработници. Мониторингот беше фокусиран на одредбите од Изборниот законик што се применуваат во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања. Се следеше 24-часовната програма на телевизиите и радијата, а се анализираа централното издание на вестите и посебните информативни програми (интервјуа, дебати и други информативни програми).

Веднаш по распишувањето на изборите, Агенцијата:

- На својата веб страница креираше посебен дел посветен на изборите (банерот ИЗБОРИ 2017), во кој беа сместени сите релевантни документи за овој изборен процес на македонски, на албански и на англиски јазик;
- Испрати известување до сите радиодифузери со потсетување за обврските од Изборниот законик што се применуваат до започнување на изборната кампања;
- Ја извести јавноста за отпочнување на мониторингот на медиумите, за посебниот банер на веб страницата каде што ќе можат да ги најдат сите документи поврзани со мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори 2017, за начинот како да се испрати претставка за медиум, како и за роковите на медиумите за доставување ценовници за платено политичко рекламирање;
- Одржа работен состанок (на 11 август 2017 година) со одговорните уредници и други претставници од медиумите што беа предмет на мониторинг во периодот пред изборната кампања.

Во периодот од првите пет дена по распишувањето на изборите, односно заклучно со 11 август 2017 година, во согласност со обврската утврдена во Изборниот законик, најголем

[1] Методологијата е достапна на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/09/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

дел од радиодифузерите доставија ценовници за платено политичко рекламирање за време на изборната кампања. По законски утврдениот рок, пристигнаа ценовниците на една национална (ТВ АРТ ЧАННЕЛ) и на две локални телевизии (Г-ТВ и ТВ Дибра), како и на пет локални радија (РА Мерак 5 ФМ, РА Ррапи, РА Акорд, РА Дрини и РА 5 Чоки). Прегледот на пристигнати ценовници за платено политичко рекламирање (ППР) беше објавен на веб страницата во посебниот банер и испратен до Државната изборна комисија (ДИК) во рамки на вториот седмичен извештај. Ценовници не доставија две од вкупно 14 комерцијални телевизии што емитуваат програма на државно ниво (една од нив извести дека нема да емитува ППР), четири од вкупно 26 регионални телевизии (исто така една од нив извести дека нема да емитува ППР) и една од вкупно 22 локални телевизии. Сите четири радија што емитуваат програма на државно ниво доставија ценовници за платено политичко рекламирање. Од вкупно 16 регионални радија две не доставија ценовници, а од вкупно 47 локални радија 17 (две од нив известија дека нема да емитуваат ППР).

Според востановената пракса, за начинот на известување во вестите и другите информативни програми, Агенцијата објавуваше извештаи за секој период од 10 дена. За прекршувањата на одредбите од Изборниот законик, извештаи се подготвуваа веднаш по констатирањето на прекршувањата.

Во периодот пред започнување на изборната кампања беа објавени пет десетдневни извештаи за начинот на известување на радиодифузерите во централните вести и во другите информативни програми – од 7 до 16 август 2017 година; од 17 до 26 август 2017 година; од 27 август до 5 септември 2017 година; од 6 до 15 септември 2017 година; и од 16 до 24 септември 2017 година. Во периодот од распишување на изборите до почетокот на изборната кампања не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик. Беше регистрирано непочитување на професионалните новинарски стандарди и принципи кај ТВ Нова и ТВ Алфа и непочитување на сопствените правила за изборите кај Првиот телевизиски програмски сервис на јавниот радиодифузен сервис (МРТ1). Сите извештаи и клучните наоди во нив беа најавени преку соопштенија за јавноста, беа испратени до сите радиодифузери преку електронска пошта и достапни за цела јавност во посебниот банер на веб страницата на Агенцијата.

Во периодот пред започнување на изборната кампања, Агенцијата доби три претставки за начинот на известување на три радиодифузери. Две од претставките беа од Медиа Мониторинг Центарот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија за емитувани прилози во вестите на ТВ Сител и на ТВ Алфа на 22 септември 2017 година, со чија содржина според нив *„недвосмислено се потврдува започнување на изборна кампања“*, спротивно на роковите утврдени во член 69-а од Изборниот законик. Имајќи предвид дека за предвремено започнување на изборна кампања се одговорни учесниците во изборниот процес, а не медиумите и дека согласно член 69-а став 3 од Изборниот законик, за непочитување на член 69-а ставови 1 и 2, постапува Државната изборна комисија, Агенцијата одговори на двете претставки и истите ги препрати во ДИК во рамки на вториот дневен извештај на Агенцијата за 26 септември 2017 година. Третата претставка беше поднесена од анонимен граѓанин за прилог емитуван во дневно-информативната емисија „Актуел“, на 12 септември 2017 година, на регионалната телевизија ТЕРА. Прилогот беше за активност на Наташа Петровска, советник од редовите на СДСМ во Општина Битола, а поднесувачот на претставката го спореше во

однос на член 75-б од Изборниот законик (известувањето за редовните активности на органите на власт не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект). Со мониторингот на ова издание на емисијата Актуел, врз основа на снимките доставени од ТВ ТЕРА, беше констатирано дека претставката е неоснована.

На 25 септември 2017 година, со почетокот на кампањата, започна и мониторингот на Агенцијата на овој период од изборниот процес. Со овој мониторинг беа опфатени вкупно 86 радио и телевизиски програмски сервиси. Мониторингот на 40 од нив се вршеше преку анализа на снимки од нивната програма, а на останатите 46 преку анализа на нивните извештаи за емитуваната програма што ги доставија во Агенцијата по завршување на изборите. За потребите на овој мониторинг, дополнително беа ангажирани уште 14 надворешни соработници. Заедно со вработените во Стручната служба на Агенцијата, во мониторингот на медиумското покривање на изборниот процес за време на изборната кампања беа вклучени вкупно 35 лица.

Пред почетокот на изборната кампања, на 22 септември 2017 година, Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери во Република Македонија со кој ги потсети на изборните правила за медиумско претставување за време на изборната кампања и на Методологијата за мониторинг. Покрај тоа, третиот јавен состанок на Агенцијата што се одржа на 27 септември 2017 година, меѓу другото, беше посветен на презентација, односно повторно потсетување на правилата за изборно медиумско претставување од Изборниот законик во контекст на Локалните избори 2017 година и на Методологијата според која Агенцијата го врши мониторингот. На состанокот беа поканети сите радија и телевизии во Република Македонија и други релевантни субјекти, а се пренесуваше во живо на Јутјуб каналот на Агенцијата. Презентациите од работилниците/средбите со радиодифузерите посветени на правилата за периодот пред кампања и за време на изборната кампања беа објавени во банерот ИЗБОРИ 2017.

Врз основа на обврските утврдени во член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу Агенцијата и ДИК на 04.02.2016 година, Агенцијата од денот на распишување на изборите доставуваше седмични извештаи до членовите на ДИК во кои информираше за своите активности. Доставени се седум седмични извештаи до ДИК, на 14, 21 и 28 август, и на 4, 11, 18 и 25 септември 2017 година. Со почетокот на кампањата, Агенцијата доставуваше дневни извештаи до ДИК. Извештаите беа објавени на веб страниците на двете институции. Во рамки на петтиот дневен извештај на Агенцијата до ДИК, за 29 септември 2017 година, Агенцијата побара мислење од ДИК за тоа како да се обезбеди платено политичко рекламирање на кандидатите на групи избирачи, имајќи предвид дека член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, кој се однесува на дозволеното време за платено политичко рекламирање и начинот на негова распределба на реален час емитувана програма, не предвидува време за платено политичко рекламирање на независните кандидати, а истиот член ги обврзува медиумите на сите учесници во изборниот процес да им обезбедат рамномерен пристап за платено политичко рекламирање. Недостатоците на оваа и на други одредби од Изборниот законик поврзани со медиумското претставување, Агенцијата ги воочи одамна. За ова го информираше Министерството за правда уште во јануари 2016 година (за други забелешки извести во дописите од ноември и од декември 2015 и во август 2016 година), а во март 2017 година, на оваа тема го посвети јавниот

состанок на кој даде и конкретни препораки во која насока треба да се направат измените. Сето ова е јавно објавено и достапно на веб страницата на Агенцијата.

Изборната кампања во првиот круг од Локалните избори 2017 година, траеше од 25 септември до 13 октомври 2017 година. За начинот на известување на радиодифузерите во периодот на кампањата Агенцијата во два наврати објави поединечни извештаи за секој медиум опфатен со примерокот. Првите извештаи се однесуваа на периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година, а вторите за периодот од 5 до 13 октомври 2017 година. Во првите 10 дена од кампањата, неизбалансирано покривање на изборите беше констатирано само кај ТВ Алфа, што емитува програма на државно ниво, додека во последните девет дена од кампањата во првиот круг, неизбалансирано покривање беше констатирано само кај регионалната ТВ КТВ со седиште во Кавадарци. За двете телевизии беа покренати прекршочни постапки.

За време на изборната кампања од првиот круг на изборите беа констатирани уште шест прекршувања на Изборниот законик, за кои се поведени прекршочни постапки. Две постапки беа за надминување на дозволените лимити за платено политичко рекламирање против националните телевизии Нова и Алсат-М, две против националните телевизии 24 Вести и Алфа во врска со правилата за објавување резултати од испитувања на јавното мислење и две против националната ТВ 21-М и регионалната ТВ Стар за емитување платено политичко рекламирање во посебни информативни емисии.

За време на изборниот молк од првиот круг на Локалните избори, прекршување беше констатирано само кај регионалната ТВ ЕДО со седиште во Скопје.

Изборната кампања во вториот круг од Локалните избори 2017 година траеше од 16 до 27 октомври 2017 година. За начинот на известување на радиодифузерите во вториот круг од изборите, за периодот од 18 до 27 октомври (последните 10 дена од кампањата), Агенцијата објави поединечни извештаи за 31 програмски сервиси опфатени со примерокот (од националните медиуми – МРТ1, МРТ2, Македонско радио 1, Македонско радио 3, Собраниски канал, ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 24 Вести, ТВ Нова, ТВ 21-М, ТВ АРТ Чаннел и ТВ Шења; од регионалните медиуми – ТВ Ускана Еден, ТВ Коха, ТВ Ултра, ТВ Кисс, ТВ Стар, ТВ Ирис, ТВ КТВ, ТВ ХДТВ Канал Плус, ТВ ЕДО, ТВ Шутел, ТВ Канал 3 и ТВ ЕРА; и од локалните медиуми – ТВ Дибра, ТВ Протел, Г-ТВ и ТВ ДУЕ).

Кај два медиума – ТВ Алфа и ТВ Нова, во вториот круг од кампањата беше констатирано пристрасно покривање на кампањата во полза на еден учесник во изборната кампања – ВМРО-ДПМНЕ. Против двата медиума беа покренати прекршочни постапки. За време на изборната кампања од вториот круг на Локалните избори беа констатирани уште две прекршувања на Изборниот законик за кои беа покренати прекршочни постапки (против ТВ 21-М за емитување платено политичко рекламирање без означен нарачател и против ТВ Нова за надминување на лимитите за платено политичко рекламирање).

За време на изборниот молк од вториот круг на Локалните избори, прекршување беше констатирано само кај Македонско радио 1.

За време на Локалните избори 2017 година беа поведени вкупно 14 прекршочни постапки за повреди на Изборниот законик против шест програмски сервиси што емитуваат програма на државно ниво (11 постапки) и против три сервиси на регионално ниво (три постапки).

До крајот на изборите стигнаа уште три анонимни претставки за начинот на известување на ТВ ТЕРА и ТВ Орбис, двете со седиште во Битола. За ТВ Тера претставката беше неоснована, а за двете претставки против ТВ Орбис, поради недостиг на снимки, се обративме за податоци кај медиумот. Според разговорот со претставник од медиумот беше констатирано дека и овие претставки се неосновани. Поврзана со изборната кампања беше уште една претставка за прилози емитувани на регионалните телевизии со седиште во Штип – ТВ Ирис и ТВ Стар. Претставката беше неоснована затоа што барањата на поднесувачот упатени кон медиумите беа надвор од законски загарантираното право на исправка, односно одговор на објавени информации.

На 11 ноември 2017 година, по одлука на Управен суд, беше организирано прегласување во едно избирачко место во општина Чаир каде за функцијата градоначалник се натпреваруваа кандидатите од ДУИ и БЕСА. Оттаму, на 10 и на 11 ноември 2017 година до 19 часот беше изборен молк за медиумите на државно и регионално ниво во регионот Д1 – Скопје. Со мониторингот на овој изборен молк беа констатирани ситни неправилности кај повеќе радиодифузери кои не беа доволна основа за покренување прекршочни постапки.

Спроведениот мониторинг беше позитивно оценет и од Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, кои во својот Конечен извештај за Локалните избори 2017 наведоа дека „ААВМУ ја докажа својата професионалност во тек на изборите, целосно остварувајќи го својот мандат“.

## 2. МИСЛЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ВО ОДНОС НА ПРЕДЛОЖЕНИТЕ МЕДИУМСКИ РЕФОРМИ

На 29 ноември минатата година, Агенцијата, до Министерството за информатичко општество и администрација достави Мислење за Предлог- законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од октомври 2017 година. Во Мислењето се содржани забелешки за предложените одредби во однос на: мерките кои се изрекуваат во случај на повреда на прописите; стручниот надзор; глобите за непочитување на професионалните стандарди; доделувањето дозвола без јавен конкурс; квотите за изорно создадена програма, музика и за производство на домашна документарна и играна програма; рекламирањето на програмските сервиси на МРТ; титлувањето на програмските сервиси што се реемитуваат преку операторите на јавни електронски комуникациски мрежи; мерењето на гледаноста и слушаноста на програмите.

Истовремено, во Мислењето, е повторен ставот на Агенцијата по предложените реформи во медиумскиот сектор (јавно објавен во јули 2017 година) дека со предложените измени не се обезбедува подобрување на состојбите во медиумската

област. Наместо фокусот да биде на кадровските промени во регулаторот и јавниот сервис, тој треба да биде ставен на зголемување на професионалноста на медимите, на подобрување на условите за вршење на дејноста и јакнење на работните и професионалните права на новинарите и другите медиумски работници; нивното достоинство, безбедност и сигурност; како и на јакнење на саморегулацијата на медиумите. Агенцијата реагираше и на оценките изнесени во Предлог-законот дека Агенцијата не е независна и професионална институција и дека била нем сведок на негативните појави како "говор на омраза" и отсуството на политички плурализам.

Мислењето на Агенцијата е достапно на веб страницата на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2018/02/Dostavuvanje-mislenje-na-Agencijata-za-Pregdlog-Zakonot-za-imenuvanje-i-dopolnuvanje-na-Zakonot-od-oktomvri-2017-do-MIOA.pdf

## 3. ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА

Законската регулатива која се однесува на професионалните стандарди и говорот на омраза во програмите на радиодифузерите во 2017 не претрпе измени, така што дејствувањето на Агенцијата продолжи следејќи ја истата практика на постапување: од една страна вршење надзори[2] и објавување на извештаите, а од друга страна спроведување низа едукативни активности.[3]

Со оглед на тоа дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2014 година, за член 48 - посебни забрани за емитување содржини кои повикуваат на агресија, уривање на уставниот поредок, оружено насилство, дискриминација, поттикнување и ширење омраза врз основа на раса, пол, религија или националност[4], не се предвидени казнени мерки во ингеренција на Агенцијата, нејзината реакција се сведува на јавна осуда и барање реакција од Комисијата за заштита од дискриминација (надлежна за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација) и од Основното јавно обвинителство (Кривичен законик). Обидите за соработка иницирани од Агенцијата ретко вродуваа со позитивни резултати.

Иако професионалните принципи и стандарди на новинарството се пренесени во начелата кои треба да ги почитуваат радиодифузерите нотирани во Законот, тие првенствено се предмет на саморегулација, и нивното (не)почитување спаѓа во надлежност на новинарските здруженија, Советот за етика во медиумите на Македонија, односно Програмскиот совет на МРТ. Во случаите на нивно прекршување, Агенцијата има надлежност единствено да ги констатира, да го извести медиумот за надзорот и извештајот од надзорот да го објави на својата веб страница.

---

[2] Овој вид надзор се спроведува вонредно – по претставка или по службена должност.

[3] Потсетуваме дека ниското ниво на почитување на професионалните стандарди Агенцијата го констатираше уште во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2013 – 2017, и оттогаш континуирано работи на промена на ваквата состојба – како што е наведено во овој и во претходните извештаи за работа.

[4] Надзорот над содржините за кои постои сомневање дека претставуваат говор на омраза и натаму се врши според „Водичот за мониторинг на говорот на омразата", изработен во 2014 година и кој претставува алатка и за регулаторот и за радиодифузерите, а е достапен на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk) на македонски, албански и на англиски јазик.

### 3.1. Надзори за дискриминација и говор на омраза (член 48)

Со надзор по службена должност, на 15 мај 2017 година, беше утврдено дека во прилог во Вестите, емитуван на терестријалната телевизија на државно ниво ТВ Алфа има дискриминација против Ромите по етничка припадност и врз основа на припадност на маргинализирана група. Освен што извештајот беше објавен, а медиумот известен, материјалот беше испратен и до Комисијата за заштита од дискриминација. Во октомври, Комисијата ја извести Агенцијата дека и таа констатирала дискриминација.

Во периодот мај/јуни, Агенцијата спроведе два надзора по службена должност со кои беше утврдено дека се почитува забраната за говор на омраза. Во едниот случај станува збор за емисијата "Во Центар" со Васко Ефтов емитувана на ТВ Канал 5 на 21 мај 2017 година, а во другиот за емисијата „Квинтесенција" со Ацо Станковски емитувана на Радио Слободна Македонија на 29 мај 2017 година.

Во ноември, спроведен беше надзор во врска со заедничка кампања во сопствена продукција на радијата Сити, Клуб ФМ и Метрополис, наменета за – како што ја нарекоа овие три радиодифузери - „сите пре-еманципирани жени". Во кампањата, еманципацијата на жените и на мажите беше поставена како два процеси кои меѓусебно се исклучуваат, еманципацијата и стремежот на жените да го достигнат максимумот во своите кариери беа претставени како негативна појава, успешните жени беа подложени на потсмев и омраза, а на децата и младите од обата пола им се испраќаше порака дека не се еднакви и дека не треба да се стремат кон еднаквост. Агенцијата констатираше дека кампањата претставува дискриминација врз основа на пол, ширење мизогинија и сексизам и до трите радија упати известувања дека е прекршен Законот. Извештајот од надзорот беше испратен и до Комисијата за заштита од дискриминација. Веднаш по реакцијата на Агенцијата, на профилот на едно од инволвираните радија, на социјалната мрежа Facebook беше објавено известување дека кампањата се прекинува. Појавата на оваа кампања беше повод Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, на 16 ноември 2017 година, да организира јавна расправа на тема: Говор на омраза во медиумите насочен кон жените, на која говореше и директорот на Агенцијата. Во февруари 2018 година, Комисијата за заштита од дискриминација ја извести Агенцијата дека и таа констатирала дискриминација.

### 3.2. Надзори за почитување на начелата при вршење на дејноста (член 61)

Во февруари 2017 година, Агенцијата изврши вонреден надзор на програмскиот сервис ТВ Сител 3, врз основа на членот 61 (програмски стандарди и принципи). Прекршувањето на овие начела беше констатирано во емисијата „Јади бурек" посветена на инаугурацијата на новиот американски претседател. Согласно Методологијата за надзор, а имајќи предвид дека прашањето на непочитување на професионалните стандарди е предмет на саморегулација, за прекршокот беше испратено известување до медиумот.

Агенцијата, по добиена претставка, изврши вонреден програмски надзор врз работата на ТВ 24 Вести, со цел да утврди дали во емисијата "24 Анализа – Излез од кризата или политички маркетинг" емитувана на 4 април 2017 година, бил прекршен членот 61 од ЗААВМУ, во делот за непристрасно прикажување на настаните и во исполнувањето на

професионалните стандарди. Надзорот покажа дека не се прекршени програмските начела.

Вонреден надзор беше извршен врз програмата на ТВ Нова емитувана на 27 април 2017 година. Со надзорот беше констатирано дека при известувањето за случувањата во Собранието на Република Македонија не се почитувани професионалните начела за вршење на дејноста, односно дека телевизијата не обезбедила објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и не овозможила слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања, што е спротивно на член 61 став 1 алинеја 9 од Законот. Агенцијата достави писмено известување до медиумот.

Известувањето за настаните во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година беше повод Агенцијата јавно да го повика Програмскиот совет на МРТ да расправа за тоа дали Јавниот радиодифузен сервис ја оствари својата функција, што е прашање во надлежност на Програмскиот совет.

Во август беше спроведен вонреден програмски надзор на ТВ Нова, по службена должност, за емисијата Отворено студио на тема „За или против геј бракови“, емитувана на 10 август 2017 година. Со надзорот беше констатирано прекршување на начелата во однос на еднаквоста на правата и слободите на луѓето по сите основи и во поглед на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните. На медиумот му беше испратено укажување.

Со вонреден програмски надзор на 31 август 2017 година, во емисијата „Дневен бриф“ на ТВ Нова, беше констатирано прекршување на професионалните стандарди и принципи (пресумпција на невиност) и медиумот беше известен за тоа.

## 3.3. Едукативни мерки и јавни реакции

На 27 и 30 јануари 2017 година, вработените во Стручната служба на АВМУ учествуваа на две обуки од кои едната за човековите права и праксата на Европскиот суд за човекови права, особено во контекст на член 10 од Европската конвенција за човекови права и слободи (за правото на слобода на изразување), а другата за професионални новинарски стандарди, организирана од страна на Советот на Европа во рамки на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа“ (JUFREX).

Претставничка на Агенцијата говореше на дебатата организирана од Центарот за развој на медиумите на 25 април 2017 година, во врска со нивниот документ за јавна политика насловен „Професионалните стандарди помеѓу регулацијата и саморе-гулацијата“. Документот е подготвен во рамките на активностите на подготовка на предлози и решенија за имплементација на итните реформски приоритети и препораките од „Извештајот на Прибе“.

На 28 април 2017 година, Агенцијата го осуди насилството врз новинарите и новинарските екипи за време на случувањата во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година. Истовремено потенцираше дека медиумите треба да бидат дораснати на тежината на својата улога и да ја преземат одговорноста да известуваат објективно и непристрасно, да не пренесуваат шпекулации и непроверени информации, но и да не сокриваат факти и да не ја подгреваат тензијата. Вакви реакции на Агенцијата

имало секогаш кога новинарите и медиумите биле напаѓани и/или спречувани да ја вршат својата работа.

Претставничка на Агенцијата беше една од презентерите на работилницата одржана на 13 јуни 2017 година, организирана во рамки на проектот „Заштита на личните податоци и медиумите“ финансиран од ИПА ТАИБ 2012 програмата на Европската Унија, со поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Фокусот на презентацијата беше говорот на омразата и заштитата на приватноста.

Во рамки на вториот јавен состанок на Агенцијата, одржан на 29 јуни 2017 година, беше организирана работилница за зголемување на свеста кај радиодифузерите за потребата од почитување на професионалните стандарди во новинарството. На јавниот состанок освен радиодифузери беа поканети и претставници на образовни институции и невладини организации, а своите ставови – како до повисоки професионални стандарди во новинарството – ги изнесоа членот на Советот на Агенцијата, кој е и претставник на ЗНМ; извршната директорка на Советот за етика во медиумите; директорот на националната телевизија Канал 5 и тогашен претседател на Македонската медиумска асоцијација; и претседателот на Центарот за развој на медиуми.

Претставници на Агенцијата, на 7 јули 2017 година, учествуваа на дебатата насловена „Како до ефикасно справување со говорот на омраза“, организирана од Македонскиот институт за медиуми. На дебатата беше промовирана и анализа на тема – Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза.

На 5 септември 2017 година, претставници од АВМУ беа модератори и ги подготвија воведните излагања за сесиите посветени на професионалните стандарди и медиумската писменост на Регионалната регулаторна конференција на Агенцијата, одржана по повод 20-годишнината од постоењето на регулаторот.

Третиот јавен состанок на Агенцијата, што се одржа на 27 септември 2017 година, меѓу другото, беше посветен на презентација, односно повторно потсетување на правилата за изборно медиумско претставување од Изборниот законик во контекст на Локалните избори 2017 година, и на Методологијата според која Агенцијата го врши мониторингот. Важен дел од Методологијата е обука за тоа како да се известува во случаи на појава на говор на омраза во време на изборна кампања, а притоа медиумот самиот да не стане извор на говор на омраза. На состанокот беа поканети сите радија и телевизии во Република Македонија и други релевантни субјекти, а се пренесуваше и во живо на Јутјуб каналот на Агенцијата.

## 4. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја обврзува Агенцијата да презема активности за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија, како и да ги поттикнува давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, своите услуги постепено да ги направат достапни за лицата со оштетен слух или вид. За имплементација на овие обврски, Агенцијата се раководи од насоките утврдени во двете посебни програми за секоја од областите, а активностите ги спроведува во соработка со релевантните субјекти и сите заинтересирани страни. Во продолжение, сосема кусо, се наброени реализираните активности во 2017 година.

## 4.1. МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Според Програмата за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија за периодот 2016-2018[5], Агенцијата во 2017 година реализираше поголем број активности за поттикнување на медиумската писменост во земјата. Насоките за активностите во Програмата се распределени во три плана: План за подигнување на свеста, План за координација и консултација и План за следење на трендовите за медиумската писменост.

### План за координација и консултација

Една од клучните новости што се случија во 2017 година, беше формирањето на Мрежата за медиумска писменост на Република Македонија, која беше и една од посебните цели на Програмата, а беше предвидена како дел од Планот за координација и консултација. Создавањето на Мрежата направена по иницијатива од Агенцијата (АВМУ) покрената на почетокот од годината, беше промовирано на 27 април 2017 година, на настан организиран од регулаторот на кој се обрати и амбасадорот на ЕУ во Македонија. Целта и причината за формирањето на Мрежата беше да ги олесни комуникацијата и консултацијата меѓу различните субјекти во земјава кои работат на подигнувањето на нивото на медиумската писменост и кај децата и кај возрасните. Таа има 35 основачки членки, меѓу кои две министерства: за образование и за труд и социјална политика; а од државните институции, покрај Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, основачи се и Дирекцијата за заштита на личните податоци и Агенцијата за филм. Има и две приватни високообразовни установи - Високата школа за новинарство и односи со јавноста и Институтот за комуникациски студии. Најбројни се граѓанските здруженија и организации – ги има 18 (Македонски институт за медиуми, Совет за етика во медиумите на Македонија, Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“, Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, Сојуз Национален младински совет на Македонија, Здружение за унапредување на образованието КОНЕДУ ГЛОБАЛ, Центар за разбирање и институционална соработка, Здружение за социјални иновации - Асоцијација за развој на нови опции, Здружение за медиумска и комуникациска култура и граѓанско право „Реформатор“, Организација на потрошувачите на Македонија, Институт за мас медиуми едукација и комуникации, Асоцијација за истражување, комуникации и развој Паблик, Исламски младински форум, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, ЕВРОТИНК - Центар за европски стратегии, НВО Инфоцентар, Центар за развој на медиуми и Здружението на новинарите на Македонија). Основачи на Мрежата се и девет медиуми: ТВ Плус од Куманово, Радио Свети Николе, ТВ Канал - 21 од Велес, Универзитетското радио УКЛО ФМ- Битола, ТВ Спектра од Лабуништа, ТВ Шења, ТВ Ера, Радио Слободна Македонија, ТВ Алфа и Антена 5 Радио. Мрежата останува отворена и за нови членови и секој може да и пристапи така што ќе го прифати Актот за формирање и ќе ја пополни и ќе ја достави во Агенцијата Пристапницата, која е достапна на веб страницата на Агенцијата[6]. Оваа можност, во октомври 2017 година, ја искористи Здружението за волонтеризам Волонтерски центар Скопје, кое го издава електронскиот Младински магазин „Воисес“ и кое стана 36 член на Мрежата.

[5] Достапна на: http://mediumskapismenost.mk/media/2016/05/Programa_za_mediumska_pismenost-1.pdf.
[6] Достапно на: http://mediumskapismenost.mk/clen-na-mrezata/

Агенцијата, како иницијатор за формирање на Мрежата за медиумска писменост, презеде обврска да ја администрира и координира комуникацијата меѓу нејзините членки, односно да обезбеди форум за меѓусебно информирање, за споделување на искуствата и за соработка. Како резултат на овие напори, дел од членките на Мрежата, непосредно по нејзиното формирање, започнаа со изработка на својот прв заеднички проект – едукативен материјал за медиумска писменост наменет за основните училишта во Македонија. Материјалот се состои од леток со основни податоци за концептот – медиумска писменост, и од ДВД насловено „Информации, видеа и други документи за МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ“. Имено, Агенцијата, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии, Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Евротинк – Центар за европски стратегии, Здружението за унапредување на образованието Конеду Глобал и Метаморфозис, како и Народниот правобранител кој има статус на набљудувач на Мрежата, придонесоа со свои материјали (видео, пишани и компјутерска игра) кои регулаторното тело ги приреди во ДВД чија изработка самостојно ја финансираше.

На ДВД-то се поместени следниве содржини:

<u>Публикации:</u>

1. „Прирачник за наставници за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик – за основно и средно образование“ - на македонски, албански, турски и српски јазик – Македонски институт за медиуми/Институт за демократија „Societas Civilis“ - Скопје,
2. Наставни материјали кон Прирачникот - на македонски, албански, турски и српски јазик,

<u>Видеа:</u>

3. „Авантура низ медиумската писменост“, анимиран филм – верзија на македонски јазик - Европска асоцијација за интересите на гледачите/АВМУ и на албански јазик - Метаморфозис/Конеду Глобал/Британска амбасада,
4. „За свесноста: Што правам јас?“, анимиран филм - македонски јазик - ЕАВИ/АВМУ и албански јазик - Метаморфозис/Конеду Глобал/Британска амбасада,
5. „Медиумска писменост“, видео спот на македонски јазик - Висока школа за новинарство и односи со јавноста,
6. „Онлајн живот“, видео спот на македонски јазик - Висока школа за новинарство и односи со јавноста,
7. „Точни и проверени информации“, видео спот на македонски јазик - Висока школа за новинарство и односи со јавноста,
8. „Вест“, видео спот на македонски јазик - Висока школа за новинарство и односи со јавноста,
9. „Ангажирана публика“, видео спот на македонски јазик - Висока школа за новинарство и односи со јавноста,
10. „АВМУ под лупа“, видео спот на македонски јазик - Проформанс воч,

Други материјали за човековите права:

11. „Конвенција за правата на детето, на јазик разбирлив за деца“ публикација - Народен правобранител, публикација на македонски, албански, српски, турски, ромски, бошњачки и влашки јазик,

12. „Народниот правобранител во заштита на правата на децата“, леток - Народен правобранител, на македонски, албански, српски, турски, ромски, бошњачки и влашки јазик,

13. „Детските права не се паднати од Марс“, веб игра - Народен правобранител.

Организацијата на материјалите на ДВД-то ја следи оваа логика, односно сите содржини се поделени во три папки – како што е погоре опишано. Во секоја од папките има посебен документ со насоки кои ќе им бидат корисни на наставниците при користењето на материјалите поместени во конкретната папка. Освен ова, во првата папка, која го содржи „Прирачникот за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик“ изработен од Македонскиот институт за медиуми во соработка со Институтот за демократија и Бирото за развој на образованието како дел од проектот “Унапредување на медиумската писменост во образованието во Македонија“, има и други дополнителни материјали. Имено, Прирачникот е издаден во 2010 година и она што е објавено во него и натаму е релевантно. Меѓутоа, како наставни материјали во првата наставна единица се понудени извадоци од закони и подзаконски акти. Со оглед на фактот дека во меѓувреме законската регулатива во сферата на медиумите претрпе повеќе измени, при подготовката на ДВД-то направени се потребните измени, собран е нов материјал и заедно со Насоките за користење изготвени се и посебни текстови за секоја од измените. Во секој од овие текстови е јасно посочено на кое заглавие и на кои страници од Прирачникот се однесуваат.

Бидејќи целта беше нагледниот материјал кој се наоѓа на ова ДВД да им биде ставен на располагање на наставниците во основните училишта, беше побарана и, во текот на октомври, беше добиена дозвола од Бирото за развој на образованието за дистрибуција на едукативниот материјал. Тие испратија и насоки за тоа по кои предмети и на кои часови може да се користи материјалот. ДВД-то беше умножено во 2000 копии, а од Министерството за образование (како членка на Мрежата) беше побарана поддршка за достава до училиштата. Проектот беше финализиран на почетокот од 2018 година.

Кон ДВД-јата беа приложени и примероци од посебниот леток „За медиумската писменост“ што во текот на пролетта го изработи Агенцијата и во кој, на едноставен начин, се објаснети основните факти за медиумската писменост - *Што е тоа медиумска писменост?, За кого е важна таа?, На кои медиуми се однесува?, Зошто е важна?* и *Како критички да се оценуваат медиумските содржини?* Тој беше испечатен во 11 000 примероци и промовиран на 27 април, заедно со Мрежата.

Агенцијата беше активна и на полето на размената на искуства за медиумската писменост на регионално и европско ниво. Медиумската писменост беше една од темите за кои беа разменети искуства со регулаторните тела од регионот на Регионалната конференција која Агенцијата ја организираше на 5 септември 2017 година, како дел од одбележувањето на 20-годишнината од постоењето на регулаторот. Освен ова, претставничка на Агенцијата беше меѓу панелистите во работната група – „Медиумска писменост – фокус на улогата на регулаторите“ на 46-от состанок на Европската

платформа на регулаторни тела (ЕПРА) што се одржа во Виена, Австрија од 11 до 14 октомври 2017 година.

## План за подигнување на свеста

Летокот „За медиумската писменост", всушност е дел од активностите преземени годинава како дел од Планот на подигнувањето на свеста кај јавноста за опфатот на поимот медиумска писменост и неговата важност. Како дел од овој план, на крајот од 2016 и почетокот од 2017 година беше емитуван анимираниот спот „За свесноста, Што правам јас?"[7] – втор од серијата „Патување кон медиумската писменост" изработен од меѓународната организација Европска асоцијација за интересите на гледачите (ЕАВИ)[8]. Преводот на текстот и неговото прилагодување на македонски јазик го направи Агенцијата, а аудио записот беше снимен од Антена 5 Радио[9]. За да обезбеди достап до што поголема публика, Агенцијата упати барање до сите телевизиски програмски сервиси во државата да го емитуваат на својата програма. На повикот позитивно одговорија 36 телевизии: јавниот сервис МРТ, четири ТВ на државно ниво од кои две се емитуваат преку мултиплекс, а две преку кабелски оператор; 15 регионални - од кои 8 се емитуваат преку мултиплекс, а 7 се кабелски ТВ и 16 локални ТВ станици. Тие најчесто го емитуваа спотот неколку дена по ред, неколкупати дневно.

Крајот од 2017 година бележи уште едно поглавје од оваа соработка. Имено, на четвртиот јавен состанок на Агенцијата, одржан на 22 декември 2017 година, беше промовиран и третиот спот од серијата за авантурата на момчето Јове низ медиумската писменост, насловен „Приватност и следење", за кој преводот и прилагодувањето на текстот повторно го направи Агенцијата, нахсинхронизацијата беше на Антена 5 Радио, а монтажата на националната ТВ Шења со седиште во Скопје[10]. И овој спот е упатен до сите телевизиски програмски сервиси со барање да биде емитуван бесплатно бидејќи станува збор за кампања од јавен интерес.

Во текот на годината, Агенцијата беше инволвирана и во популаризирање на активностите на други субјекти насочени кон подигнување на свеста за медиумската писменост. Така, на својата веб страница и на јутјуб каналот ги пренесе и верзиите на двата спотови за авантурата на Јове прилагодени на албански јазик од страна на граѓанските здруженија Конеду глобал и Метаморфозис. Исто така, објави и пет едукативни видеа за различни аспекти на медиумската писменост изработени од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, а линковите ги испрати и до сите телевизии во државата за да можат да ги емитуваат бесплатно.

Во декември, во рамките на активностите од Програмата за медиумска писменост, Агенцијата ја финализираше изработката на посебната веб страница наменета исклучиво за медиумска писменост. Веб страницата www.mediumskapismenost.mk беше

---

[7] Спотот е достапен на Youtube каналот на Агенцијата https://www.youtube.com/watch?v=vQfW6298kzA.
[8] Со ЕАВИ, Агенцијата има потпишано и договор за соработка.
[9] Ова е продолжување на соработката востановена со Радио Антена 5 уште при реализирањето на македонската верзија од првиот спот Авантура низ медиумската писменост во 2015 година, кој е исто така достапен на Youtube каналот на Агенцијата: https://www.youtube.com/watch?v=TdcUk-xgBX8.
[10] Сите субјекти кои беа инволвирани при изработката на трите спота од серијалот работеа без надомест.

промовирана на четвртиот јавен состанок на Агенцијата. На неа се објавуваат истражувања, анализи, информации за конференции, проекти, видеа и други материјали. Изработката, одржувањето и администрирањето на веб страницата ги финансира Агенцијата, а таа е заедничка за регулаторот и за членките на Мрежата за медиумска писменост. Веб страницата функционира на македонски, албански и на англиски јазик и е достапна за лицата со далтонизам и слабовидост. Таа е одлична можност концептот „медиумска писменост“ да допре до сите делови од македонското општество, но и за запознавање на светот со македонските активности на полето на медиумското описменување.

Од крајот на 2017 година, на оваа веб страница се наоѓаат и сите спотови на АВМУ и на другите членки на Мрежата, меѓу кои и прилозите од ТВ серијалот „Во наше име”, посветен на медиумската писменост кој е реализиран од Здружението за медиумска и комуникациска култура и граѓански права „Реформатор“, а се емитуваше во Вестите во 20.00 часот на ТВ 24 Вести, во текот на шест саботи почнувајќи од 25 ноември 2017 година. Во еден од прилозите учествуваше и претставничка на АВМУ.

Агенцијата настојува да биде активна во промовирањето и поттикнувањето на медиумската писменост и преку учество на настани организирани од други субјекти. Така, претставничка од регулаторот беше панелистка на Регионалната конференција „Медиумската писменост и образовните потреби на новинарите и на публиката“ (28 и 29 март 2017), организирана од Македонскиот институт за медиуми, Центарот за независно новинарство од Букурешт, Романија и партнерите од Мрежата за професионализација на медиумите во Југоисточна Европа-СЕЕНПМ. Конференцијата беше дел од регионалниот проект „Партнерство за развој на медиумите во Југоисточна Европа“, финансиран од Европската Унија. На неа зборуваа експерти од медиумската сфера, академијата, граѓанскиот сектор, како и претставници на институциите и на меѓународни организации и беа претставени националните извештаи за медиумската писменост и образовните потреби на новинарите и на публиката во земјите од каде доаѓаат партнерите во проектот.

Директорот на Агенцијата говореше на панел дискусијата насловена „Медиумската писменост и (не)довербата на граѓаните во медиумите“ на настанот организиран од Делегацијата на ЕУ во РМ по повод Светскиот ден на слободата на медиумите.

Во декември, претставничка на Агенцијата беше една од обучувачките на работилницата „Медиумската писменост како предуслов за инклузивно општество“, организирана од ОБСЕ и Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Целната група беа претставници на граѓанските организации на помалубројните етнички заедници во Македонија, вклучувајќи и новинари кои работат во медиуми/медиумски проекти на јазиците на овие заедници. Фокусот на обуката беше да се објаснат основните концепти на медиумската писменост и да се обезбедат алатки за критичко оценување и читање на медиумските содржини.

### План за следење на трендовите за медиумската писменост

Како дел од Планот за следење на трендовите, во февруари 2017 година, Агенцијата организираше посебна презентација на резултатите од Истражувањето на нивото на

медиумска писменост кај возрасната популација спроведено на крајот од 2016 година. На настанот имаше голем одзив. Присуствуваа претставници на надлежни институции, граѓански организации и медиуми. Истиот ден на веб страницата на Агенцијата беа објавени и деталните наоди од истражувањето разделени според демографските карактеристики на примерокот[11]. Методологијата за ова истражување беше направена во рамки на ИПА проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за областите телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“.

Освен ова, дел од резултатите беа презентирани и за време на сесијата „За медиумската писменост и барањето на граѓаните за повисок квалитет на медиумите“, на 12 Меѓународна конференција е-Општество.мк, насловена „Проверката на факти и влијанието на новите технологии врз новинарството“, што се одржа на 31 јануари 2017 година.

Истражувањето беше претставено и на Меѓународната регулаторна конференција одржана во Охрид, од 24 до 26 мај 2017 година, организирана од Агенцијата за електронски комуникации и SEEDiG.

## 4.2. ПРИСТАП ДО МЕДИУМИТЕ ЗА ЛИЦАТА СО СЕТИЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ (СЛУХ И ВИД)

Еден од клучните елементи на која било дефиниција на медиумската писменост е пристапот, односно достапноста до медиумите за сите граѓани. Во овој контекст, со медиумската писменост се поврзани и активностите кои Агенцијата ги презема како дел од Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост[12]. Со цел да се популаризира истражувањето „Пристап до програмите на радиодифузерите за лица со оштетен вид и слух – понуда и потреби“[13], кое го реализираше Агенцијата кон крајот на 2016 година и е прво од овој тип во Македонија, на 2 февруари 2017 година претставници од Агенцијата учествуваа во емисијата „Глувите лица и медиумите“. Потоа, во почеток на март се одржа состанок со претставници од јавниот сервис МРТ во врска со можностите на МРТ да излезе во пресрет на дел од барањата на лицата со сетилна попреченост, утврдени со истражувањето.

На третиот јавен состанок за 2017 година, што се одржа на 27 септември, беше презентиран и новиот дизајн на веб страницата на Агенцијата, надградена со додатни функционалности, со чија помош значително ќе се олесни пристапот на лицата со целосно или делумно оштетување на видот и на далтонистите, до содржините кои ги објавува Агенцијата. Софтверот што се користи овозможува лицата со целосно оштетен вид да можат да ја слушаат содржината од веб страницата на македонски, англиски и на албански јазик, со притискање на одредени копчиња од тастатурата. Лицата со делумно оштетен вид имаат можност за зумирање и на тој начин се зголемува читливоста и

---

[11] Достапно на: http://mediumskapismenost.mk/istrazuvanja-avmu/.
[12] Достапна на: http://avmu.mk/programa-dostapnost-do-mediumite/.
[13] Достапно на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Istrazhuvanje_Pristap_do_radiodifuzerite_za_lica_so_osteten_vid_i_sluh_2016.pdf.

видливоста на објавените содржини, додека за лицата со далтонизам веб страницата е прилагодена со опциите за црно/бел контраст и бои кои овие лица можат да ги разликуваат. Оваа активност на Агенцијата беше дел од Програмата на Агенцијата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост и на нејзина реализација се работеше повеќе месеци.

Новата веб страница на Агенцијата посветена исклучиво на медиумската писменост (www.mediumskapismenost.mk), промовирана на четвртиот јавен состанок во декември 2017 година, исто така, беше направена достапна за слабовидите и далтонистите.

## 5. РОДОТ ВО МЕДИУМИТЕ

Почнувајќи од 2012 година, а врз основа на членот 17 од Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012), Агенцијата еднаш годишно подготвува анализи на родовите прашања и на претставувањето и прикажувањето на жените и мажите во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање за кои е надлежна, ги објавува на својата веб страница[14] и ги доставува до Собранието на Република Македонија и до Министерството за труд и социјална политика со цел да бидат искористени при креирањето политики. Истражувањето на родовите прашања во медиумите за 2017 година, направено врз примероци од изданија на дневно-информативни емисии и емитувани рекламни спотови заврши на крајот од декември. Неговата популаризација ќе се одвива во почетокот на 2018 година, заедно со мета-анализа во која се даваат споредбени показатели од петте претходни истражувања 2012-2016 (онаму каде што споредбата е можна) за да се види какви се трендовите во третманот на родовите прашања и прикажувањето и претставувањето на жените и мажите во програмите на националните телевизии низ годините. Освен ова, направено е вкрстување со показатели од други истражувања и анализи на Агенцијата со цел - важноста што во медиумскиот одраз на реалноста им се дава на родовите прашања - да се смести во поширок контекст. Станува збор за анализите на структурата на вработените во аудиовизуелниот сектор и истражувањата за ставовите на публиката за радио и телевизиските програми кои АВМУ ги изработува секоја година. Исто така, за првпат се дадени и податоци за родовата структура на сопственоста на телевизиите. Во моментов на пишување на извештајот се работи на публикациите на македонски, албански и англиски јазик во кои ќе биде објавена оваа мета-анализа заедно со збирката истражувања на родовите направени во периодот од 2012 до 2016 година, како и на публикацијата, исто така, на трите јазика за истражувањето за 2017 година.

Во втората половина на 2017 година, собраниската Комисија за еднакви можности на жените и мажите расправаше за „Родот во телевизиските програми: Извештаи од истражувањата на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016

[14] Достапни на: http://avmu.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%BE/.

година“, кој потоа беше усвоен од Собранието на Република Македонија. На расправата на Комисијата учествуваа и претставници на Агенцијата.

Во рамките на програмските надзори реализирани во текот на годината, Агенцијата констатираше дека Сити Радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио Мрежа, преку заедничка кампања во сопствена продукција наменета за „сите пре-еманципирани жени“, шират дискриминација врз основа на пол, мизогинија и сексизам. Со оглед на фактот дека станувaше збор за прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за кој нема предвидено казнена мерка, регулаторното тело реагираше така што ги извести трите медиуми, испрати претставка до Комисијата за заштита од дискриминација и објави соопштение во кое ја информираше јавноста. По овој повод, во собраниската Комисија за еднакви можности, на 16 ноември беше одржана јавна расправа на тема: Говор на омраза во медиумите насочен кон жените, на која говореше и директорот на Агенцијата.

Координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Агенцијата во текот на годината беа активно инволвирани во активностите на Министерството за труд и социјална политика за изработка на Националниот акциски план за родова еднаквост (2018-2020), а исто така и навремено ги доставија Извештајот за нивната работа за 2016 година[15] и Мислењето за шестиот периодичен извештај на Република Македонија по Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW). Беа обезбедени и побараните податоци потребни за Извештајот во сенка за имплементација на оваа Стратегијата што го изработува организацијата „Реактор – истражување во акција“.

Како и секоја година, и во 2017, анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година“ содржи и родово разделени статистички податоци, согласно обврската од член 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите. И оваа анализа може да се најде на веб страницата на Агенцијата во делот „Родот и медиумите“[16]:
Со цел да се подигне свеста и кај јавноста и кај медиумите за различниот третман на жените и мажите во медиумите, Агенцијата изработи два телевизиски и еден радио спот за кампањата против сексизмот во медиумите. На крајот од 2017 година беше завршена јавната набавка а спотовите беа готови до крајот на февруари 2018 година, по што им беа понудени на медиумите да ги емитуваат како кампања од јавен интерес.

И на полето на родовите прашања, Агенцијата беше активна и на настани организирани од други субјекти. Така, претставничка на регулаторот беше модераторка на панел дискусијата Родот во медиумите, организирана од Центарот за истражување и креирање на политики - ЦИКП Скопје, по повод Денови на образование и кариера 2017, во рамките на Саемот на книгата. Теми на дискусијата беа влијанието на медиумите врз

[15] Достапен на: http://avmu.mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D0%BA%D0%BE%D0%BE%D1%80%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%B8/.

[16] Достапна на македонски на (http://avmu.mk/%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BA%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2/)

формирањето на ставовите, мислењата и реакциите кај жените и мажите од сите возрасти во однос на прашањата поврзани со убавината како концепт, физичката привлечност на жената, нејзината сексуализација, односно објективизација, но и нејзината општествена и семејна улога, и очекувањата од неа на ниво на индивидуи и на општествена заедница. Претставници од Агенцијата учествуваа и на конференцијата „Унапредување на заштитата од дискриминација, со фокус на сексуалната ориентација и родовиот идентитет“ (22 март 2017), завршен настан од проектот „Заштита од дискриминација на ЛГБТ на локално ниво“ спроведуван од страна на ХЕРА и Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, заедно со општините Штип, Куманово, Струмица и во соработка со Народниот Правобранител, Министерството за правда и Комисијата за заштита од дискриминација.

Едно од родовите прашања е и претставувањето и известувањето за луѓето со различна сексуална ориентација и родов идентитет. Во тој контекст, Агенцијата неколку години соработува со Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници. Тие, на четвртиот јавен состанок на регулаторот за 2017 година, ги презентираа истражувачките резултати од Анализата на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТИ заедницата. Соработката за годинава беше договорена во јануари и во нејзини рамки на Коалицијата и беа дадени на користење инструментите што АВМУ ги користи за годишните анализи на родовите прашања во медиумите, а во редовното истражување на регулаторот за ставовите на публиката за програмите на медиумите беше вклучен сет прашања за перцепциите на граѓаните за начинот на известување на медиумите за ЛГБТИ заедницата. Истражувањето за ставовите на публиката беше финализирано на крајот од 2017 година, а дополнителна анализа и презентација на овој сет прашања (за ЛГБТИ заедницата) ќе биде направена на почетокот од 2018 година.

Во рамки на активностите посветени на родовата еднаквост, Агенцијата прави напори медиумите и јавноста да ги информира и за документи или проекти на релевантни организации. Така, направи превод на македонски и на албански јазик на Препораката ЦМ/Рец(2017)9 за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор која Комитетот на министри на Советот на Европа ја усвои на 27 септември 2017 година. Во неа, меѓу другото, постои посебно заглавие за Поттикнување на постојан развој на медиумската писменост во кое се посочува на потребата од вклучување родово-чувствителни содржини во медиумската писменост за сите возрасти и области. Препораката беше претставена пред учесниците на четвртиот јавен состанок на Агенцијата кој се одржа на 22 декември, во контекст на содржините посветени на медиумската писменост, а достапна е и на веб страницата на Агенцијата[17].

[17] Македонска верзија е достапна на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-MAKEDONSKI.docx, а албанска на: avmu.mk/wp-content/uploads/2017/12/Recommendation-CM-Rec20179-ALBANSKI.docx.

# 6. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ 2018-2022 ГОДИНА

Препознавајќи ја важноста од стратешки пристап кон значајните промени коишто се случуваат во медиумската сфера и предизвиците што ги носи дигиталното опкружување, во мај 2017 година Агенцијата го означи официјалниот почеток на подготовка на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година. И покрај рапидните промени во областа, она што и понатаму останува исто е дека основната улога на медиумите и понатаму е да бидат чувари на демократијата во општеството и дека целите на регулаторната политика остануваат непроменети – заштита на интересите на граѓаните преку поттикнување на слободата на изразување, заштита на човековите права во медиумските содржини, заштита и развој на медиумскиот плурализам и друго. Предизвиците со кои се соочуваат аудиовизуелните регулатори во дигиталното опкружување, а за кои се дискутира во рамки на меѓународните платформи и мрежи во кои членува и Агенцијата, се изнаоѓање и утврдување механизми преку коишто ќе се обезбеди дека медиумските актери ги исполнуваат основните цели на аудиовизуелната политика. Поаѓајки оттука, а притоа имајќи предвид дека традиционалната, линеарната телевизија се уште претставува најзначаен медиум, не само кај нас и во повеќето земји, како области кон коишто треба да се насочи Стратегијата, односно да се утврдат мерки и активности кои ќе обезбедат подобрување на состојбите, Агенцијата ги утврди следните шест:

- Професионалност и уредувачка независност на медиумите (преку мерки и активности кои ќе овозможат зголемување на нивото на почитување на професионалните новинарски стандарди кај медиумските работници и поттикнување (подобрување на функционирањето) на системите на саморегулација и корегулација во медиумите);
- Заштита и развој на медиумскиот плурализам (преку мерки и активности кои ќе обезбедат разновидност на програмската понуда, политички плурализам, изразување на културните групи и на локални и регионални интереси, транспарентност на сопственоста на медиумите и спречување прекумерна медиумска концентрација);
- Заштита на човековите права во медиумските содржини (преку мерки и активности во насока на поголема одговорност на медиумите за заштитата на малолетните лица, обезбедување пристап до програмите за лицата со сетилна попреченост, зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања во медиумите, почитување на забраните за дискриминација и говор на омраза);
- Поттикнување на развојот на пазарот и конкуренцијата (преку мерки и активности што ќе овозможат искористување на можностите за нови извори на приходи што ги овозможува дигиталното опкружување, како и создавање еднакви услови за сите учесници на пазарот);
- Регулаторна рамка која овозможува развој на медиумите (преку прецизно идентификување на потребите за измена на медиумската регулатива), и
- Развој на медиумската писменост (преку мерки и активности коишто ќе обезбедат поттикнување на критичкото примање и разбирање на медиумските содржини кај граѓаните и зголемување на улогата на медиумите во развојот на медиумската писменост).

За Агенцијата е особено важно изработката на Стратегијата да биде резултат на широк консултациски процес со сите чинители во дејноста, со цел истата да ги опфати и соодветно адресира сите клучни прашања за засегнатите страни во медиумската дејност. Поради тоа, во 2017 година Агенцијата одржа неколку работни состаноци со радиодифузерите, граѓанските здруженија и организации и со други релевантни субјекти во аудио и аудиовизуелната област.

Покрај тоа, во текот на годината беа реализирани длабински интервјуа со претставници на телевизиските станици на државно и на регионално ниво, како и со претставници на маркетинг агенциите. Овие интервјуа ги опфаќаа прашањата во врска со актуелните состојби на пазарот, рекламните практики кои се применуваат, мапирање на главните пречки за развој и изнаоѓање начини за нивно надминување и овозможување подобар развој на индустријата.

Дополнително, за потребите за изработка на Стратегијата, а имајќи ја предвид важноста од обезбедување податоци за ставовите на публиката во врска со постојната понуда на домашните телевизиски станици, како и за начините на коишто македонската публика ги користи медиумите, во извештајната година Агенцијата нарача од специјализирана агенција истражување на мислењето на публиката. Во периодот на пишување на овој Извештај, резултатите од истражувањето се веќе доставени во Агенцијата и тие ќе бидат од исклучителна важност за изработката на конечниот текст на Стратегијата.

# 7. НАДЗОР ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 7.1. Програмски и административен надзор

Во 2017 година беа реализирани сите надзори врз радиодифузерите планирани во плановите за програмски и за административен надзор. Беа направени и повеќе вонредни надзори по службена должност или иницирани од претставки, како и контролни надзори за констатираните прекршувања. За неколку изречени мерки на крајот од 2017 година, контролните надзори ќе бидат реализирани на почетокот од 2018 година. Во продолжение е даден преглед на сите надзори според периодот на реализација.

**Февруари**

- Редовен програмски надзор врз Јавниот радиодифузен сервис за почитување на годишната обврска за производство и емитување на најмалку 30 часа домашна документарна и на најмалку 30 часа домашна играна програма во 2016 година. Извештајот е направен врз основа на доставени податоци од МРТ и со мониторинг на емитуваната програма за да се потврди емитувањето на содржините со кои МРТ ја остварила обврската и годината на нивно производство. Анализата покажа дека МРТ ја исполнила оваа своја обврска без да аплицира за средства одобрени за таа намена од буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација;

- Вонреден програмски надзор врз ТВ Сител 3 по две основи, член 61 (програмски стандарди и принципи) и член 64 став 3 (обврска за превод на делови од странски програми што се користат во програмите на радиодифузерите) направен по службена

должност. Двете прекршувања се констатирани во емисијата „Јади бурек“, посветена на инаугурацијата на новиот американски претседател. Согласно Методологијата за надзор, а имајќи предвид дека прашањето на непочитување на професионалните стандарди е предмет на саморегулација, за првиот прекршок е испратено известување до медиумот, а за прекршувањето на одредбата за јазикот на емитување на програмите, беше изречена опомена.

**Април**

- Редовен административен надзор на сите радија и телевизии за почитувањето на обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми до 31 март во тековната година да достават извештај за исполнување на условите од дозволата за радио или телевизиско емитување. Обврската не ја исполнија 15 радиодифузери, три телевизии (ТВ Телма, КТВ и ТВ Канал 21) и 12 радија (Александар Македонски, Б-97, БИ-КИ-АЛ, Џез ФМ, Лав, Мерак 5 ФМ, МХ, Плус Форте, Пулс, Скај, Валандово и Дрини). Според член 15 став 6 од Законот за медиуми на сите им беше изречена мерка опомена и им беше даден рок од дополнителни 45 дена да достават извештај за исполнување на условите од дозволата во претходната година;

- Вонреден програмски надзор по службена должност на националните комерцијални радија (Антена 5, Канал 77, Метрополис и Слободна Македонија) за почитувањето на обврската за емитување музика (член 92 став 15 од ЗААВМУ). Прекршок беше констатиран само кај Радио Слободна Македонија. Изречена е мерка опомена и на медиумот му е даден рок да го усогласи работењето со Законот;

- Вонреден програмски надзор по службена должност на петте најслушани радија во 2016 година, што емитуваат програма на регионално ниво – Радио Сити, Радио Буба Мара, Радио Скај, Радио Фортуна и Радио Зона М1 - за почитувањето на обврската за емитување музика (член 92 став 15 од ЗААВМУ). Прекршок беше констатиран кај Радио Буба Мара, Радио Скај и Радио Фортуна. На сите им беше изречена мерка опомена со рок за усогласување со Законот;

- Вонреден програмски надзор по претставка на емисијата „Топ тема“ емитувана на ТВ Телма на 31 март 2017 година, за почитувањето на професионалните стандарди од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со надзорот не беше констатиран прекршок. Според Методологијата за надзор, за наодите од надзорот беа известени и радиодифузерот и подносителот на претставката.

**Мај**

- Вонреден програмски надзор по службена должност на терестријалните телевизии што емитуваат програма на државно ниво за начинот на известување за случувањата во Собранието на Република Македонија од 27 април 2017 година. Врз основа на мониторингот, Агенцијата (на 3 мај) го повика Програмскиот совет на МРТ, како орган кој има законска обврска да ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини што ги емитува Јавниот сервис, да го преразгледа известувањето на МРТ во контекст на исполнување на обврските утврдени во членовите

110 и 111 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Писмената реакција на Агенцијата беше мотивирана пред сè поради тоа што Јавниот сервис не обезбеди навремено информирање за настаните во Собранието, делови од репортерските јавувања не беа во согласност со улогата и функциите на јавен радиодифузен сервис и не беа организирани актуелно-информативни програми во кои ќе се дебатира за овие општествено-политички случувања кои беа од исклучителен јавен интерес;

- Вонреден програмски надзор по претставка, на ТВ Нова за начинот на известување за случувањата во Собранието на Република Македонија на 27 април 2017 година. Со надзорот беше констатирано прекршување на професионалните стандарди за вршење на дејноста од член 61 на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Според Методологијата за надзор, за наодите од надзорот беа известени и радиодифузерот и подносителот на претставката;

- Вонреден програмски надзор по претставка, на емисијата „24 Анализа - Излез од кризата или политички маркетинг“ емитувана на 04.04.2017 година на ТВ 24 Вести, за почитувањето на професионалните стандарди од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со надзорот не беше констатиран прекршок. Според Методологијата за надзор, за наодите од надзорот беа известени и радиодифузерот и подносителот на претставката;

- Вонреден програмски надзор по службена должност за почитувањето на член 48 од Законот (забрана за говор на омраза) на ТВ Алфа за прилог во Вестите. Со надзорот беше констатирано поттикнување дискриминација по етничка припадност и врз основа на припадност на маргинализирана група. Согласно Методологијата за надзор, на медиумот му беше упатено известување за стореното прекршување, а материјалот од мониторингот беше испратен и до Комисијата за заштита од дискриминација за натамошно постапување;

- Контролен програмски надзор на ТВ Сител 3 за почитувањето на обврската за јазикот на емитување на програмата (член 64 од Законот). Со надзорот беше констатирано дека медиумот не постапил по мерката, односно дека и понатаму го прекршува Законот. Пред покренување прекршочна постапка, на медиумот му беше предложена постапка на порамнување која тој ја прифати.

- Вонреден програмски надзор врз ТВ КАНАЛ ВИС од Струмица со кој беше констатирано прекршување на членот 49 од Законот (давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права). Поради тоа, Агенцијата донесе Решение за преземање мерка опомена до ТВ КАНАЛ ВИС од Струмица и го информираше Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомнеж за повреда на авторски права и сродните права од страна на овој радиодифузер.

-

**Јуни**

- Контролен административен надзор на ТВ Телма, КТВ и ТВ Канал 21 и на 12 радија (Александар Македонски, Б-97, БИ-КИ-АЛ, Џез ФМ, Лав, Мерак 5 ФМ, МХ, Плус Форте, Пулс, Скај, Валандово и Дрини), на кои согласно член 15 став 6 од Законот за медиуми им беше даден рок од дополнителни 45 дена да доставаат извештај за исполнување на условите од дозволата во претходната година (член 15 став 5 од Законот). Сите радиодифузери во дополнителниот рок ја исполнија обврската;

- Вонреден програмски надзор по службена должност за почитувањето на член 48 од Законот (забрана за говор на омраза) на ТВ Канал 5 за емисијата „Во Центар" со Васко Ефтов. Со надзорот не беше констатирано прекршување;

- Вонреден програмски надзор по службена должност за почитувањето на член 48 од Законот (забрана за говор на омраза) на радио Слободна Македонија за емисијата „Квинтесенција" со Ацо Станковски. Со надзорот не беше констатирано прекршување.

**Јули**

- Редовен програмски надзор на телевизиите на државно ниво – МРТ1, Канал 5, Сител, Телма, Алсат-М, Алфа, Сонце, 24 Вести, Наша, Сител 3, Канал 5 Плус, 21-М, Шења и Нова, кои имаа обврска во 2016 година да обезбедат најмалку 51%, односно најмалку 60% кај МРТ од емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела (член 91 од ЗААВМУ). Надзорот беше направен врз основа на податоци доставени од радиодифузерите. Освен ТВ Нова која не достави податоци во законски утврдениот рок, сите телевизии ги исполнија обврските да го известат регулаторот и да емитуваат соодветен процент европски аудиовизуелни дела во 2016 година. На ТВ Нова и беше даден дополнителен рок (31 јули 2017 година) да достави податоци за емитуваните европски аудиовизуелни дела во 2016 година;

- Редовен програмски надзор на телевизиите на државно ниво – МРТ1, Канал 5, Сител, Телма, Алсат-М, Алфа, Сонце, 24 Вести, Наша, Сител 3, Канал 5 Плус, 21-М, Шења и Нова - за почитувањето на обврската најмалку 10% од годишниот буџет наменет за програма во 2016 година да одвојат за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, кои нема да бидат постари од пет години (член 91 став 2 од ЗААВМУ). Надзорот беше направен врз основа на податоци доставени од радиодифузерите. Освен ТВ Нова која не достави податоци во законски утврдениот рок, сите телевизии ја исполнија оваа законска обврска во 2016 година. На ТВ Нова и беше даден дополнителен рок (31 јули 2017 година) да достави податоци;

- Контролен програмски надзор врз четири радио програмски сервиси (Радио Слободна Македонија, Радио Фортуна, Радио Буба Мара и Радио Скај) за почитувањето на обврската за емитување музика. Надзорот беше реализиран по истекот на рокот утврден во мерките опомена, изречени во април 2017 година. Со надзорот беше констатирано дека сите радија го отстраниле прекршокот и ја исполнуваат обврската да емитуваат најмалку 40% музика дневно;

- Вонреден програмски надзор по претставка, на емисијата „Еден на еден“ на ТВ Телма и серијата „Мојот син“ на ТВ Сител во врска со правилата за заштита на малолетните лица. Со надзорот беше констатирано дека претставката е неоснована;

- Вонреден административен надзор по претставка на регионалното радио РФМ од Скопје. Со надзорот беше констатирано дека спротивно на член 97 ставови 4 и 5 од ЗАВМУ, радиото употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за радио емитување, а за промената не ја известило Агенцијата, ниту пак доставило примерок од новиот знак за идентификација. На радио РФМ му беше изречена мерка опомена.

**Август**

- Контролен надзор на ТВ КАНАЛ ВИС од Струмица, за да се провери дали радиодифузерот постапил по претходно изречената мерка за констатирано прекршување на членот 49 од Законот (давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го усогласил работењето со огдредбите од законот.

**Септември**

- Редовен програмски надзор врз ТВ Нова за почитувањето на обврската за емитување европски аудиовизуелни дела во 2016 година (член 91 став 1 од ЗААВМУ). Надзорот е направен врз основа на податоци доставени од радиодифузерот во дополнителниот рок (31 јули 2017 година). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ја исполнил законската обврска;

- Редовен програмски надзор врз ТВ Нова за почитувањето на обврската најмалку 10% од годишниот буџет наменет за програма во 2016 година, да одвои за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти кои нема да бидат постари од 5 години (член 91 став 2 од ЗААВМУ). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот ја исполнил законската обврска;

- Контролен административен надзор врз програмскиот сервис радио РФМ што емитува програма на регионално ниво, за почитувањето на член 97 ставови 4 и 5 од ЗАВМУ (знак за идентификација). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето за кое му беше изречена мерка опомена;

- Редовен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2) за сите законски обврски што се проверуваат преку еднодневен мониторинг[18]. Со надзорот кај МРТ1 не се констатирани прекршувања,

[18] Со еднодневен програмски надзор се проверуваат следниве обврски: (процент на емитувана изворно создадена програма, процент на емитувана домашна музика кај радијата, почитувањето на правилата за емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации (рекламирање, телешопинг, спонзорство, пласирање производи), одредбите поврзани со јазикот на емитување на програмата, заштита на малолетници, правила за емитување програми со наградно учествување, игри на среќа, правилата за користење телефонски услуги со посебна тарифа во програмите, обемот на дневно емитувана програма

додека кај МРТ2 се констатирани прекршувања на член 64 став 3 од ЗААВМУ (емитување непреведени делови од странска програма), на член 92 ставови 2 и 14 (изворно создадена програма) и на член 50 став 3 (заштита на малолетни лица). На МРТ2 по сите основи му беа изречени мерки опомена;

- Редовен административен надзор на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2). Со надзорот беше констатирано прекршување само кај МРТ2, на член 14 од Законот за медиуми (обврска за објавување импресум);

- Редовен седумдневен програмски надзор врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1 и МРТ2) за почитувањето на обврската за емитување домашна музика. Со надзорот беше констатирано дека двата сервиса на МРТ ја исполнуваат оваа законска обврска;

- Вонреден програмски надзор на ТВ Нова реализиран по службена должност за емисијата „Отворено Студио", на тема „За или против геј бракови", емитувана на 10 август 2017 година. Со надзорот беше констатирано прекршување на начелата од член 61 став 1 алинеи 2 и 9 од ЗАВМУ, во однос на еднаквоста на правата и слободите на луѓето по сите основи и во поглед на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните. На медиумот му беше испратено укажување;

- Вонреден програмски надзор на ТВ Нова реализиран по службена должност за емисијата „Дневен бриф", емитувана на 31 август 2017 година. Со надзорот беше констатирано прекршување на професионалните стандарди и принципи (пресумпција на невиност) и на медиумот му беше испратено укажување.

**Октомври**

- Редовен програмски надзор на радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3) и на радијата на државно ниво (Антена 5, Метрополис, Слободна Македонија и Канал 77). Прекршувања беа констатирани кај МРА2 на член 64 став 1 (јазик на емитување на програмата) и кај РА Слободна Македонија на член 92 став 15 (квота за емитување музика);

- Редовен административен надзор на радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3) и на радијата на државно ниво (Антена 5, Метрополис, Слободна Македонија и Канал 77). Прекршувања не беа констатирани;

итн), а со еднодневен административен надзор се проверуваат обврските за идентификација на радиодифузерот и за обезбедување информации за корисниците од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и обврската за објавување импресум од Законот за медиуми.

- Вонреден програмски надзор по претставка, на серијалот „Мојот син“ што се емитува на ТВ Сител. Со надзорот беше констатирано дека според класификациските насоки што ги определува Правилникот за заштита на малолетни лица[19], серијалот „Мојот син“ соодветствува на програма од Трета категорија, што треба да биде обележана со предупредувачка сигнализација „12+“, односно програма што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а премиерите и репризите може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. На ТВ Сител и беше укажано пред почетокот и за времетраењето на премиерното и репризното прикажување на епизодите да го аплицира предупредувачкиот знак за програма несоодветна за деца под 12 години, а времето на нивно емитување да го усогласи со Законот и Правилникот.

- Вонреден административен надзор над ТВ Орбис од Битола, со цел да констатира дали радиодифузерот ги исполнува кадровските услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“[20], според кој *„бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво, треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.* Причина за вршењето на овој надзор беше Известувањето од Државниот инспекторат за труд коешто до Агенцијата го достави Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, а во кое беше наведено дека по извршен инспекциски надзор во ТВ Орбис во август 2017 година, Државниот пазарен инспекторат утврдил дека во моментот на надзорот во радиодифузерот биле вработени тројца работници, од кои само едно лице било ангажирано како новинар со висока стручна спрема. Покрај тоа, во Известувањето беше наведено и дека ТВ Орбис објавила оглас за вработување на уште двајца новинари. Имајќи го предвид наведеното Известување, Агенцијата писмено се обрати до ТВ Орбис и побара да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени со Правилникот. По доставувањето на документите беше спроведен надзор со кој беше констатирано дека радиодифузерот во целост ги исполнува минималните услови за бројот на вработени.

**Ноември**

- Вонреден програмски надзор реализиран по службена должност, на рекламни спотови од заедничка кампања во сопствена продукција на Сити Радио, Клуб ФМ и Метрополис Радио Мрежа, која, како што се вели во нив, е наменета за „сите пре-еманципирани жени“. Агенцијата констатираше дека кампањата содржи дискриминација врз основа на пол, ширење мизогинија и сексизам што е спротивно на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, во кампањата, еманципацијата на жените и на мажите се поставуваа како два процеси кои меѓусебно се исклучуваат, еманципацијата и стремежот на жените да го достигнат максимумот во своите кариери се претставуваше како негативна појава, успешните жени се подложуваат на потсмев и

[19] Правилникот е достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

[20] Правилникот е достапнен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Pravilnik_za_minimallni_tehnickiprostorni_finansiski_i_kadrovski_uslovi.pdf

омраза, а на децата и младите од обата пола им испраќаше порака дека не се еднакви и дека не треба да се стремат кон еднаквост. До трите радија беа упатени известувања за констатираното прекршување на Законот, а материјалот беше испратен и до Комисијата за заштита од дискриминација;

- Редовен програмски надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс (Сител, Канал 5, Телма, Алсат-М и Алфа) и преку кабел (Нова, Шења, АРТ Чаннел и ТВ 21-М) за сите програмски обврски чие почитување се проверува со еднодневен надзор. Прекршувања беа констатирани: кај ТВ Алфа во врска со правилата за емитување програми со наградно учествување (член 52); кај ТВ Алсат-М и ТВ Телма на обврската половина од изворно создадената програма да се емитува во периодот од 7 до 19 часот во деноноќието (член 92 став 14); кај ТВ Арт Чаннел на правилата за емитување изворно создадена програма (член 92 ставови 1 и 14);

- Редовен програмски надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс (Сител, Канал 5, Телма, Алсат-М и Алфа) и преку кабел (Нова, Шења, АРТ Чаннел и ТВ 21-М) за почитувањето на обврската за емитување музика која се проверува со седмичен надзор. Прекршување беше констатирано само кај ТВ Нова (член 92 ставови 4 и 6);

- Редовен административен надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс (Сител, Канал 5, Телма, Алсат-М и Алфа) и преку кабел (Нова, Шења, АРТ Чаннел и ТВ 21-М). Прекршувања беа констатирани кај ТВ Телма на обврската за емитување импресум (член 14 од Законот за медиуми) и кај ТВ Арт Чаннел на обврските за емитување импресум (член 14 од Законот за медиуми) и за информирање на корисниците (член 51 од ЗААВМУ).

**Декември**

- Редовен програмски надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ Сител 3, ТВ Канал 5 Плус, ТВ 24 Вести, ТВ Сонце и Наша ТВ) за сите програмски обврски чие почитување се проверува со еднодневен надзор. Прекршување беше констатирано само кај ТВ Сонце на правилата за пласирање производи во програмите (член 55 од ЗААВМУ);

- Редовен програмски надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ Сител 3, ТВ Канал 5 Плус, ТВ 24 Вести, ТВ Сонце и Наша ТВ) за почитувањето на обврската за емитување музика која се проверува со седмичен надзор. Прекршувања не беа констатирани;

- Редовен административен надзор на телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма преку сателит (ТВ Сител 3, ТВ Канал 5 Плус, ТВ 24 Вести, ТВ Сонце и Наша ТВ) за административните обврски утврдени во Законот за медиуми и во ЗАВМУ. Прекршувања не беа констатирани;

- Контролен надзор на Вториот програмски сервис на Македонско радио (МРА2) за почитувањето на правилата за употреба на јазикот (член 64 став 1 од ЗААВМУ). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка;

- Контролни програмски и административни надзори на Вториот телевизиски програмски сервис на МРТ – МРТ2 за почитувањето на правилата за употреба на јазикот (член 64 став 3 од ЗААВМУ), заштита на малолетници (член 50 став 3 од ЗААВМУ), емитување изворно создадена програма (член 92 ставови 2 и 14 од ЗААВМУ) и за емитување импресум (член 14 од Законот за медиуми). Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречените мерки.

### 7.2. Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за доволата

Наплатата на надоместокот за дозволи за вршење радиодифузна дејност е уредена во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, додека пак пресметувањето, фактурирањето и наплатата на годишниот надоместок за дозволата за вршење телевизиско или радио емитување подетално е доуредено со Правилникот за процедурите на финансиското и сметководствено работење на Агенцијата, бр.01-6222/1 од 12.12.2014. Имено, за дозволата за телевизиско или радио емитување радиодифузерите со исклучок на јавниот радиодифузен сервис плаќаат годишен надоместок на сметка на Агенцијата. Годишниот надоместок се плаќа за секоја тековна година, почнувајќи од датумот на нејзиното доделување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата и се определува врз основа на формулата од член 80 од законот.

Во 2017 година, Агенцијата достави фактури за плаќање на годишниот надоместок за вршење телевизиско или радио емитување за периодот 2017-2018 година до сите трговски радиодифузни друштва и непрофитни радиодифузни установи. Само три радиодифузери (ТРД ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, ТДР ИНТЕЛ ДОО Струмица и ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево) не го платија надоместокот поради што Агенцијата им ги одзеде дозволите.

Во 2017 година беа изготвени вкупно 33 писмени извештаи за спроведени административни надзори, со кои беше утврдено дека одредени радиодифузери делумно или во целост не ја исполниле обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По седум извештаи за административни надзори не беа покренати постапки за одземање на дозволите, бидејќи непосредно пред иницирањето на постапката за одземање на дозволите радиодифузерите го платија надоместокот. Против 26 радиодифузери кои делумно или во целост не ја исполнија обрската од член 80 став 5 од Законот, согласно своите надлежности, Агенцијата покрена постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување. Од нив 23 радиодифузери го платија годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување, по што од страна на Советот на Агенцијата беа донесени исто толку заклучоци за запирање на покренатите постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување. На трите радиодифузера кои не го платија годишниот надоместок за телевизиско или радио емитување Агенцијата им ги одзеде дозволите (две дозволи за телевизиско емитување и една дозвола за радио емитување).

### 7.3. Стручен надзор

Во текот на 2017 година Агенцијата спроведе четири стручни надзори над три телевизии (ТВ Канал Визија, ТВ Арт Чаннел и ТВ Топ Естрада) и една радиостаница (РА Јехона), со цел утврдување на исполнувањето на техничките, просторните и кадровските услови наведени во барањето за добивање дозвола. Со надзорите беше констатирано дека сите четири радиодифузери во целост ги исполнуваат минималните услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

## 8. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Имајќи ја предвид важноста на прашањето за обезбедување јавност во работењето на радиодифузерите, во извештајната година Агенцијата спроведе неколку надзори за да констатира дали тие ги исполниле обврските утврдени во Законот за медиуми, според кои тие треба да обезбедат транспарентност кон регулаторното тело, односно кон Агенцијата и кон јавноста. Транспарентноста кон Агенцијата се должни да ја обезбедат на начин што до 31 март во тековната година ќе и достават податоци за сопственичката структура, уредништвото и за економското работење (член 15 став 1), додека пак обврската за транспарентност кон јавноста се должни да ја исполнат така што податоците за сопственоста, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година ќе ги објават на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата ќе достават снимка од објавената содржина (член 15 став 3).

Во Годишниот план за вршење административен надзор во 2017 година, беа утврдени роковите кога ќе се спроведуваат редовните надзори и согласно тие рокови, Агенцијата четири пати во текот на годината спроведе надзори над сите радиодифузери кои во утврдените рокови емитуваа радио или телевизиска програма. Дополнително, Агенцијата спроведе и уште три контролни надзори над оние радиодифузери кај коишто со редовните надзори беше костатирано дека не ја исполниле обврската.

Предмет на еден редовен надзор (спроведен во април) беше обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми и со него беше констатирано дека истата ја исполниле сите радиодифузери (вкупно 131) коишто емитуваа телевизиска или радио програма.

Останатите шест административни надзори се однесуваа на исполнувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми. Редовните надзори во врска со почитувањето на оваа одредба беа спроведени во април, јули и ноември 2017 година. Со надзорот во април беше констатирано дека од вкупно 131 радиодифузер, оваа обврска во првиот предвиден рок (најдоцна до 31 март 2017 година) не ја исполнила само радиостаницата Лав од Охрид, поради што Агенцијата писмено ја опомена и ѝ даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. Контролниот надзор над овој радиодифузер беше спроведен во мај и со него беше утврдено дека тој ги објавил на сопствената програма податоците за

сопственичката структура, одговорниот уредник и изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата доставил снимка од објавената содржина, со што во целост ја исполнил оваа обврска.

Во јули Агенцијата го спроведе вториот редовен административен надзор, со кој беше констатирано дека сите 130 радиодифузери ја исполниле горенаведената обврска во утврдениот рок (најдоцна до 30 јуни 2017 година).

Со надзорот во ноември беше утврдено дека обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми, од вкупно 132 радиодифузери, во третиот утврден рок (најдоцна до 31 октомври 2017 година) не ја исполните само три: ТВ Дибра од Дебар, РА Хепи од Скопје и РА Лав од Охрид. Агенцијата им изрече мерки опомени на овие три радиодифузери и им наложи во рок од 45 дена да го отстранат стореното прекршување. Контролните надзори на ТВ Дибра и на РА Хепи беа извршени во декември 2017 година, а на РА Лав во јануари 2018 година и со нив беше констатирано дека тие ја исполниле оваа обврска од Законот за медиуми,.

# 9. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## 1.4.1. Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите

Постапувајќи во рамките на своите законски надлежности, Советот на Агенцијата во извештајната година донесе шест одлуки со кои дозволи и една одлука со која забрани спроведување промена во сопственичката структура на радиодифузери.

Согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а откако беше констатирано дека со планираните промени не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и дека тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој закон, беа донесени одлуки со кои се дозволи промена во сопственоста на следните шест радиодифузери:

1. Трговското радиодифузно друштво ТВ МТМ ДООЕЛ Скопје, и тоа за истапување на единствениот сопственик на радиодифузерот - физичкото лице Зоран Давчев од Скопје и за пристапување на физичкото лице Гордана Андреевска, исто така од Скопје;
2. Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и тоа за истапување на физичкото лице Вања Гавриловски од Скопје и за пристапување на физичкото лице Емил Стојменов од Скопје, како единствен содружник на радиодифузерот;
3. Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, и тоа за истапување на физичкото лице Милица Гоговска од Скопје и за пристапување на физичкото лице Ристо Гоговски, исто така од Скопје;

4. Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, и тоа за истапување на правното лице Друштво за архитектура и инженеринг АРК ДИЗАЈН ДООЕЛ од Скопје и за пристапување на физичкото лице Ристо Гоговски од Скопје;

5. Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, и тоа за истапување на физичкото лице Зоран Додевски и за пристапување на физичкото лице Томислав Коцевски, и двајцата од Скопје, и

6. Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, и тоа за пренесување на дел од уделот на физичкото лице Ферик Велија од Гостивар на физичкото лице Имихане Велија од Врапчиште.

Во извештајната година, Советот на Агенцијата донесе одлука со која се забрани промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип. Промената не беше дозволена поради тоа што беше констатирано дека нејзиното спроведување би довело до создавање недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 алинеја 1, член 36 и член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, овој радиодифузер достави Известување за промена на сопственичката структура, со кое побара согласност за истапување на единствениот основач на радиодифузерот, правното лице ЦАБЛЕ 24 ДОО ЛИНЦ од Австрија, и за пристапување на правното лице Друштво за услуги, производство и трговија РОБИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ извоз-увоз Штип, чијшто единствен содружник е физичко лице коешто е поврзано лице, односно член на семејството на физичко лице коешто е основач на оператор на електронска комуникациска мрежа кој обезбедува реемитување и емитување на радио/телевизиски програми.

### 1.4.2. Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите

Во член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека пред спроведување на каква било промена на сопственичката структура, радиодифузерот е должен да ја извести Агенцијата, а во вториот став од овој член е утврдено дека радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата.

За да констатира дали во извештајната година некој радиодифузер извршил промена во сопственичката структура спротивно на овие одредби, Агенцијата во мај спроведе две проверки на начин што изврши споредба на податоците за сопственоста на трговските радиодифузни друштва со коишто таа располага и податоците за сопственоста од тековните состојби издадени од Централниот регистар на Република Македонија коишто самите радиодифузери ги доставија во Агенцијата во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми. Со овие проверки не беа констатирани прекршувања кај ниту еден радиодифузер.

Во октомври 2017 година, при редовен увид во огласниот дел на веб страницата на Централниот регистар на Република Македонија, стручната служба на Агенцијата констатираше дека истиот ден е извршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје. Оваа промена беше реализирана без претходно да биде известена Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член

41 став 2). Имајќи го предвид констатираното прекршување, Агенцијата писмено го опомена ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје и побара да ги достави потребните документи врз основа на кои беше испитано дали промената е во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Откако констатираше дека со неа не се прекршени одредбите од овој закон, Советот донесе одлука со која ја дозволи оваа промена.

### 1.4.3. Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречување недозволена медиумска концентрација

За да констатира дали работењето на радиодифузерите е во согласност со одредбите од член 37 (Ограничувања за стекнување сопственост) и член 39 (Недозволена медиумска концентрација) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата во текот на септември и октомври изврши увид во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, со кој провери на кои други трговски друштва се јавуваат како основачи самите радиодифузери, како и основачите и управителите на радиодифузерите. Имено, во членот 37 од Законот се утврдени ограничувања во поглед на бројот на радиодифузери коишто може да ги поседува едно физичко или правно лице, а во членот 39 се наведени дејностите кои се неспоиви со радиодифузната дејност, односно трговските друштва кај кои основачите и носителите на функција на управување во радиодифузерите, како и самите радиодифузери не смеат да се јават како основачи. При проверка на податоците, кај вкупно девет радиодифузери беше констатирано дека основачите или управителите истовремено се јавуваат и како основачи на трговски друштва чиишто називи упатуваат на можно постоење повреда на одредбите од член 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За да констатира од кои дејности овие правни лица остварувале приходи во 2016 година, Агенцијата побара од Централниот регистар да и издаде Информација за структурата на приходи по дејности (СПД) за секое од нив. Од добиените податоци беше видно дека ниту едно од овие девет трговски друштва не остварувало приходи од дејностите наведени во членот 39 во Законот. Оттука, со увидот не беа констатирани прекршувања на членовите 37 и 39 кај ниту еден радиодифузер.

Во декември 2016 година, Советот на Агенцијата донесе Одлука за поведување постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп. Постапката беше покрената поради тоа што беше констатирано дека управителот на овој радиодифузер истовремено се јавува како основач на трговско друштво чија приоритетната дејност/главна приходна шифра е 73.11 – Агенција за маркетинг. Со оглед на тоа дека во февруари 2017 година, радиодифузерот ја отстрани недозволената медиумска концентрација, во март Советот на Агенцијата донесе решение со кое беше запрена поведената постапка.

Во декември 2017 година, од страна на заинтересирано лице, до Агенцијата беа доставени податоци за евентуално постоење недозволена медиумска концентрација кај два радиодифузери – ТВ 24 Вести од Штип и РА Енџелс од Штип. Согласно одредбите од членот 43 од Законот, Агенцијата веднаш презеде активности за да ги испита добиените сознанија, а во 2018 година покрена постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација кај двата радиодифузери.

### 1.4.4. Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со посебните забрани за стекнување сопственост

Имајќи предвид дека по завршувањето на Предвремените парламентарни избори во декември 2016 година и Локалните избори во октомври 2017 година постоеше можност за појава на евентуална неусогласеност на работењето на радиодифузерите со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата во јануари и ноември 2017 година испрати укажување до сите радиодифузери, со кое им укажа на посебните забрани за стекнување сопственост утврдени во член 38 од овој закон, според кој *„политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност ниту да бидат основачи, сооснивачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите.“* Агенцијата ги извести радиодифузерите дека се должни, доколку настанале промени коишто можат да доведат до прекршување на овие одредби, да го усогласат своето работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во декември, стручната служба на Агенцијата увиде дека физичко лице коешто има исто име и презиме со основачот и управителот на локална телевизија од Кочани, по завршувањето на локалните избори што се одржаа во октомври 2017 година е избрано за член на Советот на општината Кочани. За целосно утврдување на фактите и околностите што се од значење за донесување правилна одлука, Агенцијата побара од Општинската изборна комисија – Кочани информација дали станува збор за истото лице. Одговорот пристигна во 2018 година, а во меѓувреме и радиодифузерот достави уредно и комплетно известување за промена на сопственичката структура.

## 10. ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Во Годишниот план за вршење програмски надзор за 2017 година беше предвидено редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да се спроведе двапати во текот на годината. Во текот на извештајната година, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беа евидентирани два субјекти, но едниот од нив се уште не ја вршеше дејноста. Оттука, редовен надзор беше спроведен само на Акционерското друштво за електронски комуникации Македонски Телеком од Скопје, и тоа во јуни и во октомври, а предмет на надзорот беше исполнувањето на обврските од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, коишто се однесуваат на забраната за пренесување на кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49), заштитата на малолетни лица (член 50) и промоцијата на производство и пристап до европски дела (член 60). Со двата надзори, беше констатирано дека давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнува обврските од Законот.

# 11. ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

## 12. 1. Регистрација на програмски пакети

Во 2017 година, од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи до Агенцијата беа доставени вкупно 332 пријави за регистрација на пакет програмски сервиси. По извршена проверка на комплетноста и уредноста на доставените пријави, врз основа на што беше констатирано дека операторите ги имаат уредено правата за реемитување согласно Законот за авторските права и сродните права, Агенцијата издаде вкупно 366 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Во извештајниот период, врз основа на доставено барање од страна на подносителот, Агенцијата донесе пет заклучоци за запирање на постапката за издавање на потврда за регистрација на пакет програмски сервиси, а поради некомплетност на поднесените пријави и непостапување по претходно доставено писмено известување до подносителите да ја докомплетираат и доуредат пријавата, Агенцијата донесе 31 заклучок согласно кои се смета дека пријавите не се доставени.

## 12.2. Програмски надзор

Програмскиот надзор врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Агенцијата го спроведува како редовен (врз основа на Годишниот план за програмски надзор за 2017 година), вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност) и контролен (по истекот на рокот утврден во изречената мерка).

Во 2017 година Агенцијата спроведе вкупно 34 надзори над операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 21 редовен, 6 вонредни и 7 контролни надзори (едниот од нив на 24 оператори). Од нив, 33 надзори беа спроведени за да се констатира дали операторите ги исполнуваат следните обврски кои за нив се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно: дали програмските сервиси што ги реемитуваат се претходно регистрирани во Агенцијата (член 141), дали програмските сервиси со порнографска содржина ги реемитуваат само во кодиран облик (член 50 став 5), дали титлувањето на реемитуваните програмски сервиси, доколку е на јазик различен од оној на кој оригинално се преведени, е на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите (член 64 став 2) и дали домашните телевизиски станици ги реемитуваат само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување (член 143).

**Јануари**

- Два редовни надзори на операторите РОБИ Скопје (аналоген и дигитален пакет) и ТОТАЛ ТВ. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

**Февруари**

- Редовен надзор на операторите ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ Кавадарци и СПАЈДЕР – НЕТ Гевгелија, со кои беше констатирано дека овие два оператори во целост ги исполнуваат обврските од законот.

**Март**

- Редовен надзор на операторот КАБЛЕКАЛЛ Кичево со кој беше констатирано прекршување на членот 141, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси коишто не се регистрирани согласно со овој член од ЗАВМУ.

**Април**

- Редовен надзор на операторите Канал 16 Ресен и ТРАНШПЕД ТРЕЈД Крива Паланка. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

- два контролни надзори, од кои едниот на операторот КАБЛЕКАЛЛ Кичево за констатирано прекршување на член 141 од законот, а другиот на вкупно 24 оператори, и тоа на: ПЕТ НЕТ Гевгелија, КАБЛЕКАЛЛ Кичево, КАБЕЛ Струмица, СКУПИ КАБЛЕ Скопје, ФИЛАДЕЛФИЈА-2002 Скопје, КАБЕЛ РИЗ Скопје, СКРЕМБЛ Ново Село, КДС-ВТ Пробиштип, АСТРА ПЛУС Скопје, ВИНСАТ КАБЕЛ Виница, БИВ ПИРАМИДА с.Звегор Делчево, КТВ-69 с.Истибања Виница, КАБЕЛ-Л-НЕТ с.Лабуништа Струга, КАБЕЛ-НЕТ Струмица, СПАЈДЕР-НЕТ Гевгелија, АЛТРА - САТ 2000 Охрид, ФИБЕРНЕТВОРКС Скопје, КАНАЛ 16 Ресен, СТУДИО АНДЕС Скопје, ВИВА НЕТ Берово, МУЛТИМЕДИЈА НЕТВОРК Л Гостивар, ТЕЛЕНЕТ КОМ Тетово, ВОКС КАТВ Гостивар и КАБЕЛ АС КТВ Македонски Брод. Целта на надзорот беше да се констатира дали операторите го испорачале својот излезен сигнал согласно законската обврска од член 144 став 3 и согласно „Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање“. Со двата надзори беше констатирано дека сите оператори во целост постапиле по решенијата за преземање мерка.

**Мај**

- Редовен надзор на операторите Алтра Сат Охрид и ВИВА НЕТ Берово, со кој беше констатирано дека и двата оператори реемитуваат програмски сервиси што не се регистрирани согласно член 141 од Законот, за што Агенцијата им изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

**Јуни**

- Два редовни надзори на операторите ПЕТ НЕТ Гевгелија и СПАЈДЕР-НЕТ Гевгелија. Прекршување беше констатирано само кај операторот ПЕТ НЕТ Гевгелија, и тоа на членот 141, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси коишто не се регистрирани согласно со овој член од ЗАВМУ.

- Контролен надзор на операторите Алтра Сат Охрид и ВИВА НЕТ Берово, со кој беше утврдено дека во целост постапиле по претходно изречените решенија за преземање мерка.

**Јули**

- Редовен надзор на операторите Мултимедија Нет-Гостивар и Теленет Тетово. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

- Вонреден надзор врз операторот Мултимедија Нет – Скопје, со кој беше констатирано прекршување на член 141 од Законот поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси

- Контролен надзор над операторот ПЕТ НЕТ Гевгелија, со кој беше констатирано дека во целост постапил по решението за преземање мерка.

**Август**

- Редовен надзор на операторите КДС Кабел Нет Прилеп и ВОКС Гостивар, со кој беше констатирано дека овие два оператори во целост ги исполнуваат обврските од Законот.

- Контролен надзор на операторот Мултимедија Нет – Скопје со кој беше констатирано дека во целост постапил по решението за преземање мерка.

**Септември**

- Редовен надзор на операторите КАБЕЛ ДОО Струмица и Скупи Кабле Скопје. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

**Октомври**

- Редовен надзор на операторите Инфел-КТВ Охрид и КАБЕЛ-Л-НЕТ Лабуништа со кој не беа констатирани прекршувања од законот.

- Вонреден надзор врз работењето на операторот Роби Штип - подружница Битола, по добиена претставка. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

**Ноември**

- Редовен надзор на операторите Македонски Телеком и Неотел. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

- Два вонредни надзори, по претходно добиени претставки, врз работењето на операторите ОНЕ.ВИП и КДС Кабел Нет Прилеп - подружница Демир Хисар. Прекршување беше констатирано само кај операторот ОНЕ ВИП, и тоа на членот 141, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси коишто не се регистрирани согласно со овој член од ЗАВМУ.

**Декември**

- Вонреден надзор на операторите Роби Штип и Македонски Телеком. Кај двата оператори не беа констатирани прекршувања.

- Контролен надзор на операторот ОНЕ.ВИП, со кој беше констатирано дека операторот во целост постапил по решението за преземање мерка.

### 10.3. Следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, се должни најдоцна до 15 април во тековната година да го платат годишниот надоместок за надзор, врз основа на претходно доставено решение и фактура од Агенцијата. На почетокот на март, до вкупно 40 оператори кои реемитуваат програмски сервиси и до еден давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, Агенцијата испрати барање за доставување податоци за годишниот приход остварен во 2016 година. Врз основа на доставените извештаи, во текот на 2017 година беа изготвени и издадени 34 фактури (33 кон операторите кои реемитуваат програмски сервиси и една за давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање). Обврската за плаќање ја исполнија сите 34 субјекти.

## 13. ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во насока на следење на обврските коишто за издавачите на печатени медиуми произлегуваат од Законот за медиуми, Агенцијата во 2017 година спроведе вкупно 16 административни надзори, и тоа шест редовни, пет контролни и пет вонредни. Од нив, 14 се однесуваа на исполнувањето на обврската од член 14 став 1 (објавување импресум), а два на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од овој закон (обезбедување јавност во работењето).

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2017 година, во февруари беа извршени два редовни надзори во врска со почитувањето на член 14 став 1 од законот, според кој издавачот на медиум е должен на видно место за секој примерок од печатен медиум да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци. Надзорите беа спроведени над работењето на 18 издавачи на печатени медиуми, а беа опфатени вкупно 28 весници и магазини (27 со едниот надзор и еден со вториот надзор). Со нив беше констатирано дека кај сите во целост е исполнета обврската за објавување импресум.

Во врска со исполнувањето на оваа обврска, во март беше спроведен вонреден надзор на уште еден издавач на печатен медиум (МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје), а беше утврдено дека импресумот кај печатениот медиум кој тој го издава (неделникот „Скопско

ехо“) не ги содржи сите податоци утврдени во член 14 став 1 од Законот за медиуми, поради што Агенцијата му изрече мерка опомена и му наложи во рок од 30 дена да го отстрани стореното прекршување.

Во април Агенцијата спроведе редовен надзор за почитувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според кој издавачите на печатени медиуми се должни податоците за сопственичката структура (податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување) да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да и достават на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Од вкупно 21 издавач на печатен медиум на кои им беше спроведен надзор, обврската не ја исполнија два субјекти (НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Мој дом“, и МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделниот весник „Скопско ехо“), поради што Агенцијата писмено ги опомени и има даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласат своето работење со законот.

Во мај беа извршени еден контролен и два вонредни надзори над работењето на издавачи на печатени медиуми. Контролниот надзор беше направен за да се констатира дали издавачот МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје постапил по опомената која му беше изречена поради необезбедување јавност во работењето, при што беше констатирано дека тој го отстранил претходно стореното прекршување, односно ги објави податоците за сопственичката структура во дневен весник и исечок од објавата доставил до регулаторното тело (Контролен надзор над НАМ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не беше направен затоа што овој издавач ја извести Агенцијата дека веќе не го издава магазинот „Мој дом“). Вонредните надзори се однесуваа на почитувањето на член 14 став 1 од законот. Со нив беа опфатени три печатени медиуми, кај кои во целост беше исполнета оваа обврска.

Следниот месец Агенцијата изврши еден контролен и два редовни административни надзори, сите во врска со обврската за објавување импресум. Контролниот надзор беше спроведен на МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум постапил по опомената којашто во март му беше изречена поради непочитување на оваа обврска во неделникот „Скопско ехо“. Редовните надзори, пак, беа направени согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2017 година, и тоа на работењето на 22 издавачи на печатени медиуми. Со нив беше констатирано дека обврската од член 14 став 1 не е во целост исполнета само кај три од вкупно 29 опфатени медиуми, и тоа кај неделниот весник „Капитал“ и кај магазините „Порта 3“ и „Мини Либи“. Агенцијата ги опомена издавачите на овие медиуми (КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, БИРО ПРЕС ДОО Скопје и АРС ЛАМИНА ДОО Скопје), а согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, им даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласат своето работење со Законот за медиуми.

Трите контролни надзори на овие субјекти беа спроведени во септември и со нив беше констатирано дека сите во целост постапиле по опомените и ги остраниле прекршувањата за коишто биле опоменети.

Редовниот надзор во октомври беше спроведен над работењето на 21 издавач на печатен медиум, а беа опфатени вкупно 30 медиуми. Агенцијата утврди дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е делумно исполнета само кај магазинот „Бахче", поради што писмено го опомена издавачот на овој медиум (ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје) и му даде дополнителен рок од 30 дена да го усогласи своето работење со одредбите од овој закон.

Од аспект на усогласеноста на работењето со член 14 став 1 од Законот за медиуми, Агенцијата во декември изврши два вонредни административни надзори на два издавачи на печатени медиуми (ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен" и ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на магазинот „Штипски глас"). Поради тоа што и двата не ја исполниле во целост оваа обврска, Агенцијата им изрече писмени опомени и им наложи во рок од 30 дена да ги отстранат констатираните прекршувања. Контролниот надзор на ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје Агенцијата го спроведе во јануари 2018 година, а на ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип ќе го спроведе по истекот на рокот определен во опомената упатена од страна на регулаторното тело.

# 14. ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

## 14.1. Преземени мерки кои произлегоа од следењето на изборното медиумско претставување во 2017 година

### 14.1.1. Предвремени парламентарни избори од декември 2016 година

Во јануари 2017 година, Агенцијата заврши со реализација на активностите во врска со доставените предлози на Привремената комисија за следење на изборното медиумско претставување, при што спроведе пет постапки за порамнување, односно прекршочни постапки – со барање за изрекување глоба[21], против пет радиодифузери, а поради повторени прекршувања на Изборниот законик (ИЗ). Имено, согласно член 196-и став 2 од ИЗ, кој пропишува дека доколку прекршокот се повтори, судот ќе изрече глоба во износ утврден во членовите 181, 181-а, 182, 183, 183-а и 189-а од Законикот:

- за прекршување на член 75-ѓ став 1 од ИЗ – емитување повеќе од осум минути ППР во еден реален час за политичките партии на власт или опозиција, или емитување повеќе од една минута ППР за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, спроведени се две постапки за порамнување, со два радиодифузери од кои едната е успешно завршена, а другата не заврши успешно и за истата беше поведена прекршочна постапка – глоба пред надлежен суд и
- за прекршување на член 76-б став 3 од ИЗ – прекршување на изборниот молк, спроведени се три постапки за порамнување со три радиодифузери, од кои две постапки

[21] Детални податоци за поведените прекршочни постапки за повреди на одредбите од Изборниот законик, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година, а реализирани во 2017 година, се дадени во табеларниот преглед приложен кон Извештајот (Прилог бр.__)

за порамнување се успешно завршени, а една постапка за порамнување заврши неуспешно и за неа беше поведена прекршочна постапка – глоба пред надлежен суд.

### 14.1.2. Локални избори 2017

Согласно законската надлежност во рок од 48 часа по утврдување на сторени прекршувања на одредбите од Изборниот законик да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд, за време на Локалните избори, кои се одржаа на 15 октомври 2017 година (прв круг), 29 октомври (втор круг) и 12 ноември (трет круг), до надлежен суд против радиодифузерите и одговорните лица на радиодифузерите, кои ги повредија одредбите од Изборниот законик, Агенцијата покрена 14 прекршочни постапки[22] од кои:

- за прекршувања на член 75 став 1 од ИЗ, беа поведени четири прекршочни постапки против два радиодифузера, поради необезбедување покривање на изборите на избалансиран начин во вкупната програма и против два радиодифузера поради необезбедување покривање на изборите на непристрасен начин во својата вкупна програма;
- за прекршувања на член 75-ѓ став 1 од ИЗ, беа поведени три прекршочни постапки против два радиодифузера, поради емитување повеќе од осум минути ППР во еден реален час за политиките партии во опозиција, односно емитување повеќе од една минута ППР за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија;
- за прекршувања на член 76 став 4 од ИЗ, поведени се две прекршочни постапки против два радиодифузера, поради емитување ППР во посебни информативни програми;
- за прекршувања на член 76-б став 3 од ИЗ, поведени се две прекршочни постапки против два радиодифузера, поради прекршување на изборниот молк;
- за прекршувања на член 76 став 2 од ИЗ, поведена е една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради тоа што нарачателот на ППР не бил јасно означен;
- за прекршувања на член 77 став 1 од ИЗ, поведена е една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес на Локалните избори 2017 година, по истекот на законски пропишаниот рок за тоа (најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање), и
- за прекршувања на член 77 став 2 од ИЗ, поведена е една прекршочна постапка против еден радиодифузер, поради објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење, без да се наведат податоците за веродостојноста на испитувањето, односно за: нарачателот на испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.

### 14.1.3. Други постапувања на Агенцијата кои произлегоа од следењето на изборното медиумското претставување во 2017 година

Поради неадекватно и неусогласено постапување од страна на судиите на Основните судови во Република Македонија, во однос на неосновано отфрлање на барањата за

[22] Детални податоци за поведените прекршочни постапки за повреда на одредбите од Изборниот законик во 2017 година се дадени во табеларниот преглед приложен кон Извештајот (Прилог бр.__)

поведување на прекршочна постапка поднесени од страна на Агенцијата како ненавремени, како и поради постоење на други законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе, во извештајната година Агенцијата испрати:

- Барање за доставување стручно мислење и барање за поднесување барање за заштита на законитост до Јавното обвинителство на Република Македонија, доставено по повод Решението на Основниот суд Дебар со кое на Агенцијата како подносител и се врати барањето за поведување прекршочна постапка поднесено против радиодифузер, на постапка на порамнување и спогодување, иако стануваше збор за прекршок сторен по прв пат, за кој во Изборниот Законик изрично е предвидена прекршочна санкција – опомена. Ваквото решение беше потврдено и од страна на Апелациониот суд Гостивар. Па така, Агенцијата од Јавното обвинителство на Република Македонија побара стручно мислење за тоа како да постапи и како да биде обезбедено извршувањето на судската одлука во случај кога Изборниот законик предвидува изрекување на прекршочна санкција – опомена, а судот е на поинакво мислење и го враќа предметот на постапка на порамнување и спогодување, и покрај тоа што станува збор за изрекување на прекршочна санкција – опомена. Исто така, Агенцијата побара од Јавното обвинителство на Република Македонија да поднесе барање за заштита на законитоста до Врховниот суд на Република Македонија, согласно утврдените законски надлежности. До моментот на изработка на овој извештај, Јавното обвинетелство на Република Македонија се нема произнесено по повод доставените барања;
- Претставка за разгледување и преиспитување на работата на судија на Основен суд Скопје I Скопје до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, која беше доставена поради донесување на десет решенија со кои судијата неосновано ги отфрли како ненавремени сите барања за поведување прекршочна постапка поднесени од страна на Агенцијата, бидејќи биле поднесени после истекот на преклузивниот рок од 48 часа од утврдување на прекршокот. Во однос на претставката доставена од страна на Агенцијата, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, одлучи да се отфрли иницијативата како неоснована;
- Претставка за разгледување и преиспитување на работата на судија на Основен суд Дебар и на Советот на судии од Апелациониот суд Гостивар до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, која беше доставена по повод Решението од страна на Основниот суд Дебар со кое на Агенцијата како подносител ѝ се врати барањето за поведување прекршочна постапка поднесено против радиодифузер, на постапка на порамнување и спогодување, иако стануваше збор за прекршок сторен по прв пат, за кој во Изборниот Законик изрично е предвидена прекршочна санкција – опомена. Ваквото решение беше потврдено и од страна на Апелациониот суд Гостивар. Во однос на претставката доставена од страна на Агенцијата, Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија одлучи да се отфрли иницијативата како неоснована.
- Барање за доставување стручно мислење до Министерство за правда на Република Македонија со предлог за измена на Изборниот законик. Барањето се однесуваше на спроведувањето на забрзана постапка за порамнување, при што од страна на Агенцијата беше даден предлог истата да биде изрично пропишана во Изборниот законик, со наведување на тоа дали неа ја спроведува овластениот подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка или судот. Од Министерството за правда до Агенцијата доставено е Мислење во кое е наведена целта

на забрзаните постапки и цитиран е член 178-а од Изборниот законик согласно кој забрзаната постапка повеќе не се спроведува. Исто така, во Мислењето наведено е и дека Министерството за правда не е надлежно да коментира судски одлуки;

○ Известување до Врховен суд на Република Македонија, кое беше доставено со цел Врховниот суд да утврди дали постојат индиции за нестручно и несовесно вршење на судската функција на некои од судиите кои одлучуваа во прекршочни постапки. Агенцијата побара од Врховниот суд и став околу тоа дали по утврдувањето на прекршувањето на Изборниот законик, а пред да ја покрене прекршочната постапка пред надлежниот суд, регулаторното тело треба или не треба да им предложи постапка за порамнување на сторителите. Истовремено, Агенцијата укажа и на фактот дека барањата за поведување на прекршочни постапки поднесени против еден ист радиодифузер се распределени кај еден ист судија и му предложи на Врховниот суд да утврди дали евентуално постојат индиции за несовесно работење на Судот при распоредувањето на прекршочните постапки како и да преземе понатамошни дејствија. До моментот на изработка на овој извештај, Врховниот суд на Република Македонија нема доставено одговор на известувањето поднесено од страна на Агенцијата, и

○ Известување до Судскиот совет на Република Македонија, кое беше доставено со цел Советот да утврди дали постојат индиции за нестручно и несовесно вршење на судската функција на некои од судиите кои одлучуваа во прекршочните постапки. Наведеното од причина што во исти прекршочни постапки, Апелациониот суд донесе дијаметрално спротивни одлуки. Исто така, од страна на Судскиот совет беше побарано да утврди дали при распоредувањето на прекршочните постапки евентуално постојат индиции за несовесно работење на Судот, како и да преземе понатамошни дејствија. До моментот на изработка на овој извештај, Судскиот совет на Република Македонија до Агенцијата нема доставено одговор на поднесеното известување.

## 14.2. Преземени мерки кон издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси

Во член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пропишано е дека Агенцијата е надлежна да презема мерки во случаите кога е извршена повреда на одредбите од овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, директорот на Агенцијата, согласно член 23 од Законот, може да ги преземе следниве мерки:

- да донесе решение со кое ќе го опомене;
- да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет во текот на годината;
- да достави предлог до Советот за одземање на дозволата или

- да донесе решение за бришење од регистарот согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Преземените мерки со детално образложение, Агенцијата ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од денот на преземање на мерката.

Согласно член 29 од Законот за медиуми, Агенцијата врши исклучиво административен надзор над исполнувањето на обврските утврдени во членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми, а мерките кои таа може да ги преземе и кои се утврдени во член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреди на одредбите од Законот за медиуми.

За констатирани непочитувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и на подзаконските акти, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во извештајната година Агенцијата презеде вкупно 97 мерки, од кои:

- 56 решенија за преземање мерка – опомена (од нив 41 за радиодифизерите, осум за издавачите на печатени медиуми и седум за операторите на јавни електронски комуникациски мрежи)[23];
- една прекршочна постапка против радиодифузер[24];
- 28 поведени постапки за одземање на дозвола[25] и
- 12 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[26].

## 14.2.1. Преземени мерки против радиодифузерите

### Изречени мерки - опомени

Во текот на 2017 година, Агенцијата изрече вкупно  41 мерка – опомена кон 30 радиодифузери, и тоа:

- една поради неизвестување на Агенцијата за промена на сопственичка структура и спроведување на промена на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (член 41 став 1 и став 2 од ЗАВМУ);
- една поради пренесување кинематографско дело без договор за уредени права за емитување, склучен со имателот на правата (член 49 од ЗАВМУ);

---

[23] Деталните податоци за преземените решенија за изречените мерки - опомени кон радиодифузерите, издавачи на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во табеларните прегледи на крајот на Извештајот „Преземени мерки – опомени во 2017 година“ (Прилог бр._, __ и __).
[24] Детален податок за поведената прекршочна постапка кон радиодифузер е наведен во табеларниот преглед на крајот на Извештајот „Преземени мерки – успешно спроведени постапки за порамнување во 2017 година“ (Прилог бр.__).
[25] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување се наведени во табеларните прегледи на крајот на Извештајот „Преземени мерки – предлози до Советот за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување во 2017 година“ (Прилог бр.__).
[26] Деталните податоци за преземените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во табеларните прегледи на крајот на Извештајот „Преземени мерки – решенија за бришење од регистарот на радиодифузери од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2017 година“ (Прилог бр.__).

- една поради непочитување на правилата за заштита на малолетната публика од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички и морален развој - емитување промотивни најави за играна програма без да бидат означени со сигнализација за заштита на малолетните лица (член 50 став 3 од ЗАВМУ и член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица)[27];
- една поради необезбедување на информации што треба да им се направат достапни за корисниците (член 51 став 1 од ЗАВМУ);
- една поради тоа што во програма со наградно учествување не беа објавени правилата за учество во програмата, ни информации за јавно ветените награди (член 52 од ЗАВМУ);
- една поради непочитување на правилата за емитување програма во која се пласирани производи (член 55 став 6 и став 7 од ЗАВМУ);
- три опомени заради констатирани повреди на член 64 од ЗАВМУ, и тоа:
  - ✓ една поради емитување делови од програмата (најава за идентификација на програмскиот сервис) на англиски јазик, без истите да бидат емитувани на македонски јазик (член 64 став 1 од ЗАВМУ);
  - ✓ две поради необезбедување превод на македонски јазик, односно на јазикот на заедницата што не е мнозинство, на програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите (член 64 став 3 од ЗАВМУ);
- девет опомени поради констатирана повреда на член 92 од ЗАВМУ, односно поради неисполнување на обврските за емитување музика и за програми изворно создадени на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија, од кои:
  - ✓ една поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на албански и на македонски јазик, од која половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 1 и став 14 од ЗАВМУ);
  - ✓ една поради неисполнување на обврската од страна на јавниот радиодифузен сервис за дневно емитување најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик односно на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија од која половина во периодот од од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 2 и став 14 од ЗАВМУ);
  - ✓ една поради непочитување на обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% народна музика и 50% забавна музика, неемитување најмалку половина од законскиот минимум музика во периодот од 07:00 до 19:00 часот и необезбедување соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика (член 92 став 4 и став 6 од ЗАВМУ);
  - ✓ две поради неемитување половина од изворно создадената програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, во периодот од 07:00 до 19:00 часот (член 92 став 14 од ЗАВМУ);
  - ✓ четири поради необезбедување најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика во текот на

[27] Достапен на веб страницата на Агенцијата http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravillnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

денот да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија (член 92 став 15 од ЗАВМУ);

- една поради употреба на знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за радио емитување и недоставување примерок од новиот знак за идентификација до Агенцијата (член 97 став 4 и став 5 од ЗАВМУ);
- три поради необјавување на податоци (импресум) од страна на радиодифузерите кои се должни истите да ги емитуваат на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис (член 14 од Законот за медиуми);
- четири поради необјавување на сопствената програма податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и недоставување снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата (член 15 став 3 од Законот за медиуми);
- 15 поради неисполнување на обврската од страна на радиодифузерите во законски предвидениот рок за доставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за телевизиско/радио емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа (член 15 став 5 од Законот за медиуми).

### Покренати прекршочни постапки/спроведени забрзани постапки за порамнување

Врз основа на извршен програмски надзор, Агенцијата констатираше дека еден радиодифузер продолжил со вршење на истата повреда за која бил опоменат во текот на годината. Следствено на тоа, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, Агенцијата спроведе постапка за порамнување/постапка за издавање на прекршочен платен налог, која заврши успешно, односно сторителите на прекршокот (радиодифузерот и одговорното лице на програмата во правното лице) во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, платија половина од висината на глобите утврдени во казнените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Покренати постапки за одземање на дозволата на радиодифузерите

Во извештајната година, Советот на Агенцијата покрена вкупно 28 постапки за донесување одлуки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување. Најголемиот број од нив (26) беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување во законски утврдениот рок (член 80 став 5 од ЗААВМУ), а две поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ).

Вкупно 24 постапки беа запрени од причина што радиодифузерите го усогласија своето работење со ЗАВМУ, а за едно трговско радиодифузно друштво што поседува дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, донесената одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување

беше поништена, односно беше донесено решение за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.[28]

Поради неотстранување на повредите на ЗАВМУ, три иницирани постапки завршија со одземање на дозволите од страна на Агенцијата. Имено, одземени беа дозволи на едно трговско радиодифузно друштво што поседуваше дозвола за радио емитување на локално ниво преку терестријален предавател, едно трговско радиодифузно друштво што поседуваше дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс и на еден радиодифузер што поседуваше дозвола за телевизиско емитување на локално ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

### Бришење од регистарот на радиодифузери

Во текот на 2017 година, Агенцијата донесе 12 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, и тоа:

- Дозволите на следните осум радиодифузери престанаа да важат по сила на закон, откако тие во Агенцијата доставија писмена изјава дека престануваат со емитување на телевизиска/радио програма (член 85 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ): ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово, ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, ТРДТА ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, ТРД ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје, ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје и ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје, ТРД за производство и емитување ЕМИ – Џевдет ДООЕЛ с.Жировница,Ростуше и ТРД ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ с.Матејче, Липково, а

- Дозволите на следните четири радиодифузери престанаа да важат по сила на закон – со одземање на дозволата од страна на Агенцијата (член 85 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ): ТРД ТВ АРТ Артан ДОО Тетово, ТДР ИНТЕЛ ДОО Струмица и ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје (кое решение не произведува правно дејство бидејќи од страна на Советот на Агенцијата е донесена Одлука за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување) и ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево.

## 14.2.2. Преземени мерки против издавачите на печатени медиуми

### Изречени мерки – опомени

Во 2017 година, Агенцијата донесе девет решенија за преземање мерка – опомена кон издавачите на печатени медиуми. Седум од нив беа изречени поради неисполнување на обврската за објавување импресум - на видно место за секој поединечен примерок од печатен медиум да се објават податоци за: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на

[28] Донесена е Одлука за поништување на одлуката за одземање на дозвола за телевизиско емитување од страна на Советот на Агенцијата

медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување како и бројот на печатени примероци (член 14 став 1 од Законот за медиуми), а две заради неисполнување на обврската најдоцна до 31 март во тековната година  во најмалку еден дневен весник да ги објават податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, и во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Агенцијата да достават исечок од објавата (член 15 став 2 од Законот за медиуми).

### 14.2.3. Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

#### Изречени мерки – опомени

Во текот на 2017 година, со спроведен програмски надзор на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, беше констатирано реемитување програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата согласно член 141 од ЗАВМУ, за што Агенцијата донесе вкупно шест решенија за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси.

# 15. ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

## 15.1. Доделување дозволи за радио/телевизиско емитување по пат на јавен конкурс

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во извештајната година, по претходно распишан јавен конкурс донесе две одлуки за доделување дозвола за радио емитување и тоа:

- една одлука за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно – музичко радио со претежно информативен општ формат, на албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово (Одлука Уп 1 бр.08-20 од 17.01.2017 година) и

- една одлука за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко – говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани (Одлука Уп 1 бр.08-216 од 15.05.2017 година).

Во 2017 година, Советот на Агенцијата по писмено барање поднесено од заинтересирана страна донесе една одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола на непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на ромски и македонски јазик, на подрачјето на општина Штип, кој ќе се емитува преку радиофрекфенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 90.0 MHz. Поради тоа што во

утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Советот на Агенцијата донесе Одлука дека објавениот јавен конкурс не е успешен (Одлука Уп 1 бр.08-341 од 04.08.2017 година).

Советот на Агенцијата, во извештајниот период, по повод четирите доставени писмени барања од заинтересирани страни (радиодифузери – иматели на дозволи) за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, донесе 4 (четири) одлуки дека не се објавува јавен конкурс. Предметните одлуки беа донесени од причина што поради изборниот период во Република Македонија во 2016 година од страна на Агенцијата не можеше да биде запазен рокот за донесување одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување, пропишан во член 70 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кој рок е облигаторен и преклузивен, и тоа:

- Одлука Уп1 бр.08-280 од 05.06.2017 година дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, и дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, со претежно образовен општ формат на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, по писмено барање поднесено од заинтересирана страна (радиодифузер), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Одлуката беше донесена во врска со барањето на еден ист субјект за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво и за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно образовен општ формат на државно ниво.

- Одлука Уп 1 бр.08-539 од 05.06.2017 година дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, по писмено барање поднесено од заинтересирана страна (радиодифузер) со Известување, за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс,

- Одлука Уп 1 бр.08-279 од 05.06.2017 година дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, по писмо за намера (барање) од заинтересирана страна (радиодифузер), за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и

- Одлука Уп 1 бр.08-57 од 05.06.2017 година дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, и дека не се објавува јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, со претежно образовен општ формат на државно ниво, на територија на Република Македонија, преку дигитален терестријален мултиплекс на македонски јазик и на јазик и/или јазици на етничките заедници кои живеат во Република Македонија. по писмено барање поднесено од заинтересирана страна (радиодифузер), со дополнување, за распишување конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Одлуката беше донесена во врска со барањето на еден ист субјект за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис, од општ формат со сите три медиумски функции на државно ниво и за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно образовен општ формат на државно ниво.

Во извештајната година до Агенцијата беа доставени две писмени барања од заинтересирана страна за донесување на одлуки за објавување на јавен конкурс за доделување на две дозволи за радио емитување од кои едната на територијата на град Скопје, а другата на подрачјето на општина Струмица. По повод поднесените барања, Советот на Агенцијата донесе две Одлуки (Уп 1 бр.08-485 од 26.12.2017 година и Уп 1 бр.08-486 од 26.12.2017 година) со кои барањата беа одбиени бидејќи согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известувањата доставени од Агенцијата за електронски комуникации, се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје односно на подрачјето на општина Струмица.

Покрај тоа, во октомври 2017 година, до Агенцијата беше доставено писмо со намери (барање) за добивање дозвола за локална радиостаница на подрачјето на општина Струга. Јавниот конкурс за доделување дозвола е објавен во 2018 година.

## 15.2. Доделување дозволи за радио/телевизиско емитување без јавен конкурс

Во 2017 година, по претходно поднесени писмени барања од заинтересирани страни за доделување дозволи за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс без објавување на јавен конкурс, Агенцијата додели три дозволи и тоа:

- една дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на територијата на Република Македонија на Трговското радиодифузно друштво АРТ ЧАННЕЛ ДООЕЛ експорт – импорт Тетово (Одлука Уп 1 бр.08-75 од 28.02.2017 година);

- една дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на подрачјето на радиодифузниот регион Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Желино, Јегуновце

и Теарце) на Трговското радиодифузно друштво ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово (Одлука Уп 1 бр.08-102 од 08.03.2017 година) и

○ една дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на на локално ниво на подрачјето на општините Прилеп, Долнени и Кривогаштани, на Трговското радиодифузно друштво Вижн БМ – ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп (Одлука Уп 1 бр.08-285 од 25.07.2017 година).

### 15.3. Престанок на важност на дозволи по сила на закон

Во извештајната година, по сила на закон престана важноста на дозволите за телевизиско и радио емитување на следните радиодифузери:

➢ со писмена изјава на имателот на дозволата дека престанува со емитување телевизиска/радио програма на:

1. ТРДТА ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје,
2. ТРД ХДТВ МЕГА ДООЕЛ Скопје,
3. ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје,
4. ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје,
5. ТРД за производство и емитување ЕМИ – Џевдет ДООЕЛ с.Жировница,Ростуше и
6. ТРД ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ с.Матејче, Липково.

➢ со писмена изјава на имателот на дозволата дека се откажува од постојната дозвола поради добивање нова дозвола, на:

1. ТРД ТОПЕСТРАДА ДООЕЛ Тетово и
2. ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп.

➢ со одземање на дозволата поради неплаќање на надоместокот на:

1. ТРД ТВ АРТ Артан ДОО Тетово,
2. ТДР ИНТЕЛ ДОО Струмица,
3. ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево.

## 16. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

### 16.1. Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година[29]

Со цел да обезбеди релевантни и прецизни податоци за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата во јули ја изработи „Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година“, во која во два

[29] Анализата е достапна на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analinaliza_na_pazarot_ns_sudio_i_audiovizuelni_mediumski_uslugi_za_2016_godina.-min.pdf

посебни дела се претставени податоците за економското работење на радиодифузерите во 2016 година (вкупни приходи и структура на приходите, вкупни трошоци и структурата на трошоците, финансиски резултат од работењето, како и просечен број на вработени во редовен работен однос) и податоците за гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците во анализираната година, коишто по нарачка на Агенцијата ги обебзбеди истражувачката агенција Маркет Вижн од Скопје.

### 16.2. Извештај за преземените активности на Агенцијата во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање

Во јануари Агенцијата изработи „Извештај за преземените активности на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на следење на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите на финансирање во периодот од 01 јули до 31 декември 2016 година“. Во Извештајот е даден преглед на промените во сопственичката структура на радиодифузерите коишто Агенцијата ги одобри во втората половина од 2016 година, потоа преглед на активностите преземени за да се констатира дали работењето на радиодифузерите е во согласност со одредбите од член 37 (Ограничувања за стекнување сопственост) и член 39 (Недозволена медиумска концентрација) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и преглед на активностите во врска со почитувањето на обврската на радиодифузерите за обезбедување јавност во нивното работење.

### 16.3. Насоки за идентификација на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање[30]

Во март Агенцијата го изработи документот „Насоки за идентификација на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање“, кој обезбедува основни насоки за утврдување критериуми според кои одредена аудиовизуелна услуга ќе се смета дека е аудиовизуелна медиумска услуга по барање. Основните критериуми за идентификување на овие услуги се извлечени од дефинициите за нив утврдени во Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги 2010/13/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот на Европската Унија и во домашната регулатива, односно во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### 16.4. Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип[31]

[30] Документот е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Nasoki-za-identifikacija-na-davateli-na-audiovizuelni-mediumski-uslugi-po-baranje-1.pdf
[31] Студијата е достапна на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Studija_za_utvrduvanje_na_opravdanosta_za_konkurs_za_neprofitno_radio_vo_Stip.pdf

По претходно примено барање од заинтересирана страна, во април 2017 година, Агенцијата изработи „Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на општина Штип". Во Студијата е даден преглед на почетоците, досегашниот развој и законската рамка за работењето на непрофитните радиодифузни установи во Македонија, посочени се предлог мерките и активностите предвидени во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот од 2013 до 2017 година коишто се однесуваат на развој на непрофитниот радиодифузен сектор, даден е краток преглед на документот „Концепт за развој на непрофитните радиодифузни организации[32]" (изработен во декември 2015 година), а направена е и анализа на потенцијалната публика на радиодифузерот. Наодите од оваа студија покажуваа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на Штип, и тоа за програмски сервис чија целна група ќе биде населението од ромската етничка припадност во Штип; најмалку 10% а најмногу 15% од вкупно емитуваната програма во текот на една недела треба да бидат говорни содржини, а јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмскиот сервис треба да биде ромски и македонски јазик.

## 16.5. Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година[33]

Веќе неколку години наназад Агенцијата изработува редовни годишни анализи на структурата на вработените во индустријата. Анализата „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2016 година" беше изработена во август 2017 година, а во неа се анализирани податоците за вкупниот број и структурата на вработените во јавниот радиодифузен сервис и во комерцијалните телевизии и радиостаници. Структурата на вработените е анализирана според работните места на кои тие биле ангажирани (новинари, уредници, управители, технички кадар, реализаторски кадар, маркетинг и преостанат кадар), потоа според статусот (редовен работен однос или хонорарен ангажман), полот, образованието и етничката припадност.

## 16.6. Истражување на мислењето на публиката[34]

Во ноември и декември 2017 година, за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги истражувачката агенција Таргет комуникации од Скопје спроведе истражување на мислењето на публиката, чијашто цел беше да се обезбедат податоци за начинот на којшто публиката ги користи медиумите, ставовите на публиката за застапеноста и квалитетот на одделни програмски содржини на програмските сервиси на домашните телевизиски и радиостаници, степенот на задоволство со програмската понуда, најгледани/најслушани програмски содржини и друго. Истражувањето беше спроведено врз троетапен стратифициран репрезентативен

[32] Документот е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Koncept-za-razvoj-na-neprofitnite-R.-ustanovi.pdf

[33] Структурата на вработените е достапна на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Struktura-na-vraboteni-vi-audiovizuelnata-mediumska-industrija-vo-2016g.pdf

[34] Извештајот од истражувањето е достапен на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк:

примерок составен од 1030 испитаници од популацијата на Република Македонија на возраст од и над 16 години, со користење на методот интервју лице-в-лице.

## 16.7. Анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа за 2016 година

Во првото тромесечје од 2017 година, од страна на Агенцијата беше изработена Анализа во која беа опфатени постапувањата на Агенцијата во поглед на повредите на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти на Агенцијата, што беа сторени од страна на четири вида субјекти и тоа: радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите[35]. Анализата се однесуваше на сите преземени мерки од страна на Агенцијата и најчестите прекршувања од страна на радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во периодот од 1–ви јануари до 31-ви декември 2016 година.

Целта на оваа анализа беше да се оцени дали и во која мера субјектите врз чија работа Агенцијата врши надзор, ги почитуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти на Агенцијата, кои се најчестите прекршувања, доколку има услови за тоа, да се утврдат и причините за непочитувањето на регулативата, а понатаму компарирајќи ги податоците од оваа анализа со податоците од претходните години да придонесат за констатирање на одредени состојби и трендови во медиумската сфера, и крајно доколку има потреба да се резултира со евентуални предлози за измена на регулативата, поткрепени со аргументи кои ќе произлезат од фактички утврдената состојба опишана во анализата.

## 16.8. Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2016 година

Во вториот квартал од 2017 година, Агенцијата изработи Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и издавачите на печатени медиуми[36]. Предмет на оваа анализа беа поведените прекршочни постапки од страна на регулаторното тело, за констатираните прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми и состојбите на тие постапки во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2016 година. Исто така, оваа анализа ги опфати и поведените прекршочни

[35] Анализата е достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Analiza_na_site_prezemeni_merki_od_srtana_na_AVMU_za_2016_godina.pdf

[36] Анализата е достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Analiza_na_povedeni_prekrocni_postapki_06.04.2017.pdf

постапки од страна на Агенцијата за повреди на Изборниот законик, имајќи предвид дека 2016 година беше изборна година.

Целта на оваа анализа беше согледување на видовите прекршувања, приказ на поведените прекршочни постапки од страна на Агецијата до надлежните судови во Република Македонија, како и согледување на состојбата на прекршочните предмети.

## 16.9. Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година

Во втората половина од 2017 година, Агенцијата изработи Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година[37]. Предметната анализата ги опфати прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија планирани да се одржат на 24 април 2016 година, а подоцна распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, како и прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година.

Цел на изработка на Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година беше согледување на резултатите од поведените прекршочни постапки, идентификување на факторите кои влијаеа на донесените судски одлуки во овие постапки, како и давање препораки со цел подобрување на изборната регулатива. Оваа анализа ги детектираше проблемите и предизвиците со кои се соочи регулаторното тело при имплементација на Изборниот законик и Законот за прекршоците, од аспект на своите надлежности во однос на поведувањето на прекршочните постапки.

## 16.10. Анализа на поведените управни спорови против акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во периодот од јануари 2016 година до декември 2016 година)

Со оглед дека, институтот управен спор односно судската контрола над работата на органите на управата е важен елемент на правната држава како механизам за заштита на правата и интересите на граѓаните во работите пред управните органи и институциите со јавни овластувања и средство за обезбедување и зацврснување на законоитоста на работата на овие органи, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2017 година изработи Анализа на поведените управни спорови против акти на

[37] Анализата е достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Analiza_na_povedenite_prekrshocni_postapki_protiv_radiodifuzerite_za_vreme_na_Predvremenite_parlamentarni_izbori_2016.pdf

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[38]. Анализата се однесуваше на поведените управни спорови против актите на Агенцијата во периодот од 1-ви јануари до 31-ви декември 2016 година.

Целта на оваа анализа беше согледување и приказ на состојбата во однос на тоа во колку случаи биле оспорени актите на Агенцијата, како и кои акти на Агенцијата биле предмет на управен спор.

# 17. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 17.1. Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), остварување соработка со регулаторните тела во Европа и билатерална соработка со други регулаторни тела, особено со регулаторните тела од регионот

На 9 март 2017 година во Брисел, Кралството Белгија, се одржа седмата средба на Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА), организирана од Секретаријатот на ЕРГА. Агенцијата, како регулатор од земја кандидат за членство во ЕУ учествуваше во работата и настаните на ЕРГА во својство на набљудувач. На средбата беше разгледан предложениот документ за Мисијата на ЕРГА, со кој јасно се дефинира улогата, целите и начинот на функционирање на оваа мрежа, а стана збор и за соработката на ЕРГА со Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА), при што беше заклучено дека двете организации можат да се надополнуваат една со друга. Во таа насока беше потпишано Писмо на намери со кое подетално се дефинираат сферите на соработка и координација на активностите на ЕРГА и ЕПРА за да се избегне дуплирање на истите. Во документот јасно се прецизирани различностите на двете мрежи, но и областите во кои се дополнуваат една со друга. На средбата беа презентирани Студијата за промовирање европски дела во аудиовизуелните медиумски сервиси и Извештајот за алатките за заштита на децата во областа на аудиовизуелни медиумски услуги. Во рамките на средбата на присутните им беа претставени, за дискусија и гласање, задачите и надлежностите на новите Подгрупи на ЕРГА за: (1) размена на добри практики; (2) заштита на малолетната публика; (3) подготовки за саморегулација и корегулација, и (4) обезбедување долгорочна функционалност (future-proofing).

Агенцијата на 22 март учествуваше и на првиот состанок на третата подгрупа на ЕРГА за саморегулација и корегулација во Брисел, која беше формирана со усвојување на програмата на ЕРГА за 2017 година (во подгрупата учествуваат 23 регулаторни тела). На средбата беа разменети информации за моделите за саморегулација и корегулација што се применуваат во рамките на јурисдикциите на националните регулаторни тела за медиуми, при што беше заклучено врз основа на истражувањето на различните модели

[38] Анализата е достапна на веб страницата на Агенцијата на следниот линк http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Analiza_na_povedenite_upravni_sporovi_protiv_akti_na_AVMU_-_januari_2016-dekemvri_2016.pdf

да се изработи препорака за членките на ЕРГА како тие во пракса да обезбедат успешни модели на саморегулација и корегулација. На состанокот беа претставени резултатите од студијата подготвена од Генералниот директорат за комуникациски мрежи, содржини и технологија на Европската комисија за ефикасноста на саморегулацијата и корегулацијата во контекст на имплементација на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги.

Четириесет и петтата средба на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се одржа од 16 до 20 мај 2017 година, во Единбург, Велика Британија, во организација на британското регулаторно тело ОФКОМ (OFCOM). За време на состанокот се одржаа две пленарни сесии, а беа формирани и три работни групи. Првата сесија, која беше насловена „Вестите во дигиталната ера“, се фокусираше на пристапот до содржините и вестите, како се вршат мерења на гледаноста на вестите и испитување на степенот и прашањата на доверба меѓу гледачите. Влијанието на персонализираните препораки за разноликост беа централна тема на втората пленарна сесија насловена „Предизвици на дигиталните промени“. Трите работни групи им овозможија на регулаторите активно да разменат искуства и практики за иницијативите за медиумска писменост и проекти за развој на критичко мислење, за потешкотиите при постапките за доделување и авторизација на  дозволи за линеарните аудиовизуелни медиумски услуги, како и да дискутираат за „Иднината на радиото“ и претпоставките за правците на неговиот развој.

По повод 20 години од своето постоење, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5 септември беше домаќин на регионална конференција на регулаторни тела за медиуми. На конференцијата присуствуваа претставници на регулаторните тела од Словенија, Хрватска, Црна Гора, Србија, Косово и Бугарија и претставници на граѓански организации кои делуваат во сферата на медиумите, институции и медиумски професионалци. На конференцијата се разговараше за професионалните новинарски стандарди во медиумските програми и за улогата на регулаторните тела, за политичкиот плурализам надвор од изборни процеси и за влијанието на медиумската политика во развојот на медиумската писменост. Во однос на професионалните стандарди, кои речиси секаде во регионот се предмет на саморегулација, беше констатирано дека треба да се засилат механизмите на саморегулација и да се зајакне соработката меѓу регулаторните и саморегулаторните тела. За плурализмот, уште еднаш беше потенцирано дека е неопходно медиумите објективно и непристрасно да ги прикажуваат настаните, со еднаков третман на различните гледишта и мислења за да и се овозможи на јавноста слободно да оформи мислење за одделни настани и прашања. Што се однесува до улогата на регулаторите и нивните надлежности во врска со медиумската писменост, се покажа дека праксата во регионот е различна. Иако најголем дел од регулаторните тела немаат формална одговорност, сепак активно работат на промоција на медиумската писменост, имајќи предвид дека таа е суштинска за здрава демократија, претставува неопходен одговор на променливиот и многу комплексен медиумски пејсаж и може да биде алатка во унапредувањето на основните човекови права и борбата против радикализацијата.

Во насока на продлабочување на меѓусебните односи и размена на искуства во областа на медиумската регулација, Агенцијата на 6 септември одржа билатерална средба со претставници на регулаторното тело за електронски медиуми на Република Бугарија. На средбата се разговараше за повеќе прашања, а посебен акцент беше ставен на

практичните искуства на двата регулатора од мониторинг на медиумското известување за време на изборните процеси и за активностите на Агенцијата за развој на медиумската писменост. Претставниците на Советот за електронски медиуми на Бугарија разменија искуства и со членовите на Советот на Агенцијата во поглед на нивната улога, надлежности и начин на функционирање.

На 13 септември во Брисел, Кралството Белгија се одржа вториот состанок на Подгрупата на ЕРГА за саморегулација и корегулација на кој беа презентирани и дискутирани првичните резултати од спроведеното истражување за постојните модели и шеми на саморегулација и корегулација во земјите членки на ЕУ, во областите што се во надлежност на регулаторните тела за медиуми. На состанокот се разговараше за дефинициите на двата концепта што се применуваат во земјите од ЕУ, за пристапите на регулаторите кон саморегулацијата и корегулацијата, квантитативните показатели, податоците за мониторингот и за можностите за санкционирање во рамките на секој од моделите, евалуацијата на регулаторите за ефикасноста на различните шеми, како и можноста за адаптација на шемите за саморегулација и корегулација во други земји и национални контексти.

Во Виена, Австрија, во периодот од 11 до 14 октомври се одржа 46-от состанок на ЕПРА. И овој пат се одржаа две пленарни сесии. Првата се фокусираше на улогата на регулаторите при имплементирање во пракса на принципите на непристрасност, точност и правичност, додека втората беше посветена на писменоста на малолетниците за рекламирањето во дигиталната ера. На состанокот се одржаа и три работни средби посветени на менување на односот помеѓу граѓаните и регулаторите, процедурите за доделување дозволи и одобренија, како и на медиумската писменост и улогата на регулаторите, на која свое излагање имаше и претставник на Агенцијата, кој ги сподели активностите и искуствата на Агенција.

Осмиот пленарен состанок на ЕРГА, што беше и последен за 2017 година, се одржа на 9 ноември во Брисел, Кралството Белгија. На состанокот, беа разгледани и усвоени извештаите на четирите подгрупи на ЕРГА кои работеа во согласност со Програмата за 2017 година, беше избрано ново раководство на ЕРГА и беше усвоена и Програмата за работа за 2018 година. Имајќи предвид дека улогата на ЕРГА е да ја советува Европската комисија за конзистентната примена на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги и за прашања поврзани со медиумите, кои се во надлежност на Комисијата, Програмата за работата на ЕРГА за 2018 година е направена да одговори на сите статутарни должности, но и да се соочи со новите задачи кои ќе произлезат со усвојувањето на новата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги во 2018 година. Според Програмата, работата на ЕРГА во 2018 година ќе биде организирана преку четири подгрупи: внатрешен и надворешен плурализам; размена на искуства и добри практики; проширување на материјалниот опфат на Директивата и саморегулација и корегулација.

Претставници на Агенцијата на 16 и 17 ноември 2017 година, во Марсеј, Република Франција, учествуваа на 19-то Пленарно собрание на МНРА, посветено на „Регулација за зајакнување на социјалната кохезија во дигиталното опкружување“. Поединечните сесии на состанокот се однесуваа на адаптирање на аудиовизуелната регулатива, безбедноста и медиумите, медиумска писменост и заштита на малолетници, медиумите

и разновидноста на програмите и содржините на електронските медиуми. На првата сесија посветена на адаптирање на аудиовизуелната регулатива беа презентирани предлозите за тековната ревизија на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на принципите на земја на потекло, комерцијалните комуникации, промоцијата на европски дела, забрана на говорот на омраза, заштита на малолетниците и вклучување на платформите за споделување видео во делокругот на Директивата. Исто така, стана збор за потребата за зајакнување на улогата на регулаторните тела, неопходноста тие да бидат правно и функционално независни од индустријата и владата и да работат на транспарентен и отчетен начин, пропишан во закон и да имаат соодветни надлежности за спроведување на медиумските закони. На сесијата за медиумите и безбедноста беа презентирани анализи за начинот на известување во вестите за време на терористичките напади во Шпанија и во Франција, спроведени од повеќе аспекти, при што посебно внимание беше посветено на аспектот на правата на приватност на жртвите. На третата сесија посветена на заштита на малолетниците и медиумската писменост се споделија искуствата од ова поле во Шпанија, Турција и Франција. На последната сесија за медиумска разноликост стана збор за значењето на внатрешниот и надворешниот плурализам и нивната улога во гарантирањето на медиумската разноликост, а беа опфатени и повеќе аспекти – разновидност на содржини, медиумска сопственост, медиумска концентрација. Претставниците на регулаторните тела едногласно ја усвоија Декларацијата за преструктуирање на аудиовизуелната регулатива во дигиталното опкружување. Со оваа Декларација, членките на МНРА се обврзуваат да ги адаптираат регулаторните практики и алатки на новото опкружување, меѓусебно да споделуваат искуства и својата работа да ја направат достапна за јавните власти, како и за регионалните и за меѓународните власти.

Во периодот од 12 до 14 декември 2017 година, во Љубљана, Словенија, се одржа билатерална средба меѓу претставници на македонското и словенечкото регулаторно тело за медиуми на која беше потпишан и Меморандум за соработка. Во документот се предвидува соработка преку размена на информации за развојот на политиките и стратегиите во областа на регулацијата на електронските медиумски услуги, имплементацијата на национални правни регулативи, како и нивните измени и дополнувања, но и заеднички активности и ставови пред европските и другите меѓународни организации од областа на електронските медиумски услуги. На средбата беа разменети искуства за лиценцирање на медиуми, мониторинг, заштита на културниот идентитет (преку квотата за музика и механизмите за поттикнување на домашната продукција), заштита на малолетници и медиумска писменост.

## 17.2. Меѓународни активности на Агенцијата кои се однесуваат на поттикнување на слобода на изразување и на развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги

Советот на Европа, во рамки на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС), на 10 јануари во седиштето на регулаторното тело за електронски медиуми на Република Србија, во Белград одржа регионален состанок за подготовка на претходно договорената публикација - „Регулаторните тела за медиуми и говорот на омраза“. Публикацијата содржи детални информации за случаите на кои работеле регулаторите од регионот, за

релевантни случаи од Европскиот суд за човекови права, како и препораки за натамошно постапување при евентуални случаи. Агенцијата во месец март го изработи придонесот кон публикацијата „Регулаторните тела за медиуми и говорот на омраза", која во јули беше отпечатена на англиски, а во декември и на македонски јазик.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 4 април беше домаќин на новинари од неколку европски радија („Deutsche Welle" – Германија; „Rai3", „Radio Popolare" – Италија; и „National Spanish radio" – Шпанија), печатени медиуми („Wiener Zeitung" – Австрија; „La Libre" – Белгија; „Trud" – Бугарија; „Hospodarske Noviny" – Чешка; „Luxemburger Wort" – Луксембург; „Evenimentul Zilei" – Романија; „Altinget" – Шведска; „Groene Amsterdammer" – Холандија; „The Gardian" – Велика Британија), телевизијата „ORF" – Австрија и новинската агенција „Athens news agency" – Грција. Целта на посетата на новинарите беше одблизу да се запознаат со работењето на регулаторното тело, а особено со начинот на вршење мониторинг. На средбата беа претставени надлежностите на Агенцијата, како и активностите кои регулаторот ги презема во однос на медиумската писменост, обезбедување достапност до медиумите за лицата со сетилна попреченост, третманот на родовите прашања, правото на одговор и исправка и професионалните стандарди во медиумите. Новинарите имаа можност да се запознаат и со карактеристиките на новиот систем за мониторинг на медиумските содржини – FROPS, набавен со финансиска поддршка од ЕУ преку проектот ИПА 2011.

Студенти од Универзитетот за бизнис и технологија – УБТ од Приштина, Република Косово, на 7 јуни ја посетија Агенцијата и имаа можност да се запознаат со нејзините надлежности и работење, како и со начинот на функционирање на Советот на Агенцијата. На средбата, студентите беа информирани и за медиумската регулација на Република Македонија и за работата на медиумската индустрија во земјата.

На 6 и 7 јули во Драч, Република Албанија, се одржа регионална конференција за регулаторни тела, што Советот на Европа ја организираше во рамки на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС)". На почеток на конференцијата беше презентирана публикацијата „Регулаторните тела за медиуми и говорот на омраза", а посебно внимание се посвети на релевантната препорака според која при утврдувањето дали има говор на омраза, треба да се земат предвид сите можни агли на случајот. Во рамките на првиот дел на конференцијата се разговараше за „Навредлив говор и говор на омраза – што можат или што треба да направат регулаторите". Во рамките на втората тема на конференцијата, претставниците на регулаторните тела од регионот дебатираа и споделија искуства во врска со „Пренесување на странските канали и влијание врз изборните кампањи", при што особено внимание беше посветено на можностите за спречување на пренесување на каналите и надминување на заобиколувањата на правилата за изборен молк во земјата во која се одржуваат избори. Централна тема на третиот тел од регионалната конференција беше „Европските аудио и аудиовизуелни дела – прашање за пристапот кон европските дела на регионалните радиодифузери, активности на промовирање на европските аудио и аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти." Во текот на расправата беа споделени националните правила и искуствата на сите регулаторни органи во регионот во врска со ова прашање, а претставник на Агенцијата ги изложи правилата и искуствата во врска со промовирањето

на европските аудио и аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти во медиумите во Македонија.

Претставник од Агенцијата на 12 и 13 јули учествуваше на работилница на тема „Медиумските реформи во Македонија", која се одржа во Љубљана, Република Словенија. На средбата, организирана од Фондацијата „Берхоф" и Асоцијацијата Југоисточна Европа од Германија, учествуваа претставници на политичките партии, медиумите и релевантни организации и здруженија од Македонија.

На 20 јули претставници на Агенцијата имаа работен состанок со Рајнхард Прибе и неговиот експертски тим. На средбата се разговараше за начинот на функционирање на регулаторното тело по стапувањето во сила на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, политичката и финансиската независност на Агенцијата, нејзината транспарентност, како и за слабостите во медиумската сфера и потребата за нивно надминување особено во поглед на санкционирањето на говорот на омраза, почитувањето на професионалните новинарски стандарди и обезбедувањето услови за непречено вршење на работата на новинарите.

Дел од разговараните прашања и ставови на Агенцијата се отсликани и во септемврискиот извештај на Прибе, каде се наведува дека и дел од граѓанските организации изразиле скептичност за добронамерноста на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и дека процесот треба да биде транспарентен и инклузивен. Во Извештајот се истакнува дека актуелниот закон генерално е во согласност со меѓународните стандарди и оти предложените измени мора да бидат апсолутно релевантни и во согласност со меѓународните стандарди.

Експертската група во Извештајот наведува дека *„... ги цени искажаните напори на Советот на Агенцијата да биде проактивен и потранспарентен во поглед на своите седници и одлуки".* Во препораките од Извештајот се истакнува дека е потребно прецизирање на начинот на финансирањето на Агенцијата и дека независноста на Агенцијата и на Советот на Агенцијата мора апсолутно загарантирана.

Во периодот од 2 до 3 ноември 2017 година, во Виена, Република Австрија, се одржа „2017 Supplementary Human Dimension Meeting (SHDM)" на тема „Улогата на слободните медиуми во сеопфатен приод кон безбедноста”. Во рамки на средбата, која беше организирана од Австриското претседателство со Организацијата за безбедност и соработка на Европа – ОБСЕ, Канцеларијата на претставникот (на ОБСЕ) за слобода на медиумите и Канцеларијата (на ОБСЕ) за демократски институции и човечки права, се одржаа три пленарни сесии. На првата, „Слободните медиуми како основа за европска безбедност" се говореше за односот меѓу слободните медиуми и националната безбедност во регионот на ОБСЕ. Сесијата „Улогата на медиумите во градењето мир и спречување конфликти" се фокусираше на правото на слобода на медиумите во однос на безбедносните прашања, онака како што е предвидено во националните закони, меѓународното право и политика. На сесијата исто така се разговараше и за улогата на медиумите во градењето мир и спречување на конфликти, како и во унапредувањето на меѓусебното почитување и разбирање. Улогата на медиумите во обезбедувањето на одговор и превенција на циркулирањето на дезинформации и пропаганди во конфликтни

случаи беше тема на третата сесија, насловена „Улогата на медиумите во справување со дезинформирањето, говор на омраза и радикализација“.

Претставник на Агенцијата од 8 до 10 ноември во Тирана учествуваше на конференцијата „ЕУ - Западен Балкан: Денови на медиумите“ и имаше свое излагање на работилницата посветена на политиката на спроведување медиумски реформи. Тој се осврна на медиумските реформи во регионот, спроведени во последните 20 години. Заклучоците од работилницата одат во насока дека медиумската легислатива на земјите од Западен Балкан е хармонизирана со европските стандарди, но оти нејзината имплементација е слаба поради што се создава средина во која нема потполна медиумска слобода. Исто така, во заклучоците се истакнува дека треба поголемо внимание да се посвети на активностите и на независноста на регулаторните тела и да се забрзаат стагнирачките реформи на јавните радиодифузери и да се обезбеди нивна независност и ефикасност во продукцијата на вести и прилози. Во рамки на конференцијата, која беше организирана од Европската комисија и на која учествуваше и еврокомесарот за проширување и добрососедска политика Јоханес Хан, се одржаа две панел дискусии, како и работилници посветени на медиумите, пазарот на нови бизнис модели, медиумите во дигиталната ера и совладувањето на промените од страна на медиумските професионалци, новинарските стандарди за квалитет и потребата од обуки за нови медиуми и медиумска слобода во општества во транзиција.

На барање на Канцеларијата за отчетност на Владата на САД (U.S. Government Accountability Office) на 15 ноември 2017 година се одржа состанок во просториите на Агенцијата. Целта на посетата беше поврзана со процесот на ревизија на финансирањето обезбедено од американската Влада за помош на демократијата во Македонија во периодот од 2012 до 2017 година, како и за дејствата на американската влада за време на неодамнешната политичка криза во Македонија.

На 23 ноември 2017 година, претставници на Агенцијата присуствуваа на годишната меѓународна конференција „Форум за побезбеден интернет“, која се одржа во Брисел, Кралството Белгија. На конференцијата беа разгледани најновите трендови, ризици и решенија поврзани со безбедноста на децата и младите луѓе на интернет. Конференцијата беше организирана од Европската училишна мрежа, во име на Европската комисија, а во рамки на стратегијата на Европската комисија за подобар интернет за децата. Првиот дел на конференцијата беше посветен на децата и играчките-роботи, т.н. „роботификација на детството“ и ризиците и бенефитите од интеракцијата на децата и младите со „паметните“ апарати за нивниот развој, здравје и добросостојба. Во рамки на вториот дел од конференцијата се одржаа две паралелни сесии. Едната беше посветена на прашањето „Треба ли возраста да ја одредува достапноста на Интернетот и начинот на кој го користиме? Тензии меѓу заштитата и учеството“. Панелистите се осврнаа на верификацијата на возраста на корисниците на Интернет, нејзината ефикасност и постојните законодавни рамки на ЕУ. Втората сесија, на која учествуваа и претставници од Интерпол и од британската Фондација за надгледување на Интернетот, се фокусираше на проблемите со кои се соочуваат при искоренувањето на сексуалната злоупотреба на детските слики на Интернет, дали е сторено доволно, кои се технички решенија и дали релевантната индустрија може да стори повеќе по ова прашање. Финалната сесија беше посветена на зацврстување на

отпорноста кај ранливите групи и беа разгледани позитивните и негативните ефекти на технологијата врз повеќето ранливи групи.

Во Брисел, Кралство Белгија, во периодот од 13 до 15 декември 2017 година, се одржа 47-та средба на Контакт-Комитетот на Директивата за аудио-визуелни медиумски услуги, организирана од Генералниот директорат на Европската комисија за комуникациски мрежи, содржини и технологија (DG Connect). На средбата стана збор за најновите информации за текот на ревидирањето на Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги и тековните иницијативи на ова поле, а посебен акцент беше ставен на сателитските канали вон ЕУ, предизвиците и можностите за подобрување.

### 17.3. Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања

На 21 јуни, делегација на ОБСЕ/ОДИХР ја посети Агенцијата за да го презентира конечниот извештај од Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година. На состанокот се разговараше за мониторингот на изборното медиумско претставување во 2016 година и констатираните слабости и недоречености на Изборниот законик. Претставниците на ОБСЕ/ОДИХР ги презентираа забелешките нотирани во нивниот извештај, а од страна на Агенцијата беа посочени ставовите и размислувањата за потребите од измени на Изборниот законик, кои беа јавно презентирани на првиот јавен состанок за 2017 година, одржан на 30 март 2017 година.

Мониторингот на радио и телевизиските сервиси за Локалните избори 2017, начинот на известување на медиумите и извештаите од мониторингот што ги изготвува Агенцијата, беа тема на работната средба со амбасадорот на Велика Британија во Македонија, Чарлс Гарет, одржана на 31 август.

Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на 8 септември во Варшава, Република Полска, одржа настан со кој се одбележа почетокот на проектот „Поддршка на изборите на Западен Балкан“. Проектот, кој ќе се спроведува во наредните три години, ќе им даде поддршка на изборните циклуси на територијата на Западен Балкан, како и на институциите надлежни за нивно спроведување во овој регион.

Во месец септември, се одржаа два состаноци со претставниците од ОБСЕ. На 20 септември, беше одржан работен состанок во врска со апликацијата на Агенцијата за финансирање проекти од страна на ОБСЕ, поврзани со развојот на медиумската писменост во Република Македонија. На 21 септември, беше одржан работен состанок со аналитичарката за медиуми во рамки на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за дотогашните резултати од мониторингот.

Претставници од Агенцијата на 14 ноември 2017 година, учествуваа на состанок во канцеларијата на мисијата на ОБСЕ во Македонија со претставникот на ОБСЕ за слобода на медиуми, Харлем Дезир. На средбата се разговараше за состојбите во

медиумската сфера, за проблемите со кои се соочува Јавниот радиодифузен сервис и за предлог-законот за измени и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Акцент беше ставен на прашањето како да се обезбеди стабилно финансирање на регулаторот и на МРТ. На средбата присуствуваа и директорот на Македонската телевизија и претставник од новинската агенција МИА.

## 17.4. Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации

Министерството за надворешни работи на Република Македонија и Платформата за родова еднаквост, во рамки на процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации, во периодот од 13-ти до 14-ти ноември 2017 година, организираа работилница на тема „Правата на жените и родовата еднаквост во Целите за одржлив развој“.

Работилницата беше наменета за членовите на експертската работна група во рамки на меѓуресорското тело за човекови права при Владата на Република Македонија, во која свој претставник има и Агенцијата. Главна тема беа важноста на родот и човековите права во рамки на Агендата за одржлив развој 2030 на ОН, како и тековните процеси кои се спроведуваат од државата за локализирање на Целите за одржлив развој во политиките на земјата.

Работилницата беше поделена на две работни сесии. Првата беше посветена на тековните процеси за локализирање на целите за одржлив развој во Република Македонија, вклучително и за Цел број 5 – родова еднаквост, како и на напредокот на имплементацијата на Агендата 2030 на Обединети нации (VNR)“.

Во рамките на втората сесија се разговараше за Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), за нејзината важност за унапредување на женските права и остварување на родовата еднаквост согласно Цел 5 од Целите за одржлив развој (ЦОР). Исто така, се разговараше за сексуалното и репродуктивното здравје на жените, нивните економски права и политичкото јакнење согласно Целите за одржлив развој.

## 17.5. Учество во изработката на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО и учество во работната група за интеграција на Република Македонија во НАТО

Агенцијата учествуваше во изготвувањето на Годишната национална програма на РМ за членство во НАТО за периодот 2017/2018 година. Фокусот беше ставен на активностите на Агенцијата за поддршка и едукација на новинарите во поглед на зголемување на нивото на почитување на професионалните и етичките стандарди. Посебно внимание на овие прашања ќе биде посветено и во новата Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година, која е во фаза на изготвување. Исто така, акцент беше ставен и на промоцијата на медиумската писменост, за што се планираат низа средби и конференции со релевантните страни и

на соодветното третирање и обработка на темите од родов аспект, од страна на медиумските професионалци (во овој контекст ќе бидат изработени анализи и ќе биде спроведена медиумска кампања против сексизмот во медиумите).

# 18. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## 18.1. Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2017 и во работните групи релевантни за аудиовизуелната област

Во текот на минатата година, Агенцијата достави два извештаи до Секретаријатот за европски прашања за степенот на реализација на активностите нотирани во Националната програма за усвојување на европското законодавство НПАА 2017. Првиот извештај се однесуваше на периодот од 1 јануари до 30 август 2017 година, а вториот, на периодот од 1 септември до 31 декември 2017 година.

## 18.2. Подготовка на извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската Комисија во аудиовизуелната област

Агенцијата, во рамките на процесот на европска интеграција учествуваше на состаноци на два Поткомитети, работни тела што произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и овозможуваат директна соработка и дијалог помеѓу Европската Комисија и Република Македонија.

На 14 март 2017 година во Брисел, Кралството Белгија, се одржа 13-от состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Република Македонија и Европската Унија. На состанокот беа презентирани активностите на Агенцијата во текот на претходната година, а се дискутираше и за проблемите произлезени од начинот на вршењето на активностите на политичкото тело - Привремената комисија за следење на медиумското претставување во врска со Предвремените парламентарни избори во декември 2016 година. Исто така, се отвори дискусија за проблемите со спроведувањето на обврската за вршење надзор на интернет порталите во РМ, која обврска и беше доделена на Агенцијата со измените на Изборниот законик. И покрај напорите на стручната служба на Агенцијата и истражувањата, се утврди дека не постојат инструменти за спроведување на оваа обврска и не постои начин да се мониторираат порталите, особено поради непостоење на други предуслови во други правни акти. Европската комисија сподели информација дека не постојат соодветни примери во ЕУ, особено бидејќи самите интернет портали како такви се вон европската Директива за аудиовизуелни медиумски услуги и дека така и ќе останат и по ревизијата на Директивата (која е во тек). Европската комисија изрази задоволство од активностите на Агенцијата кои се во насока на транспарентност и отчетност, како што се, на пример, објавата на сите акти и одлуки на Агенцијата и видео-стримувањето на седниците на Советот. Воедно, Комисијата ја нотираше важноста на спроведеното истражување за медиумската писменост на возрасната популација во Република Македонија за функционирање на модерното општество и како важен предуслов за слободно користење на информациите.

Комисијата го нотираше и го истакна нивото на професионализам и суштински опсег на познавање на материјата и на проблемите од технички и стручен аспект од страна на стручните служби на Агенцијата. Воедно, ја нотираше постојаната комуникација со останатите европски регулатори и разменувањето на искуства и знаење и најдобри практики, како многу позитивен тренд. Препораките кои произлегоа од Поткомитетот се дека: властите ќе продолжат да ја подобруваат и продлабочуваат независноста, транспарентноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, имајќи ја предвид нејзината улога како гарант на основните права кои се суштински за владеење на правото, и во согласност со идниот развој на ЕУ законодавството (ревизија на Директивата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги) и; властите ќе гарантираат дека секои идни измени на законодавството во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе бидат во согласност со Директивата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Претставници на Агенцијата, на 14 ноември 2017 година, во Скопје, учествуваа на 12-от состанок на Поткомитетот за правда и внатрешни работи, на сесијата за Фундаментални права дел 2: Слобода на изразување и медиуми и Говор на омраза и Кривични дела од омраза. Од Поткомитетот произлезе заклучок во однос на примената на одредбите со кои, по укинувањето на радиодифузната такса, се уредува финансирањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот радиодифузен сервис МРТ и јавното претпријатие Македонска радиодифузија. Имено, се бара да се обезбеди стабилно финансирање и да не се одложуваат трансферите на средства од Буџетот на државата кон трите субјекти. Неколку од заклучоците се однесуваат на регулаторните тела генерално. Се бара со Буџетот на Република Македонија за 2018 година да се обезбедат соодветни ресурси за независните регулаторни тела и исто така да се осигура дека овие тела ќе можат да работат независно и ефикасно, ослободени од политички притисок. Исто така, во заклучоците се наведува дека сите релевантни министерства и државни органи треба да го подобрат проследувањето на барањата и препораките издадени од независните регулаторни тела, без исклучок, со целосно почитување на законот и принципот на одговорност. Сите релевантни одлуки на независните регулаторни тела треба да бидат објавени на нивните веб страници, заедно со образложение на одлуката.

На 28 ноември 2017 година се одржа 14-от состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика. На состанокот се дискутираше за евентуалните финансиски проблеми кои би произлегле за Агенцијата од имплементацијата на последните измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на укинувањето на радиодифузната такса. Во контекст на пројавениот интерес од Европската комисија на претходните состаноци на овој Поткомитет за остварување на правото на одговор и исправка, Агенцијата на претставниците на Комисијата им даде примерок од отпечатените летоци за: правото на одговор и исправка на неточни, погрешни, лажни или нецелосни информации, поднесување претставка до Агенцијата и правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Според заклучокот кој произлезе од Поткомитетот во однос на медиумската легислатива, сите идни измени во законодавството во областа на аудио и

аудиовизуелните медиумски услуги треба да бидат целосно во согласност со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија.

Агенцијата, до Секретаријатот за европски прашања и Министерството за информатичко општество и администрација, достави и два извештаи за постигнатиот напредок, а во контекст на придонесот на Република Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија.

# 19. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

## 19.1. Организирање јавни состаноци на Агенцијата

Согласно својата законска обврска за транспарентност, Агенцијата во 2017 година одржа четири јавни состаноци со кои им овозможи на сите заинтересирани страни подетално да се информираат за работата и активностите на Агенцијата, согласно годишната програма, да ги изнесат своите ставови и мислења во врска со развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во Република Македонија, како и со состојбите на пазарот.

На првиот состанок, кој се одржа на 30 март 2017 година, беа презентирани реализираните активности од првиот квартал, како и резултатите од прекршочните постапки коишто Агенцијата ги поведе согласно Изборниот законик, за предвремените парламентарни избори во 2016 година, и забелешките и размислувањата на Агенцијата за измени во Изборниот законик.

Континуираниот пад на професионалните новинарски стандарди и спречувањето на ваквите тенденции, како и подигањето на професионалните новинарски принципи беа тема на вториот јавен состанок, одржан на 29 јуни. Претставниците на фелата на состанокот се согласија дека е потребно да се вложува во доедукација на новинарскиот кадар и во квалитетот на начинот на информирање, почитување на професионалните стандарди и Кодексот на новинарите. Тие, исто така, заклучија дека треба да се овозможи стабилно финансирање на медиумите, а новинарите сериозно да ја сфатат важноста на улогата која треба да ја имаат во општеството, односно неопходноста на граѓаните да им обезбедат разнолики, вистинити и објективни информации и гледишта за сите општествено - политички прашања. Воедно, на состанокот, исто така беа презентирани и активностите на Агенцијата во вториот квартал, согласно годишната програма.

Третиот јавен состанок се одржа на 27 август, а на него, покрај активностите од последниот квартал беше презентирана и надградената веб страница на Агенцијата, која, благодарение на додадените нови функционалности, овозможи пристап на лицата со целосно или делумно оштетување на видот и на лицата со далтонизам. На состанокот беа презентирани и резултатите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година, која ја изработи Агенцијата. Во неа се претставени податоци за бројот на радиодифузерите, за нивното економско работење во 2016 година и податоци за гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците. Во контекст

на Локалните избори 2017, претставниците на медиумите повторно беа потсетени за правилата за изборно медиумско известување кои важат за време на изборната кампања и во периодот на изборниот молк – обврските за известување на правичен, избалансиран и непристрасен начин, правилата за објавување резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, правилата за платено политичко рекламирање. Истовремено, им беше посочено дека посебно треба да внимаваат на почитувањето на начелата за вршење на дејноста и употребата на „говорот на омраза“, односно да не претставуваат извор на „говор на омраза“.

Последниот јавен состанок за 2017 година се одржа на 22 декември, а на него беа презентирани активностите што Агенцијата ги реализираше во последното тромесечје, вклучувајќи го и мониторингот на изборното медиумско претставување за Локалните избори 2017 година. На седницата беше промовирана и новата веб страница за медиумска писменост www.mediumskapismenost.mk на која ќе бидат застапени активностите и на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост. Исто така беше презентирана и новата Препорака на Советот на Европа за родова еднаквост во аудиовизуелниот сектор (ЦМ/Рец(2017)9), преведена на македонски и на албански јазик и објавена на веб страницата на Агенцијата. Препораката содржи стандарди и инструменти за унапредување на родовата еднаквост, а истовремено укажува на важноста на аудиовизуелниот сектор, бариерите и достигнувањата на жените во овој сектор и дава насоки за подобрување на родовата еднаквост во аудиовизуелниот сектор и мерки за нивно спроведување.

## 19.2. Комуникација со јавноста

Агенцијата во насока на што поголема транспарентност, покрај јавните состаноци чие одржување е законска обврска, за своето работење редовно ја информираше јавноста и преку други средства за комуникација. Во оваа насока, редовно беа доставувани соопштенија за јавност до сите радиодифузери, печатени медиуми и интернет портали, но исто така и реакции на осуда на нападите врз новинарските екипи на телевизиите ТВ 24 Вести, ТВ Стар од Штип, Телевизија А1 од Струмица, ТВ Шења, Телевизија Канал Вис од Струмица, на порталите А1.он, Курир и Нова ТВ, како и на нападите на новинарите и новинарските екипи за време на случувањата во Собранието на Република Македонија. Агенцијата истакна дека секое насилство врз медиумите е неприфатливо и претставува директен напад врз слободата на изразувањето. Истовремено, Агенцијата апелираше и до медиумите да бидат дораснати на тежината на својата улога и да ја преземат одговорноста да известуваат објективно и непристрасно, да не пренесуваат шпекулации и непроверени информации, но и да не сокриваат факти, туку стриктно да се придржуваат до професионалните начела за вршење на дејноста.

Во текот на годината беа реализирани две интервјуа за телевизијата „Канал 5“. Првото интервју беше дадено на 6 септември, по билатералната средба на двете регулаторни тела за медиуми на Република Македонија и Бугарија. Во заедничкото интервју на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и Марија Стојанова, член на Советот за електронски медиуми на Република Бугарија, беше истакната добрата соработка меѓу двата регулатора, преку споделување на добрите искуства и практики и усогласување

на медиумската регулатива. Другото интервју на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, беше дадено на крајот на декември 2017 година, а се однесуваше на состојбите во медиумската сфера, предлог-законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и за активностите на Агенцијата на полето на медиумската писменост. Интервјуто беше емитувано на 5 јануари 2018 година.

## 19.3. Редовно ажурирање на веб страната на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик

Во текот на 2017 година, Агенцијата ја информираше јавноста и сите заинтересирани страни за своите активности и услуги преку својата веб страница, каде информациите се објавуваат на македонски, албански и англиски јазик. Агенцијата редовно и навремено објавуваше информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред ги известуваше сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници, записници од седници, одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- извештаите од извршените надзори врз телевизиите, радијата, печатените медиуми, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
- мерките кои директорот ги изрече на субјектите кои се предмет на надзор од страна на Агенцијата;
- ажурираните регистри на телевизии, радија, печатени медиуми, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи;
- регистарот на застапници за склучување договори за реемитување на програмски сервиси во јавните електронски комуникациски мрежи и застапници на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските сервиси на домашните радиодифузери;
- регистрираните пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на операторите;
- спроведените анализи и истражувања за различни аспекти од аудиовизуелната област;
- материјалите поврзани со Локалните избори 2017 (извештаи од мониторинг на изборното медиумско претставување; извештаи до Државна изборна комисија, обуки за радиодифузери, Преглед на поведени прекршочни постапки против радиодифузерите согласно Изборниот законик и др.).

Агенцијата изготвуваше и месечно гласило (newsletter) во кое се нотирани најважните настани за конкретниот месец. Гласилото, покрај тоа што беше објавувано на веб страницата на Агенцијата, беше доставувано до сите субјекти кои се предмет на надзор од страна на Агенцијата, до интернет портали и релевантни институции.

### 19.4. Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер

До Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2017 година беа поднесени 11 барања за информации од јавен карактер. На седум од барањата беше одговорено позитивно, додека четири барања беа одбиени со заклучок за прекинување на постапката поради тоа што Агенцијата не располагаше со побараните информации од јавен карактер.

### 19.5. Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и сл. за специфични теми од медиумската сфера

Со цел да појасни кој и за што може да поднесе претставка, што треба да содржи претставката и како таа се поднесува, начинот и роковите на постапување по поднесените обраќања, Агенцијата отпечати леток *Поднесување претставка до Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*. Летоци беа опечатени и за начините и условите за остварување на правото на одговор и исправка од страна на физичките или правните лица коишто сметаат дека им е нанесена штета на угледот, честа, интересите со објавување неточна, погрешна, лажна или нецелосна информација поврзана со нив, од страна на медиумите и за остварување на пристап до информации од јавен карактер.

Летоците се дистрибуираат на сите јавни состаноци кои ги одржува Агенцијата и се објавени на нејзината веб страница.

### 19.6. Унапредување и ажурирање на Јутуб-каналот на Агенцијата

Во насока на зголемување на транспарентноста на своето работење, преку Јутуб-каналот на Агенцијата во живо се пренесуваат сите седници на Советот и јавните состаноци на Агенцијата. На каналот, покрај снимките од јавните состаноци, се објавуваат и снимки од позначајни работилници/обуки/настани, видеата за медиумска писменост и дадените интервјуа.

### 19.7. Унапредување на веб страницата на Агенцијата со додатни функционалности

Минатата година, Агенцијата изврши и надградба на својата веб страница, така што таа сега е достапна и за лицата со сетилна попреченост, односно за лица со целосно и делумно оштетен вид и за далтонисти. Софтверот кој се користи, овозможува лицата со целосно оштетен вид, со притискање на одредени копчиња од тастатурата, да ја слушаат целата содржина од веб страницата, и тоа на македонски, англиски и албански јазик. Истовремено, за лицата со делумно оштетен вид има можност за зумирање на содржините, додека за лицата со далтонизам на располагање се опции за црно/бел контраст и бои кои овие лица можат да ги гледаат.

### 19.8. Комуникација со јавноста преку социјалната мрежа „Фејсбук“

Агенцијата во чекор со современите комуникациски техники и со цел да ја зголеми транспарентноста за својата работи и активности отвори и страница на социјалната мрежа „Фејсбук“. На Фејсбук-страницата се објавуваат информации за работата и активностите на Агенцијата, но истовремено преку неа регулаторот станува полесно достапен и отворен за јавноста и за сите заинтересирани страни.

## 20. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

### 20.1. Мерење на гледаноста и слушаноста на програмските сервиси на радиодифузерите

Во 2017 година, по нарачка на Агенцијата, истражувачката агенција МАРКЕТ ВИСИОН од Скопје спроведе четири квартални истражувања на јавното мислење, со кои обезбеди податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици што емитуваат програма на државно ниво преку сателит или преку јавна електронска комуникациска мрежа и на телевизиските станици што емитуваат програма на регионално и локално ниво. Истражувањата беа спроведувани на троетапен стратифициран репрезентативен примерок од 2.400 испитаници квартално (9.600 испитаници годишно), со користење на методот телефонска анкета. Од реализираните истражувања, истражувачката агенција и испорача на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги четири квартални и еден годишен извештај[39] кои содржат податоци за: просечниот дневен и неделен досег на гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците; уделот во гледаноста на телевизиите; видот на програмската содржина којашто испитаниците ја гледале, односно ја слушале; местото каде испитаникот слушал радио; периодот од денот во кој испитаникот слушал/гледал одредена радиостаница/телевизиска станица; демографската структура на гледачите и слушателите; начинот на кој испитаниците го примаат телевизискиот сигнал и слично.

Покрај тоа, во текот на целата година, преку својот претставник, Агенцијата активно учествуваше во работењето на Македонскиот комитет за мерење на публиката – тело формирано од страна на петте терестријални телевизии на државно ниво, јавниот радиодифузен сервис и асоцијацијата на маркетинг агенции. Основната задача на ова тело е да ги координира активностите во врска се електронското мерење на гледаноста на телевизиските станици во Република Македонија

### 20.2. Налози за затемнување на реемитувани програмски сервиси

Заради заштита на ексклузивните права на радиодифузерите, во април 2017 година, на барање од Мултиком Балкан увоз-извоз ДОО Кичево, Агенцијата упати налог до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи да го затемнуваат програмскиот

[39] Извештаите се достапни на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: http://avmu.mk/%D0%B3%D0%BB%D0%B5%D0%B4%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D1%81%D0%BB%D1%83%D1%88%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82/

сервис „Пинк Плус“ во периодот на емитување на телевизиските серии „O hayat benim“, „Ask Yeniden“ и „Babam ve aliesi“.

Во октомври 2017 година, на барање од ТВ Ситeл, Агенцијата упати два налози за затемување до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи. Едниот за затемнување на програмските сервиси „Хајат“, „Хајат плус“, „РТЛ“ и „Прва ТВ“ во периодот на емитување на телевизиската серија „Мајка (Ана)“, а вториот за затемнување на програмските сервиси „Прва ТВ“, „РТРС“ и „ФТВ“ во периодот на емитување на телевизиското шоу „Твоето лице звучи познато“.

Истиот месец, до Агенцијата пристигна Барање од адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, со кое не извести дека Телевизија Телма има ексклузивни права за емитување на боксерски мечеви од меѓународен ранг од сите верзии на професионални светски боксерски асоцијации од сите категории. По доставена комплетна документација - договори за уредени авторски и сродни права за емитување на наведените боксерски натпревари, од кои се констатираше дека Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје ги има обезбедено ексклузивните права за овие натпревари за територијата на Република Македонија, Агенцијата до операторите упати налог за затемнување со кој им наложи да ги затемнуваат програмските сервиси „РТЛ“ и „РТЛ 2“ во периодот кога се прикажуваат боксерските мечеви.

Во ноември 2017 година, на барање од Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Агенцијата упати налог за затемување до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи да ги затемнуваат програмските сервиси „РТС“, „РТРС“ и „РТЦГ“ во периодот на емитување на телевизиската серија „Сенките над Балканот“.

### 20.3. Други активности во насока на заштита на имателите на правата

Во јуни 2017 година, по добиена претставка, Агенцијата го извести Координативното тело за интелектуална сопственост дека на територијата на Република Македонија се нуди ИП телевизија со назив на услугата „Platforma Digijtale Power ALB“ за која не се регулирани правата за реемитување во Македонија.

Во извештјната година, до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-Центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, Агенцијата достави и две информации за постоење сомневање за сторена повреда на авторските права и сродните права. Едното по барање на адвокатската канцеларија ДУКОСКИ од Скопје, полномошник на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, поради сомневање дека е сторена повреда на правата од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи Македонски Телеком АД Скопје и ОНЕ.ВИП ДОО Скопје, а втората по добиена претставка од адвокатското друштво Пепељугоски Скопје – полномошници на Друштвото за филмска и видео продукција Партизанс Скопје поради сомневање дека е сторена повреда од страна Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје.

## 20.4. Соработка со образовни институции во земјата

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 07.07.2017 година потпиша Меморандум за соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“, со цел размена на искуства, знаења, едукација и усовршување на кадри од областите во кои двете страни имаат кадровски како и други потенцијали и интереси. Соработката се однесува на изработка на заеднички истражувачки проекти, давање меѓусебна поддршка во организацијата на семинари, тркалезни маси, научни собири и секој друг вид на настани од заеднички интерес. Остварувањето на оваа соработка е засновано на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за високо образование, Законот за медиуми, подзаконските акти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ од Скопје и подзаконските акти на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 7 декември, Агенцијата, беше домаќин на студенти од Факултетот за Правни студии и новинарство при Државниот универзитет во Тетово и од Факултетот за Правни студии и новинарство и односи со јавноста при Универзитетот Гоце Делчев од Штип. На студентите им беа презентирани медиумската легислатива со осврт на актуелните предлози за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надлежностите, начинот на функционирање и обврските на Агенцијата во поглед на имплементација на релевантните закони, активностите што регулаторот ги презема во поглед на медиумската писменост, третманот на родовите прашања во медиумите, спроведените анализи и истражувања.

## 20.5. Предлог - одлуки за ослободување од плаќање радиодифузна такса и за определување обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги заклучно со 20.09.2017 година, до кога беше во сила Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), согласно член 136 став 2 и став 3 од истиот Закон, до Владата на Република Македонија достави:

○ четири предлог - одлуки за ослободување од плаќање на радиодифузна такса, за обврзниците во населени места што не се покриени со радиодифузните сигнали на ЈП Македонска радиодифузија преку кои се емитуваат програмските сервиси на МРТ. Предлог-Одлуките се однесуваат за:

- едно семејно домаќинство, од с.Вакуф, општина Кратово;
- едно семејно домаќинство, од с.Ковче, општина Македонски брод;
- шест семејни домаќинства, од с.Свињиште, општина Кичево (поранешна општина Другово) и
- две семејни домаќинства од с.Шопско Рударе, општина Кратово.

○ три предлог - одлуки за определување на обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса, на обврзниците во населените места кои биле ослободени од плаќање на радиодифузната такса, а кои ќе плаќаат радиодифузна такса поради обезбедено

покривање со радиодифузни сигнали на ЈП Македонска радиодифузија преку кои се емитуваат програмските сервиси на МРТ. Предлог-Одлуките се однесуваат за:

- 109 (сто и девет) обврзници од с.Чифлик, општина Желино;
- шест обврзници од с.Ново Село, општина Желино и
- 107 (сто и седум) обврзници од с.Копачин Дол, општина Желино.

Со оглед дека со Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој стапи во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ - 20.09.2017 година, се укина наплатата на радиодифузната такса, погоренаведените Предлог-одлуки не беа донесени од страна на Владата на Република Македонија.

### 20.6. Постапување по претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како орган кој е должен да постапува по одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/16 и 193/15), и во текот на 2017 година, продолжи да ги евидентира примените претставки согласно Правилникот за содржината, начинот и формата на водење евиденција на податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите како и содржината на извештаите, во Уписник за предметите по претставки и предлози (Образец УПП).
Во Уписникот за предметите по претставки и предлози на Агенцијата за 2017 година, согласно одредбите од Законот за постапување по претставките и предлозите, беа евидентирани вкупно 9 девет претставки односно предлози по кои е постапено во законски утврдениот рок.
Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, до Министерството за информатичко општество и администрација – Државен управен инспекторат, достави два Извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, еден за периодот од 01 јули до 31 декември 2016 година и еден за периодот од 01 јануари до 30 јуни 2017 година.

## 21. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во текот на 2017 година, согласно Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за периодОТ од 2017 година до 2019 година (бр.02-6269/1 од 07.12.2016 година) и Годишниот план за извршување на внатрешната ревизија за 2017 година (бр.02-6270/1 од 07.12.2016 година), а врз основа на претходни анализи и проценки на ризик, беа извршени четири ревизии.

Во првото тромесечје од 2017 година (во периодот од 9 јануари до 15 март) беше извршена ревизија врз безбедносната политика на Агенцијата за аудио и аудиовизелни медиумски услуги во областа на информациско – комуникациската технологија. Целта на спроведената ревизија беше обезбедување разумно уверување дека безбедносната

политика на Агенцијата во областа на информациско – комуникациската технологија е соодветна и истата се спроведува согласно политиките донесени од страна на раководството на Агенцијата.

Во периодот од 24 април до 21 јули 2017 година беше извршена ревизија на процесот на пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата. Оваа ревизија имаше за цел обезбедување разумно уверување дека внатрешните контроли воспоставени низ процесот на пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата се почитуваат, дека обезбедуваат навремена и точна пресметка на платите, како и дека истите се во согласност со законските прописи и со подзаконските акти поврзани со пресметката и исплатата на платите.

Третата ревизија се однесуваше на проектите финансирани од ИПА фондовите и истата беше спроведена во периодот од 21 август до 16 октомври 2017 година. Целта на оваа ревизија беше обезбедување разумно уверување за ефективното функционирање на контролите воспоставени во рамките на системот за управување и контролите на акредитираните структури за програмите за ИПА Компонента I.

Последната ревизија во текот на извештајната година беше спроведена во периодот од 8 ноември до 15 декември 2017 година и се однесуваше на Follow-up ревизијата на препораките дадени во извештаите на внатрешниот ревизор по повод ревизии кои што беа претходно извршени. Целта на оваа ревизија беше да се утврди дали препораките дадени од страна на Одделението за внатрешна ревизија се спроведуваат.

За секоја извршена ревизија беше изработен извештај во којшто беше дадено мислење од страна на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешна контрола и за усогласеноста на активностите со законските прописи и со подзаконските акти кои што ги уредуваат прашањата поврзани со процесите кои што беа предмет на ревизија.

# 22. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА

Во текот на 2017 година, Агенцијата продолжи да ги подига сопствените капацитети, преку обезбедување на нова опрема и обуки на вработените, кои треба да придонесат за зголемување на квалитетот и ефикасноста на регулаторното тело. Агенцијата во рамките на проектот ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи“ во 2016 година набави опрема со која се овозможи прием, снимање, чување и прегледување на содржините на телевизиските и радио програмските сервиси, кои се емитуваат на територијата на Република Македонија. Во првата половина на 2017 година се спроведе обука за вработените на Агенцијата и се правеше тестирање и надградување на системот, а во втората половина од годината, системот активно се користеше за мониторингот на медиумското покривање на Локалните избори и за редовните надзори планирани во годишната Програма за работа на Агенцијата.

По завршување на соодветните постапки за јавни набавки, за потребите поврзани со мониторинг на радио и телевизиските програми, Агенцијата ја модернизираше својата информатичка опрема така што набави 5 (пет) преносни компјутери и 35 (триесет и пет) десктоп (all in one) компјутери за мониторинг.

Советот на Европа на 27 и 30 јануари минатата година, во Скопје организираше наменска дводневна обука за стручната служба на Агенцијата, во рамки на проектот „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“. Првиот ден од обуката беше посветен на професионалните новинарски стандарди, врската меѓу демократијата и слободата на изразување/медиуми, потребата од воведување на квалитативни информации, медиумски одговорности и регулација (регулирање на медиумската дејност и механизми на саморегулација), како и на клучните меѓународни новинарски вредности што се појавуваат во етичките кодекси. Фокусот на вториот ден од обуката, беше ставен на зголемување на свесноста за стандардите на човековите права и работата на Европскиот суд за човекови права во областа на слободата на изразување и регулацијата на медиумите.

Во периодот од 5 до 11 октомври 2017 година, претставник од Агенцијата учествуваше во програмата Матра за обука за владеење на правото „Слобода на медиумите“, одржана во Хаг, Кралство Холандија. Програмата се организира од страна на Хелсиншкиот комитет на Кралството Холандија, хашката Академија за локална самоуправа и Правниот факултет од Лајден. Целта на Програмата е да придонесе за зајакнување на капацитетите на институциите во областа на владеењето на правото во рамки на владините организации во Албанија, Босна и Херцеговина, Грузија, Косово, Македонија, Молдавија, Црна Гора, Србија, Турција и Украина. Темите кои ги опфати обуката се однесуваа на лажните вести и социјалните медиуми, примената на европските директиви за медиуми во Холандија, независните регулатори и овластувањата на парламентот, интегритетот и преземањето одговорност во јавните медиумски сервиси, правните прашања за известувањето на телевизиите и на правото на информираност. Во рамки на обуката беа разгледани и ситуации кои бараат постигнување рамнотежа меѓу спротивставените фундаментални права – слобода на изразување и право на приватност. Исто така беше посочено дека потребно е да се постигне рамнотежа меѓу силите на приватниот пазар и интервенцијата на државата, како и помеѓу политичката отчетност и политичката независност.

Претставници на Агенцијата на 20 ноември присуствуваа на обука на тема „Новите медиумски платформи и авторското право“ која беше организирана во рамки на проектот со Советот на Европа, „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (ЈУФРЕКС)“. На обуката се дискутираше за: Улогата на аудиовизуелните регулаторни тела во обезбедувањето заштита на авторските права; Клучните аспекти на предлог-Директивата за авторски права на единствениот дигитален пазар; Предлог-Регулативата за определување на правилата за остварување на авторските права, применливи на одредени „on line“ трансмисии на радиодифузните организации и ретрансмисија на ТВ и РА програми; Примери од праксата на разни земји во Европа каде аудиовизуелниот регулатор има обврска да регистрира програмски пакети и да врши мониторирање на работата.

## 22.1. Учество на домашни настани (конференции и семинари од аудиовизуелната област)

Во текот на 2017 година претставници на Агенцијата учествуваа на неколку конференции, панел дискусии и дебати поврзани со „Родот во медиумите и влијанието на медиумите врз формирањето на ставовите, мислењата и реакциите“, „Професионалните стандарди помеѓу регулацијата и саморегулацијата“, „Медиумската писменост и (не)довербата на граѓаните во медиумите“; „Медиумска саморегулација и етички предизвици во медиумите“, „Заштита на личните податоци и медиумите“, „Иднината на комерцијалните терестријални ТВ канали на национално ниво – која е формулата за успех“.

Претставници на Агенцијата во текот на 2017 година учествуваа со презентации на двете меѓународни конференции „е-Општество.мк“. На конференцијата, насловена „Проверка на факти и влијанието на новите технологии врз новинарството“, одржана на 31 јануари 2017 година, претставници на Агенцијата учествува на сесиите „За медиумската писменост и барањето на граѓаните за повисок квалитет на медиумите“ и „Актуелната состојба на медиумите во Македонија. На 22 ноември се одржа и втората конференција, под насловот „Слобода и приватност“. Претставникот на Агенцијата беше панелист на сесијата „Слобода на изразување и медиуми - правни и институционални рамки“.

На 20 февруари 2017, беше одржана средба со претставници на Организацијата на потрошувачи на Македонија во врска со нивниот проект финансиран од ЕУ во рамки на ИПА, Програмата за граѓанско општество и медиуми 2014. Разговорот беше за начинот на спроведување на одредбите од медиумската регулатива кои се поврзани со нечесното пазарно однесување.

На 24 февруари 2017 година, по барање поддршка од страна на експертите за заштита на лични податоци, ангажирани за реализација на ЕУ ИПА ТАИБ 2012 проектот „Заштита на лични податоци и медиумите“, на Дирекцијата за заштита на лични податоци, Агенцијата испрати допис до сите радија и телевизии, за да тие се вклучат во истражувањето чија цел е да се добијат релевантни сознанија за заштитата на личните податоци во секојдневното работење на медиумите во контекст на правото на приватност и на правото на слобода на изразување и информирање.

Во април претставници на Агенцијата учествуваа на три работилници. Две работилници – тркалезни маси на тема „Медиумската свест и практика за правото на заштита на личните податоци и слободниот пристап до информации во Република Македонија“, беа организирани во рамки на проектот „Заштита на личните податоци и медиумите“ финансиран од ИПА ТАИБ 2012 програмата на Европската Унија, со поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Работилниците се одржаа на 10 април во Штип и на 12 април во Скопје. Агенцијата даде поддршка на проектот преку мотивација на медиумите да учествуваат на работилниците. Третата дводневна работилница ја организираше Македонскиот институт за медиуми на 20 и 21 април на тема „Правна заштита на новинарите согласно меѓународните стандарди и домашното законодавство“. Работилницата беше спроведена во рамки на заедничкиот проект на Европската Унија и на Советот на Европа, со наслов „Зајакнување на судската

експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“.

Претставник на Агенцијата говореше на дебатата организирана од Центарот за развој на медиумите на 25 април 2017 година, во врска со нивниот документ за јавна политика насловен „Професионалните стандарди помеѓу регулацијата и саморегулацијата“. Документот е подготвен во рамките на активностите на подготовка на предлози и решенија за имплементација на итните реформски приоритети и препораките од „Извештајот на Прибе“.

По повод Светскиот ден на слободата на медиумите (3 мај) претставници на Агенцијата учествуваа на настан организиран од делегацијата на ЕУ и беа дел од панел дискусијата насловена „Медиумската писменост и (не)довербата на граѓаните во медиумите“.

На покана од Советот за етика во медиумите, претставници на Агенцијата на 17 мај 2017 година учествуваа на националната конференција „Медиумска саморегулација и етички предизвици во медиумите“. Конференцијата беше организирана во рамки на проектот „РеФорМедиа“ што го спроведуваат МИМ и Мировниот институт од Љубљана со финансиска поддршка од ЕУ. На конференцијата беа промовирани неколку публикации – преводи на две публикации на ОБСЕ („Водич за саморегулација во медиумите“ и „Водич за саморегулација на онлајн медиумите), публикацијата „Известување во интерес на јавноста“ направена врз основа на работата на Комисијата за жалби и поплаки на Советот за етика во медиумите и „Преглед на искуства и практики од меѓународните совети за етика во медиумите“.

Претставник на Агенцијата беше еден од презентерите на работилниците одржани на 13 и 15 јуни 2017 година, организирани во рамки на проектот „Заштита на личните податоци и медиумите“ финансиран од ИПА ТАИБ 2012 програмата на Европската Унија, со поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

На 23 јуни претставници од Агенцијата учествуваа на конференцијата „Иднината на комерцијалните терестријални ТВ канали на национално ниво – која е формулата за успех“, организирана во рамки на проектот „РеФорМедиа“ што го спроведуваат МИМ и Мировниот институт од Љубљана со финансиска поддршка од ЕУ. На конференцијата беа промовирани две истражувања, првото насловено „Сопственички и финансиски модели на највлијателните ТВ канали во Македонија, во Хрватска и во Словенија, и второто – Програмска разновидност на највлијателните ТВ канали во Македонија, во Хрватска и во Словенија.

Претставници на Агенцијата на 7 јули учествуваа на дебатата насловена „Како до ефикасно справување со говорот на омраза“, организирана од Македонскиот институт за медиуми. На дебатата беше промовирана и анализа на тема – Ефикасноста на законската регулатива за заштита од говор на омраза. Дебатата и публикацијата финансиски се поддржани од Европската унија во рамки на проектот „РеФорМедиа“.

Претставници од Агенцијата на покана од Институтот за општествени и хуманистички науки од Скопје, кој во партнерство со Здружението на новинари на Македонија го спроведува проектот „Иницијативи за уредничка слобода: Нови политики и застапување

засновано на податоци“, дадоа интервјуа на повеќе прашања поврзани со медиумската регулатива. Целта на овој проект е да се направи проценка на ефектите на постојната медиумска регулатива врз уредничката слобода.

Претставник од Агенцијата на покана од Министерството за култура учествуваше на јавната расправа по Нацрт-Стратегијата за културен развој 2018-2022. Агенцијата потоа до Министерството за култура достави Мислење во врска со вториот текст на Нацрт-Стратегијата за културен развој 2018-2022, како дел од јавната расправа за документот.

На 20 октомври, на покана на Министерството за труд и социјална политика, претставничка на Агенцијата, учествуваше на јавна дебата за текстот на Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација. На 7 ноември 2017 година, Агенцијата до Министерството за труд и социјална политика испрати писмено Мислење во врска со Предлог-законот.

Претставници од Агенцијата на 9 ноември 2017 година, учествуваа на дебатата „Застапеност и квалитет на истражувачките новинарски текстови“ на која беа претставени наодите од вториот последователен мониторинг спроведен врз 10 медиуми во периодот март, април и мај 2017 година, во рамките на проектот „Истражувачко новинарство за поттикнување реформи“, што го спроведува Центарот за граѓански комуникации во партнерство со Балканска истражувачка мрежа БИРН и НВО Инфоцентар, а е финансиран од Европската Унија.

На 27 ноември 2017 година, претставници на Агенцијата учествуваа на тркалезна маса на тема „Предизвиците и патот пред нас во насока на јакнење на капацитетите на редакциите на јавниот сервис на јазиците на заедниците“ во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Од 6 до 10 декември 2017 година, претставници на Агенцијата беа дел од „Националната работилница за креирање на документ со препораки за воспоставување на систем за младинско информирање на локално и национално ниво“, која се одржа во Струга, во организација на Коалицијата на младински организации СЕГА и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Erasmus +). Во рамките на работилницата, беа презентирани и наодите од истражувањата спроведени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на тема „Младите и медиумите“, а претставник на Агенцијата одговараше и на прашања поврзани со учеството на регулаторот во спроведувањето на Акцискиот план и Националната стратегија за млади на Р. Македонија 2016-2025, можностите на постојната структура за младинско информирање и за понатамошен развој, можностите за младинско информирање кои ги нуди непрофитниот радиодифузен сектор, односно трите Универзитетски радија во Скопје, Штип и Битола, како и за програмите од интерес на младите во продукција на Јавниот радиодифузен сервис МРТВ и можностите за непосредно влијание во обезбедувањето на ваков вид на програми преку Програмскиот совет на МРТВ.

На 15 декември 2017 година, претставник на Агенцијата учествуваше на настан на тема „Индекс на клиентелизмот во медиумите: мерење на реалноста“ во организација на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик“ од Скопје. Настанот беше

организиран во рамки на проектот „Одговор на граѓаните на клиентелизмот во медиумите – медиумски круг“.

## 22.2. Учество на други настани

Во извештајната година, вработени во Агенцијата учествуваа и на одредени обуки, семинари или работилници коишто не се од аудиовизуелната област, но се во функција на зголемување на професионалните капацитети: семинар на тема: Составување на годишна сметка за 2016 година, организиран од страна на ФВ Консалтинг, одржан на 08.02.2017 година во хотел Континентал во Скопје; обука на тема „Работни односи и постапката на извршување во работните односи согласно новиот Закон за извршување“, организирана од страна на Асоцијација за правно – економски истражувања и едукација „Јуридика“ и Бизнис Конфедерација на Македонија, одржана на 16 февруари 2017 година; семинар на тема: „Примената на Законот за заштита на личните податоци: потреба од усогласување со Регулативата за заштита на лични податоци на ЕУ и нејзините импликации врз работењето на правните лица“, организирана од Институтот за правно-економски истражувања и едукација ЈУРИДИКА ПРИМА, одржана на 15 март 2017 година; 76-та средба на правниците, организирана од страна на Здружението на правници на Република Македонија, одржана во периодот од 4–6 мај 2017 година во Охрид; семинар на тема: Обуки за Континуирано професионално усовршување (КПУ), организирана од страна на Економско Правен Консалтинг ФВ, одржана на 10 октомври 2017 година во хотел Континентал, Скопје; 77-та средба на правници, организирана од страна на Здружението на правници на Република Македонија, одржана во периодот од 2 – 4 ноември 2017 година во Струга; работилница на тема: „Правата на жените и родовата еднаквост во Целите за одржлив развој“ организирана од страна на МНР и Платформата за родова еднаквост, одржана во периодот од 13 – 14 ноември 2017 година во Велес; семинар на тема: Обуки за Континуирано професионално усовршување (КПУ) – Програма за дводневно КПУ, организирани од страна на Економско Правен Консалтинг ФВ, одржана во периодот од 20 – 21 ноември 2017 година во хотел Континентал, Скопје; конференција на тема: Известувањето на медиумите за судски постапки – состојба и предизвици“, организирана од страна на Македонскиот институт за медиуми, во рамките на проектот Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и за медиумите во Југоисточна Европа JUFREX, кофинансиран од Европската Унија, одржана на 14.12.2017 година во хотел Александар Палас, Скопје и семинар на тема: Обуки за Континуирано професионално усовршување (КПУ) – организирани од страна на Економско Правен Консалтинг ФВ, одржан на 20 декември 2017 година, во хотел Континентал, Скопје и советување на тема: „Поим и содржина на тужба, дефиниција и услови за поднесување тужба за утврдување како посебен вид на тужба од член 177 од Законот за парнична постапка, со посебен осврт на тужба во работни спорови пред судовите во Република Македонија“, организирано од Стопанската комора на Македонија, одржано на 25.03.2017 година, во Банско, Република Бугарија.

# 23. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА

Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година изнесуваше 124.163.472,00 денари. Во усвоениот финансиски план беа предвидени активности согласно надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Изборниот законик.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2017 година се однесуваа на приходите кои беа планирани да се остварат од радиодифузна такса, и тоа во износ од 47.000.000,00 денари, од годишен надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 52.150.000,00 денари, од Буџетот на Република Македонија во износ од 8.200.000,00 денари и од надоместок за надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во износ од 8.000.000,00 денари. Останатите средства на приходната страна претставуваа пренос на средства од минати години, и тоа во износ од 8.813.472,00 денари.

Вкупните остварени приходи во 2017 година изнесуваа 111.650.677,00 денари. Овие приходи беа остварени од следните извори:

- Приходи од наплата на радиодифузна такса во износ 42.268.113,00 денари;
- Приходи остварени од надоместокот за дозволите за телевизиско и радио емитување во износ од 57.360.228,00 денари;
- Приходи од надзор за реемитување програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 8.165.238,00 денари;
- Приходи од Буџетот на Република Македонија за исплатени финансиски средства за покривање на направените трошоци на Агенцијата во врска со изборните активности во 2017 година, во вкупен износ од 3.174.497,00 денари;
- Приходи од камати, средства по видување и позитивни курсни разлики во износ од 4.811,00 денари и
- Други приходи во износ од 677.790,00 денари.

Средствата кои според Финансискиот план на Агенцијата за 2017 година беа планирани да се остварат од радиодифузна такса изнесуваа 47.000.000,00 денари, а се реализираа приходи во износ од 42.268.113,00 денари.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), радиодифузната такса заклучно со 30.09.2017 година беше јавна давачка и од неа се финансираа:

- ЈП Македонска радио – телевизија,
- ЈП Македонска радиодифузија и
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со новите законски измени, односно во член 135 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека *„средствата за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко – технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната*

*радиодифузна мрежа и за работа на Агенцијата, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија“.* Став 2 од истиот член вели дека од Буџетот на Република Македонија ќе се одвојуваат 0,5% за остварување на целите од ставот (1) на овој член, додека согласно став 3 од истиот член, корисници кои се финансираат од овие средства се ЈП Македонска радио–телевизија, ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Од 42.268.113,00 денари кои се остварија од наплата на радиодифузна такса, 30.268.113,00 денари се прибрани средства по однос на наплата на радиодифузна такса, додека 12.000.000,00 денари се средства од Буџетот на Република Македонија, наменети за финансирање на Агенцијата.

Наплатените средства за дозволи за телевизиско и радио емитување во 2017 година, во износ од 57.360.228,00 денари, се повисоки во однос на планираните со Финансикиот план и во 2017 година Агенцијата поради неплаќање, односно непочитување на член 80 став 5 од горенаведениот закон, ги одзеде дозволите за телевизиско емитување на ТРД ТВ АРТ Артан ДОО Тетово и ТДР ИНТЕЛ ДОО Струмица и дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево.

Агенцијата од Буџетот на Република Македонија искористи средства во вкупен износ од 3.174.497,00 денари. Овие средства беа наменети за направените трошоци на Агенцијата во врска со изборните активности, и тоа:

- 396.965,00 денари за исполнување на законските обврски по повод Предвремените парламентарни избори кои се одржаа на 11 декември 2016 година и

- 2.777.532,00 денари за исполнување на законските обврски поврзани со Локалните избори кои се одржаа на 15 октомври 2017 година.

Наплатените приходи во 2017 година по основ на надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа изнесуваа 8.165.238,00 денари. Во 2017 година, сите оператори го платија надоместокот за надзор.

Од камати, средства по видување и позитивни курсни разлики се остварени средства во износ од 4.811,00 денари. Тоа се приходи од средствата кои Агенцијата ги има на својата жиро сметка во деловната банка.

Од други приходи се остварени средства во износ од 677.790,00 денари, кои се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување лифтови и платформа и уплата за тендерска документација.

Вкупните расходи во 2017 година изнесуваа 90.027.617,00 денари.

Структурата на направените расходи е следна:

- за потрошени суровини и материјали, односно за набавка на ситен инвентар во употреба, за набавка на горива за службените моторни возила на Агенцијата, за набавка на канцелариски материјали, тонери, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, како и за монтирање, набавка на автомобилски гуми, резервни делови и дополнителна опрема за службените возила, средства во износ од 609.214,00 денари;

- за потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија износ од 2.451.863,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата износ од 842.194,00 денари наменети за одржување и сервис на компјутерска мрежа и активна опрема, за одржување на системот за снимање на аудио и видео записи, за одржување на службени моторни возила, за одржување на постојната WEB страна на Агенцијата, за одржување и сервис на копир апарати, принтери и факс апарати, за одржување на противпожарна – СПРИНКЛЕР инсталација и ПП апарати, за техничко одржување на лифтови и платформа, за модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и одржување на дополнителен модул на постојното апликативно решение „Систем за електронски регистар на јавни комуникациски мрежи“;
- за печатарски услуги износ од 279.064,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги износ од 1.250.557,00 денари;
- за издатоци за репрезентација износ од 404.672,00 денари;
- за наемнина за користење на градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во Република Македонија и за одржување на меѓународна регулаторна конференција за медиуми и свеченост беа потрошени средства во износ од 1.116.784,00 денари;
- издатоци за судски и административни такси и набавка на весници, стручна литература и интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на Република Македонија и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. износ од 854.090,00 денари;
- за расходи за технички преглед и регистрација на моторни возила износ од 23.677,00 денари;
- за провизии за платен промет и банкарска провизија износ од 93.314,00 денари;
- за отплата на кредит, камати за кредит и отплата на ануитети за земен кредит се потрошени средства во износ од 12.834.423,00 денари;
- за премии за осигурување на опремата која ја поседуваме, како и осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување износ од 235.913,00 денари;
- за исплата на дневници за службени патувања и патни трошоци во земјата и странство износ од 1.474.407,00 денари;
- за други надоместоци за вработените износ од 740.778,00 денари;
- за надоместоци на трошоци на членовите на Советот на Агенцијата, за еден месечен надоместок за сите членови на АД ХОК телото (исплатен во јануари 2017 година), како и за надомест на трошоци за патување (превоз до работа и од работа) износ од 8.169.778,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики износ од 3.331,00 денари;
- за годишна членарина во меѓународни организации износ од 150.480,00 денари;
- за договорни услуги (договор на дело), ангажирање на привремени вработувања преку Агенција за привремени вработувања за време на изборна кампања, за

ангажирање на едно лице домар, за ангажирање на едно лице возач, за ангажирање на биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории се потрошени средства во износ од 4.998.314,00 денари;

- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 137.674,00 денари;
- за нотарски услуги и услуги од извршители се потрошени средства во износ од 40.791,00 денари;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените износ од 64.630,00 денари;
- за анализа на родовите прашања, за податоци од електронско мерење на гледаноста на ТВ програмите, за податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици и истражување на мислењето на публиката се потрошени средства во износ од 1.607.500,00 денари;
- за други услуги од правни лица износ од 26.666,00 денари;
- за останати други расходи, и тоа за службени огласи, ревизорски услуги, интернет пристап до Централен регистар, интернет конекција и хостирање на WEB страната на Агенцијата, за исполнување на обврски кои произлегуваат од Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство, за доставување на сигнал за системот за мониторинг на медиумските содржини за потребите на Агенцијата (за опрема која се испорача согласно ИПА проектот 2011) и за други трошоци износ од 5.080.661,00,00 денари;
- за национално кофинансирање на ИПА проекти се потрошени средства во износ од 7.746.887,00 денари;
- за исплата на рати за купеното службено моторно возило за потребите на Агенцијата се потрошени средства во износ од 396.168,00 денари;
- за извршени набавки на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема – компјутери и за набавка на ИКТ средства се потрошени средства во износ од 2.435.160,00 денари;
- за набавка на друга опрема се потрошени средства во износ од 56.050,00 денари;
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се исплатени средства во износ од 35.894.249,00 денари и
- за трошоци за даноци средства во износ од 8.328,00 денари.

Признавањето на приходите и расходите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се спроведува според модифицираното начело на настанувањето на деловните промени и трансакции на начин утврден со член 13 од Законот за сметководство за непрофитни организации и член 18 од Правилникот за сметководство на непрофитни организации.

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

**Прилог бр.1**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2016 ГОДИНА** | | | |
| **рб** | **Назив на Радиодифузер** | **Прекршен член од Изборниот законик (ИЗ)** | **датум на поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд** |
| **ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ СО БАРАЊЕ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ ГЛОБА** | | | |
| **1** | Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај | спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај на 9 декември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути (ППР) за политичките партии на власт – Коалицијата на ВМРО – ДПМНЕ и др.<br><br>Прекршокот е повторен | 18.01.2017 година |
| **2** | ЈРП Македонска Радио Телевизија – Прв Програмски сервис (МТВ1) | спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, ЈРП Македонска радио телевизија – Прв Програмски сервис (МТВ1), на 11 декември во два прилога/извештаи од заедничка прес-конференција на (МВР) и на (БЈБ), емитувани во ТВ-дневниците од 15 и од 17 часот, проследена е изјава на Митко Чавков, директор на Бирото за јавна безбедност, кој е носител на функција на орган на власта, со што е прекршен изборниот молк.<br><br>Прекршокот е повторен | 11.01.2017 година |
| **УСПЕШНО СПРОВЕДЕНИ ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ ЗА ПОРАМНУВАЊЕ** | | | |
| **1** | Трговското радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, Подружница Штип | Прекршени одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик,<br>ХДТВ КАНАЛ ПЛУС на 7 и 9 декември 2016 година, во еден реален час емитувале повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии на власт.<br><br>Прекршокот е повторен | Постапката за порамнување е успешно завршена, бидејќи ХДТВ Канал Плус го платија износот предвиден во платниот налог и е потпишан записник за успешно порамнување |
| **2** | Радиодифузно трговско друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ“ ДООЕЛ Прилеп | Прекршени одредби од член 76-б став 3 од Изборниот законик,<br>На 11-ти декември 2016 година, објави информации, фотографии и аудиовизуелен материјал поврзан со учесник во изборите и емитуваше изјава на носител на функција во орган на власта, со што е прекршен изборниот молк.<br><br>Прекршокот е повторен | Постапката за порамнување е успешно завршена, бидејќи ТВ Сонце го платија износот предвиден во платниот налог и е потпишан записник за успешно порамнување |
| **3** | Трговското радиодифузно друштво „КОМПАНИ 21-М“ ДООЕЛ Скопје | Прекршени одредби од член 76-б став 3 од Изборниот законик,<br>На 11 декември 2016 година, во рамки на програмата „Отворено студио“, како дел од емитуваната снимка од прес-конференција на (МВР) и (БЈБ) емитувана е изјава на директорот на Бирото за јавна безбедност, Митко Чавков, кој е носител на функција во орган на власта, со што е прекршен изборниот молк.<br><br>Прекршокот е повторен | Постапката за порамнување е успешно завршена, бидејќи Компани 21-М го платија износот предвиден во платниот налог и е потпишан записник за успешно порамнување |

**ПОВЕДЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗБОРИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ И СОВЕТОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ И ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ОДРЖАНИ ВО 2017 ГОДИНА**

| рб | Назив на Радиодифузер | Прекршен член од Изборен законик (ИЗ) | датум на поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка до надлежни судови |
|---|---|---|---|
| 1. | Трговско Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје, на 28 септември и на 1 октомври 2017 година, на еден реален час емитувана програма, одвои повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција. | 04.10.2017 година |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје | спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, на 26 и на 28 септември 2017 година, на еден реален час емитувана програма, одвои повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање за политичките партии во Собранието што немаат пратеничка група. | 04.10.2017 година |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип | спротивно на член 77 став 2 од Изборниот законик, ТРД „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип, на 1 октомври 2017 година, емитуваше прилог со резултати од испитување на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес за Локалните избори 2017 година, при што не ги наведе податоците за веродостојноста на испитувањето, односно за: нарачателот на испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. | 05.10.2017 година |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип | спротивно на член 76 став 4 од Изборниот законик, ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип на 4 и на 5 октомври 2017 година емитуваше платено политичко рекламирање во две изданија на посебната информативна програма (дебатна емисија) „24 Отворено“, преземена од програмскиот сервис ТВ 24 Вести. | 07.10.2017 година |
| 5. | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 76 став 4 од Изборниот законик, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 4 октомври 2017 година емитуваше платено политичко рекламирање во едно издание на посебната информативна програма (дебатна емисија) „Клик Плус“ | 09.10.2017 година |
| 6. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 75 став 1 од Изборниот законик, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје не обезбеди избалансирано покривање на Локалните избори 2017 година во дневно - информативните емисии - две изданија на Вестите, во 17 часот и 30 минути и во 23 часот, во периодот од 25 септември до 4 октомври 2017 година. | 12.10.2017 година |
| 7. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 77 став 1 од Изборниот законик, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје на 10-ти и 11-ти октомври 2017 година, емитуваше прилози со резултати од испитувањето на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес на Локалните избори 2017 год. по истекот на законски пропишаниот рок за тоа, најдоцна 5 дена пред денот определен за одржување на изборите за првиот круг на гласање (9 октомври 2017 година). | 13.10.2017 година |
| 8. | Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај | спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, го прекрши изборниот молк, на начин што во рамките на својот програмски сервис, емитуван на 14.10.2017 година, објави аудиовизуелен материјал во кој учествува учесник во изборите. | 16.10.2017 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9.** | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | спротивно на член 75 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, во периодот од 5-ти октомври до 13 октомври 2017 година не обезбеди избалансирано покривање на Локалните избори 2017 година во дневно - информативните емисии - вестите, во 20:00 часот. | 20.10.2017 година |
| **10.** | Трговско Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 76 став 2 од Изборниот законик, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 20, 21, 22 и 23 октомври 2017 година емитуваше платено политичко рекламирање во кое нарачателот на рекламирањето не беше јасно означен | 25.10.2017 година |
| **11.** | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје, на 26 и 27 октомври 2017 година, на еден реален час емитувана програма, одвои повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција. | 30.10.2017 година |
| **12.** | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1) | спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, го прекрши изборниот молк во вториот круг на Локалните избори 2017 година, на начин што во рамките на својот програмски сервис, емитуван на 29.10.2017 година, емитуваше две изјави на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љ.Н., кој е носител на функција во орган на власта. | 31.10.2017 година |
| **13.** | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 75 став 1 од Изборниот законик, програмскиот сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година (во последните 10 дена од изборната кампања во вториот круг од Локалните избори), не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. | 03.11.2017 година |
| **14.** | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 75 став 1 од Изборниот законик**,** програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 18 до 27 октомври 2017 година (во вториот круг од изборната кампања), не обезбеди непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма. | 03.11.2017 година |

**Преземени мерки – опомени, предлози до Советот за одземање на дозволата на радиодифузерите и решенија за бришење од регистарот на радиодифузери од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2017 година**

| РЕШЕНИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА – ОПОМЕНА ОД СТРАНА НА АВМУ ДО РАДИОДИФУЗЕРИТЕ (ТРД)<br>41 (четириесет и една) превземени мерки - опомени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Рб. | **Назив на радиодифузерот на кого му е доставено решението** | **Уп 1 број и датум на решението** | **Одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ)/Законот за медиуми (ЗМ)/подзаконски акт која е повредена** | **Опис на дејствието поради кое на радиодифузерот му е доставено решението од страна на Агенцијата** |
| 1. | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-61 од 15.02.2017 година | Член 64 став 3 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Водителот на емисијата „Јади бурек“ остварил контакт во живо со Џејсон Мико, американски аналитичар, при што разговорот е емитуван на англиски јазик, без да биде преведен на македонски јазик со што е сторено прекршување на член 64 став 3 од ЗАВМУ. |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр.03-217 од 07.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори. |
| 3. | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје | Уп 1 бр.03-235 од 27.04.2017 година | Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | На 17 март 2017 година, воопшто не е емитувана вокална и/или вокално – инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори. |
| 4. | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци | Уп 1 бр.03-236 од 27.04.2017 година | Член 15 став 5 од Законот за медиуми | Во законски предвидениот рок (31 март 2017 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа |
